# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од првото продолжение на Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 април 2001 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ**

Да утврдиме точен број присутни пратеници во салата, бидејќи по податоците од системот имаме 62 пратеници.

Службите нека го утврдат точниот број на присутни пратеници.

Молам, пратениците што се во холот, а ја ставиле картичката овде, нека влезат во салата. Не можеме да почнеме со работа, токму заради тоа што имаме 63 картички, а 56 пратеници.

Ги молам пратениците да влезат во салата, за да можеме да почнеме да работиме. Не можеме за двајца пратеници да работиме.

Молам, уште еднаш службите да утврдат точен број на присутни во салата. Сега имаме доволен број пратеници и можеме да почнеме со работа.

Продолжуваме со работа по Шеесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љупчо Анушев и Вангел Симев ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 62 пратеници, односно сега се 63.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на пратенички прашања.

Ве известувам дека Владата на Република Македонија достави одговори на пратеничките прашања на пратениците: Аслан Селмани, Крале Спанчевски, Златко Стојменов, Никола Поповски, Илија Илоски, Илија Филиповски, Стојан Андов, Љубисав Иванов, Насер Зибери, Саво Климовски, Илјаз Сабриу, Амди Бајрам, Слободан Даневски, Ѓорѓи Котевски, Павле Тодоровски, Љатиф Пајковски, Горанчо Трајков, Алија Шахиќ, Трајко Гешовски, Ризван Сулејмани, Ристо Спанаков, Радомир Карангелески, Филип Петровски, Фатмир Етеми, Оломан Сулејмани, Стојан Ковачевски, Александар Гештаковски, Исмет Рамадани, Кирил Настевски, Коце Трајановски, Илија Пранговски, Томислав Петровски, Данило Глигоровски, Илија Лазаров, Митко Тилевски, Абдулади Вејсели, Замир Дика, Назми Кадриу, Мирко Иванов, Никола Јованов, Нано Ружин, Азис Положани, Коце Трајановски, Васил Гаџовски, Љупчо Анушев, Илија Илоски, Сејфедин Харуни и Вангел Симев.

Дали пратениците што ги поставија овие прашања во врска со истите имаат дополнителни прашања.

Дали овие пријавените за сега што го читав списокот?

Тие се јавиле да постават прашања. Јас прашувам сега.

За збор се јави господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, мораме прво да истакнеме дека малку во непријатна состојба се пратениците, бидејќи поставените прашања, барем за моите пратенички прашања се поставени некаде точно близу една година. Пратеничкото прашање е поставено на 21.06.2000 година, на 51-та седница, а одговорот го добивме, морам да истакнам, за мене, барем во благовремен рок од страна на Владата добиен е на 13.07. Но, деловничката постапка за остварување на правото на овој многу важен и битен институт треба да се остварува во друга прилика и сигурно ќе зборуваме кога ќе биде за работењето по точката на дневниот ред. Но, некои прашања, иако ги поставуваме како актуелни, дневни политички, некои имаат свое долгорочно значење и во друга смисла е битно и важно да видиме и за овој долг период што направила Владата барем за една година, ако прашањето не е дневно. Јас добив одговор на моето поставено пратеничко прашање што е преземено во однос на заштита на Преспанското езеро или на така наречениот Парк - Преспа. По тој дел делумно сум задоволен од одговорот од Министерството за екологија, но имам дополнително прашање и сметам дека Владата треба да формира посебен фонд

за заштита на Преспанското езеро, бидејќи тоа е прогласено за парк од трите држави, Албанија, Грција и Македонија. Тоа е за првиот дел.

Имав и втор дел на моето пратеничко прашање на кое Владата не ми даде одговор, ниту се обиде да ми даде одговор. Тоа е прашањето кое гласеше, врз основа на изјавите на тогашниот министер за надворешни работи, врз основа на оредени сознанија на Владата ветуваше дека во најкраток можен рок ќе биде отворен граничниот премин меѓу Република Македонија и Република Грција на Маркова нога. Тие изјави даваа, односно беа давани од Владата и до ден денеска не е ништо направено.

Повторно го поставувам прашањето до Владата, до каде се работите и постапките околу отворањето на овој многу значаен граничен премин, како за развој на туризмот во Македонија на Охридско - преспанскиот регион, а посебно на граѓаните од тој реон на Република Македонија. Доколку има претставник на Владата, јас не ги гледам, би сакал да ми одговори усно. Тоа е едно од прашањата.

Исто така, има поставено пратеничко прашање во делот што презема Владата во однос на измена на начинот, постапката, критериумите, износот за паричниот надомест на социјално загрозените граѓани. Во тој период ми беше одговорено дека Владата не размислува за измена и дополна на таа одлука и дека ќе партиципира со одредена хуманитарна помош. Во најново време врз основа на тие согледувања имам сознанија дека Владата на последните седници презела нешто во однос на измена на таа одлука, па го користам присуството на потпретседателот да бидам информиран и сигурно тоа укажување на нас како пратеници, има одредено влијание. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Бедредин Ибраими, министер за труд и социјална политика и заменик премиер.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, во врска со првото прашање преземаме обврска да дадеме одговор во писмена форма.

Во однос на второто прашање во врска со социјалната помош на корисниците во Република Македонија, информациите се точни кои ги имаше пратеникот Гештаковски. Одлуката која беше донесена во соработка со Светската банка, каде што после три години социјалната помош се намалуваше за одреден процент, се направи корекција, нормално повторно во соработка со Светската банка и со нивна согласност, така што социјалната помош во иднина нема да се намали до 50% или пак да се укине во целина после три години, туку таа ќе се намали само до 70%. Во другиот дел, значи разликата од 100% до сега на сите тие корисници кои биле опфатени со оваа одлука им е помогнато, односно таа разлика е надоместена во вид на материјална помош преку Црвениот крст и други хуманитарни организации кои делуваат во Република Македонија. Така, може во оваа насока корисниците на социјална помош да бидат поспокојни дека нема да има понатамошно намалување на висината на социјалната помош.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Господин Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Треба да се поздрави потегот на Владата врз основа на овие социјално загрозени граѓани на кои се повеќе бројот расти и некаде изнесува 76.000 семејства. Сигурно, сум задоволен и треба да ја поздравиме оваа одлука на Владата.

Што се однесува до делот на прашањето на кое барам одговор, се согласувам да биде во писмена форма, но согласно Деловникот барам да биде третирано како дополнително прашање. Бидејќи, доколку сум незадоволен, согласно Деловникот да барам да влезе на дневен ред. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кога ќе добиете одговор, тогаш ќе настапите.

Молам, дали некој друг од овие пратеници има прашање.

Господин Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас само сакам да кажам дека по писмениот одговор за моето пратеничко прашање имав дополнително барање за одговор од Владата за состојбата со работниците во "Македонка". Меѓутоа, бидејќи и не бев задоволен од прашањето како е одговорено, истото го разгледував со претставниците и штрајкувачите од "Македонка" и тие не се задоволни од начинот како е објаснето таму решавањето на проблемите во текстилниот комбинат

"Македонка", но сметам дека не треба да го поставам тоа дополнително прашање, затоа што Собранието вчера го усвои барањето за дополнување на дневниот ред со проблемот за "Македонка" и мислам дека таму тоа ќе биде опфатено. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако нема друг за прашања, тогаш да поминеме на поставување на нови прашања.

Господинот Илија Филиповски.

**ИЛИЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, јас го поставив прашањето во врска со изгубените пари во Алмако банка. Со одговорот не сум задоволен, бидејќи на сите мои поставени прашања, мислам тези во прашањето, немам добиено соодветен одговор и барам дополнително Владата да достави одговор согласно на прашањето како е поставено. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас за разлика од своите колеги од кои некој е делумно задоволен, а некој не е задоволен, јас незнам дали да ја пофалам Владата или да ја критикувам. Бидејќи поставив пратеничко прашање до Министерството за стопанство, така што до ден денеска немам добиено одговор на моето поставено пратеничко прашање. Што тоа значи? Значи дека не сум задоволен од нивната работа, бидејќи ни ден денеска немам добиено одговор на моето поставено пратеничко прашање. Се надевам дека во брза иднина министерот, бидејќи е тука, ќе ми одговорат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, кој е надлежен да одговори?

Господинот Фетаи, министер за економија.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам за ова прашање до Министерството за економија сега не е доставено такво прашање, но јас ќе го побарам од Собранието на Република Македонија и на наредната седница на Собранието на Република Македонија ќе дадам одговор на ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, може.

Бидејќи сега никој не се јавува други од овие што ги прочитавме, одиме на новата листа. Сега е 12,30 часот, во 13,15 ќе престанат пратениците од опозицијата да поставуваат прашања, а ќе добијат 15 минути право да поставуваат прашања од мнозинството.

Господин Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, претставници на Владата. Оваа 2001 година неколку месеци наназад јавноста во Струга и пошироко во Македонија секојдневно со загриженост прашуваат што ќе биде со јубилејот 140 години од излегувањето од печат на Зборникот на народни македонски песни на браќата Миладиновци во градот Ѓаково. Имено, во 1861 година, таа далечна година, со помош на бискупот Јосиф Јурај Штросмаер за прв пат се печатени со кирилично писмо собраните македонски народни песни од браќата Димитар и Константин Миладинови.

Денот на јубилејот се наближува. Најавени се во Ѓаково Хрватска две делегации кои што сакаат да учествуваат на овој јубилеј. Едната е од Република Македонија, а другата е од Република Бугарија. Хрватската страна, посебно градоначалникот на Ѓаково во име на Советот на општината и во име на Хрватската влада се обраќа со писмо и препорачува двете делегации кои што најавиле поставување спомен обележја на браќата Миладиновци, споменици, треба да се договорат. Ѓаково нема да дозволи два споменика за истите великани, дејци од Македонија. Кој споменик ќе се постави, Македонскиот или оној со силна пресија на Бугарската амбасада во Хрватска во Загреб. бугарскиот. Градоначалникот вели, повелете ќе ни биде драго да ве пречекаме, ама на едно место за истите дејци два споменика не бива. Од она што читаме во јавните гласила, а и во медиумите знаеме и гледаме дека Струга, Одборот составен од локалната самоуправа за прослава на овој јубилеј и учество во Ѓаково Република Хрватска, грчевито се борат да се постави споменик на браќата Миладиновци, биста која што е копија од пред спомен домот на

Миладиновци во Струга. Тие се цврсто решени тоа да го направат.

Второ, читавме реагирање и соопштение на семејството на наследниците на браќата Миладиновци, кои исто така ја бараат правдата, Струга да го одбележи овој ден со поставување на спомен биста. Читавме и за реагирањето на Македонската заедница во Хрватска, која што е многубројна и бара Македонија што побргу да презентира своја програма. Ние на оваа седница усвоивме на дневен ред точка со која што ќе усвоиме програма за одбележување на настани и личности. Малку доцниме, но можеби ќе стигнеме.

Понатаму, сакам да кажам дека и Министерството за култура и министерката Ганка Самоилова реагираше дека Македонија ќе оди со своја делегација и министерот за култура ќе оди на чело на таа делегација, без оглед на тоа кои други и која друга држава ќе учествува на тој јубилеј и кои други ќе сакаат да оддадат почит на овие великани.

Тоа е се во ред, но што со споменикот, кој ќе постави споменик на Миладиновци Македонија или Бугарија? Нема договор, немаме одговор од повисоко ниво, немаме одговор или транспарентност на министерот односно Министерството за надворешни работи - дипломатијата, дали реагирале или ако и тоа е направено, неодамна имаше прилика највисокото државно раководство да контактира со највисоките бугарски претставници кои беа по друг повод во Македонија и мислам дека јавноста бара одговор на тоа прашање дали е разговарано на највисоко ниво, дали е интервенирано оваа политичка контаминација на овој проблем, дали ќе ги осквернави великаните на Македонската преродба во XIX век?

Тоа е целта на моето прашање да се даде одговор дали од највисоко место - Владата, а можеби и Претседателот на државата направил некои контакти и дали ќе им помогнат на стружани да го постават спомен обележјето на браќата Миладиновци во Струга по повод 140-годишниот јубилеј.

Струга и стружани кој службено кој приватно се решени заедно со споменикот да тргнат на денот на јубилејот во Ѓаково да го постават овој споменик.

Молам Владата да им помогне во тоа, да не пукне срам таму каде ние на балкански начин знаеме и да ја расипеме целата прослава.

Струга е упорна со право заради тоа што вели родното место има и должност има и право да постави споменик, бидејќи не можат Миладиновци да се родат на две места еднаш во Струга Република Македонија, еднаш во Република Бугарија. Тоа е јасно и мислам дека овој јубилеј треба на најдостоинствен начин да се одбележи и користам прилика Хрватската амбасада во Македонија апсолутно да помогне во реализацијата на прославата на јубилејот 140 години од Зборникот на Миладиновци. Впрочем, тоа е должност на Струга со реципроцитет, бидејќи во Струга постои биста на Штросмаер поставена во родното место и во Спомен домот на Миладиновци во Струга. Ова би било реципроцитет на таа обврска и должност на стружани.

Второто прашање, ќе бидам пократок, е во врска со покренатото прашање вчера со Хотелот "Бисер", како подарок на"Електростопанство" на Македонија бидејќи Електростопанството припаѓа во Министерството за економија, прашањето е од еден друг агол, колку одземањето или евентуалната пренамена на Хотелот "Бисер" ќе влијае на туристичкото стопанство во Македонија, бидејќи "Бисер" е најрепрезентативен хотел во Македонија по својот природен и староградски амбиент и реално вклопен во композиција со Манастирот "Света Богородица", а Манастирот датира од XIII век.

За право на вистината ќе кажам дека не е спорно дека "Бисер" е поставен заедно со сите пропратни објекти и терени на црковно земјиште, на земјиште на Македонската православна црква. Но, стружани со право, никој не може да им го одземе тоа право, расправаат и дискутираат што ќе биде со "Бисер" понатаму ако се пренамени, како што пишува печатот, во Средно теолошко училиште, тогаш ќе биде лошо за развој на туристичкото стопанство и на туризмот во тој дел на Македонија и на струшкиот дел на обалата на Охридското Езеро.

"Бисер" е, емотивно да кажам, 40 години најстариот хотел во Струга и да бидам емотивен тој е првата љубов во туризмот на стружани и мислам апсолутно нема веројатно да се оди во таа насока.

Втората варијанта за тоа да се развива таканаречен манастирски туризам со нашето иселеништво, мислам македонско, можеби ќе биде добра варијанта и добра перспектива дури и преку цела година капацитетите на "Бисер" да бидат запоседнати и искористени таму каде е изворот на културата и на историјата, каде

генерациите, поколенијата на нашето иселеништво ќе можат да се запознаат со старата татковина.

До Министерството за економија, ако има некои сознанија, бидејќи информацијата беше многу штура во печатот само подарување, да се каже нешто пошироко оти стружани не сакаат "Бисер" да биде пренаменет, стружани не сакаат "Бисер" да биде недостапен, "Бисер" да биде хотел и понатаму без оглед на тоа во чија сопственост ќе биде, да биде достапен до сите граѓани на Македонија. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да ви укажам да бидат пократки образложенијата за да можат повеќе пратеници да постават прашања.

Молам на првото прашање да одговори господинот Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Со оглед на тоа што ресорниот министер за култура не е присутна, на поставеното прашање во врска со настанатиот спор со бистата на браќата Миладиновци во Ѓаково - Хрватска, ќе дадеме одговор во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Второто прашање е до министерот за економија господинот Фетаи.

**БЕСНИК ФЕТАИ:**

Што се однесува до пренамената на хотелот "Бисер" и таквата трансакција што е направена, јас моментално не располагам со таква анализа тука во Собранието, туку ќе одговорам по писмен пат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Ковачески дали ги прифаќате одговорите?

(Потврден одговор).

Има збор господинот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, поитувани членови на Владата.

Пред да преминам на подготвените прашања сакам да поставам конкретно прашање до претседателот на Собранието дали сеуште важи она непишано правило дека поставуваме по две прашања...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да, тоа е договорот со кој сега се служиме.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Во ред, и јас ќе се држам до тоа.

Еве, ќе поминам на првото прашање.

Во Република Македонија постојат повеќе приватни претпријатија мислам конфекциски и само во Штип постојат над 50 приватни конфекции. Тие во одреден дел го решија проблемот со вработување на младите штипјани, бидејќи се единственото место каде се вработува новата работна сила иако процентот на невработени во Штип е сеуште огромен, посебно на машката работна сила, бидејќи во последно време го решија проблемот, во мал дел, со женската работна сила. Меѓутоа и покрај вработувањето се појавува еден проблем кој провејува со години. Имено, се работи за работното време во сите тие претпријатија, пред се, во приватните конфекции. Многу често работниците, пред се работничките во овие конфекции се жалат на прекувремено работно време кое со законот е ограничено и определено, а не се почитува.

Во разговор со инспекциските служби ни беше кажано дека се преземени неколку акции за согледување на состојбата, меѓутоа, неофицијално како проблем се појави во начинот на одредување на казните. Тие сметаат дека казните кои ги одредуваат судовите, сите тие прекршочни постапки ги преиначуваат во мандатни казни кои се мали и кои едноставно, вулгарно да се изразам, се исплатуваат на сопствениците на конфекциите да ги прават таквите прекршоци и да бидат санкционирани, а покрај тоа да го кршат работното време.

Во ваквите конфекции најчесто работат млади жени, млади мајки кои заради ваквиот начин на работното време немаат време да се посветат на семејството, на фамилијата и младата генерација во Република Македонија.

Проблемот со работното време во приватните конфекции иако е долгорочен во Република Македонија, сметам дека е ургентен веќе за решавање и дека Владата треба сериозно да се заземе со сите аспекти на неговото решавање, да се направат сите потребни консултации и сите тела кои треба да се ангажираат, меѓутоа конечно овој проблем да биде решен, бидејќи и самиот премиер на Владата во неговиот предизборен митинг во Штип вети дека ако биде премиер на идна влада, тој ќе го реши овој проблем со прекувремената работа во конфекциите.

Ние бараме само да се најде начин да се почитува она што е пропишано со законот и да се најде корелација помеѓу законското и она што е во пракса.

Моето прашање е конкретно до Министерството за труд и социјална политика кое би сакал да биде дел усно дел писмено одговорено, што превзема Владата за контрола и почитување на законската регулатива за работното време во претпријатијата во Република Македонија со акцент на текстилните претпријатија, како и со работното време во другите гранки. Тоа е моето прво прашање.

Второто прашање кое би сакал да го поставам, ќе го поставам до Владата на Република Македонија, тука е потпретседателот, бидејќи сметам директно до Владата не до одредено министерство, бидејќи сметам дека тие во работата на Владата ќе оценат на која релација го решаваат, на кое ниво, дали во дирекциите или во склоп на некое од министерствата.

Имено, во последните години тоа е процес од повеќе години постепено се одвиваше процес на етничко чистење на македонското население во западниот дел од Македонија кое масовно се иселуваше од овие краишта на Македонија. Во последните настани со војната со албанските терористи и екстремисти тој процес на етничко чистење уште повеќе се забрза. Нашите податоци кажуваат дека во овие краеви за последните два месеци македонци од над 15 илјади ги напуштиле овие краишта. Секако ние тоа го осудуваме и затоа се обративме до некои надворешни фактори да укажеме на оваа појава.

Нашето прашање е дали ваквиот етнички дисбаланс кој се прави со години наназад во националната структура во западниот дел на Македонија дали Владата ја следи оваа појава, дали има некакви податоци за таквото масовно чистење на македонците од западниот дел од Македонија, каков е бројот на иселените македонци за последните 10 години и последните три месеци посебно и кои потези ги прави Владата за сопирање на овој процес како и за репатријација на иселените македонци од овие простори. Благодарам.

(Еден од пратениците од пратеничката група на ДПА реагира на зборот "терористи", што го употреби пратеникот Стојменов).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, сега не расправаме за тоа.

Господинот Ибраими нека одговори.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Благодарам господине претседателе, пратеникот Стојменов е во право кога вели дека во една јака конкуренција за барање на работа имаме доста злоупотреби од страна на работодавците меѓу кои е и искористувањето на трудот на вработените, пред се во текстилната индустрија, значи нивно прекувремено ангажирање.

Со Законот за работни односи многу јасно и децидно е регулирано колку часа во текот на неделата може прекувремено да биде ангажиран работникот и на кој начин се врши исплата на така искористениот труд. Меѓутоа, како појава постои, од страна на Трудовата инспекција се вршат редовни контроли и се преземаат одредени мерки и санкции против сите тие работодавци кои ова право за прекувремена работа прекумерно го искористуваат во нивните претпријатија.

Точна е и констатацијата дека казните се мали во однос на овој вид на прекршок, најверојатно ние ќе треба како трудова инспекција и понатаму упорно да ги вршиме тие контроли, па ако затреба некогаш ќе посегнеме со поостри мерки, а тоа е можеби и затворање на претпријатијата кои потоа би имале други последици. Но, како и да е најверојатно би требало да се интервенира во Законот за работни односи и другите позитивни прописи кои ја регулираат оваа материја во однос на санкциите и зајакнување на ефикасноста на работата на судовите.

По однос на второто прашање, мислам прашањето е премногу политичко, јас мислам дека во една држава не може да се прави етничко чистење ако граѓанинот од едно место се преселува на друго место. Вака историски гледано јас мислам дека етничко чистење е направено од страна на источниот дел на Македонија каде се испразнија сите градови и села и скоро сите тие граѓани се преселија во Скопје. Не сакам да го оспорам фактот дека нема иселување не само на македонци, туку и на албанци од страна на западниот дел од Македонија кои нормално поради животните потреби го менуваат местото на живеење и тука не треба да стане збор за некое иселување или етничко чистење или не треба да се постави прашањето за нивна репатријација. Репатријација може само да се врши на граѓани на Македонија кои се иселени надвор од Македонија.

Како Влада немаме такви податоци дека таму систематски се врши етничко чистење по било кој основ дали се од македонска националност или од албанска националност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Стојменов кажете дали сте задоволен од одговорите?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

По првото прашање делумно сум задоволен од одговорот само би сакал побргу да ги видам тие предлози од Владата за подобрување на санкционирачката политика во оваа област за што сметам дека и Парламентот би помогнал во решавање на овој проблем и јас се надевам дека Владата бргу ќе излезе со вакви предлози пред Парламентот.

Јас би сакал ова прашање да го добијам во писмена форма, а во однос на второто прашање јас воопшто не сакам да спорам на политички план, туку со бројки. Јас го барам конкретно бројот на иселените етнички македонци по националност од овие делови на Македонија за 10 години и три месеци. Ако има иселени и 100 души или 1000 души или 10 илјади, тогаш можеме да цениме дали има таков процес или нема. Меѓутоа, очигледно Владата нема такви податоци, јас ги барам од Владата тие податоци и на основа на тие податоци ќе судиме дали има етничко чистење или нема и дали има простор да размислуваме дали е тоа политички чин, некаков друг чин или воопшто нема таков чин. Благодарам.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Податоци за движење на населението сигурно има во Министерството за внатрешни работи. Ние такви податоци ќе ви доставиме во писмена форма, но за движењето на целото население во Република Македонија од било кој крај да е, дали е тоа од источниот, или западниот дел, да имаме навистина една јасна слика кои лица се иселуваат, причините зошто се иселуваат и каде се иселени, дали се тие во РМ, или пак се иселени надвор од Република Македонија.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Имам конкретно прашање за западниот дел на Македонија. И јас сега незнам од кога членовите на Владата можат да ги преиначуваат прашањата на пратениците. Јас не барав за целата територија, барав за Западна Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во целата територија е и Западна Македонија.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Ќе добиете одговор ако во меѓувреме некој од пратениците не бара за цела Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Уште еднаш ви укажувам дека треба да се води сметка околу образложенијата да не бидат долги, да се постави прашањето и кратко образложение.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани членови на Влада, почитувани колеги пратеници, во однос на економскиве прашања навистина ако земеме да дискутираме сега, јас мислам дека неколку недели ни се малку да отвораме економски прашања, бидејќи јас со мојот Прилеп сум конкретно тотално незадоволен од односот на Владата кон Прилеп и кон прилепското стопанство. Исто така по однос на одредени инфраструктурни прашања како што е патот Градско - Прилеп, на делот кај Плетвар, околу други прашања со кои се судира прилепското стопанство. Прилеп навистина и со претходната и со оваа Влада е на маргините. Затоа ја замолувам Владата да го смени својот однос кон Прилеп. Следуваат прашања кои што се повеќе од политичка природа.

Моето прво прашање е следно. Македонија е модел на мултикултурно општество во Европа и во светот, исто така и релаксирани меѓуетнички односи и како резултат на тие релаксирани меѓуетнички односи се случи една непријатна ситуација за која што сме сведоци сите ние во РМ, што резултираше со големо иселување на граѓани од тој дел на нашата Република. За излез од кризата според домашни и странски извори како што пренесоа и дел од медиумите во РМ се спомнува дека имало некакви разговори од страна на нашата Влада за некакви промени во Уставот, како и за некакви други интервенции во смисла на кантонизација на државата итн. По медиумите и низ јавноста се зборува дека наводно зад еден ваков проект требало да посредува и претседателот на државата и дека тој проект бил сврзан со одредени рокови. А дел од тие рокови треба наводно да завршат до крајот на месецот.

Моето прашање е следното, како течат работите во однос на овие поставени прашања? И барам одговор од Владата по однос на ова прашање.

Моето второ прашање е следното. Во последните двеипол години Владата на Република Македонија вложи многу откажувајќи се еден дел од политичките партии од партиските програми кои што беа дадени како ветувања во текот на изборите. Помеѓу другото еден таков придонес беше и донесувањето на Законот за високо

образование на албанското малцинство што е прв случај во Европа и во светот. Се прашувам кога според некои податоци во Република Албанија живеат над 360 илјади македонци кои немаат ниту елементарни права и слободи и имаме некои сознанија дека тие луѓе се изложени на извесна асимилација.

Дали нашата Влада го има поставено ова прашање пред албанската Влада? Нашите информации кажуваат дека тие наши македонци барале и некакви мали средства за нивните невладини здруженија, но нивните барања не биле примени ниту од претседателот на државата, па ниту и од Владата на Република Албанија.

Бараме одговор од Владата. Инаку се спомнуваат разни проекти од страна на владини и невладини организации, за размена на граѓани итн., не би сакал ова сега да го елаборирам. Ја замолувам Владата по однос на овие мои две прашања да ми даде одговор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само да бидеме на јасно. Разговори кои се водат кај претседателот, за нив не може да одговара Владата. До претседателот не можете да поставите прашање, туку претседателот веројатно кога ќе најде за потребно ќе се обрати во склад со своите овластувања на Собранието да ги појасни тие работи.

На второто прашање г-динот Ибраими ќе ви го даде одговорот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Се извинувам претседателе, во однос на првото прашање, прашањето на ВМРО - Вистинска е кој е ставот на Владата по однос на тоа прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не може Владата да гради ставови по надлежностите на претседателот, што ги водел разговорите претседателот. Тоа јас ви кажувам. Не можеме таков одговор да бараме од Владата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Доста бројки се искажаа од страна на г-динот пратеник.

Во врска со второто прашање ќе дадеме одговор во писмена форма.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе во однос на првото прашање, моето прашање се однесува точно заради тоа што претставници на Владата учествуваат во тие разговори. Ние гледаме министерот за надворешни работи како е постојано во некакви активности и мислам дека тој има некој сознанија и може да даде одговор на ова прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие зборувате за разговорите кај претседателот на државата.

Не можеме да му поставуваме прашања. Уставните односи се такви. За тоа станува збор.

**ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине претседателе, ве молам да обрнете внимание на пратениците па и на членовите на Владата кои и го менуваат името на Македонија. Доста ја викаме Пиринска, Егејска, Вардарска Македонија, па сега и Западна Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие ја видовте интервенцијата прво на претставникот на Владата.

Друго тој кажа дека нема западна Македонија ограничена, туку ќе даде податоци за цела Македонија. Така што беше интервенирано.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани министри на Владата на Република Македонија. Граѓаните од село Чегране од село Градец - Гостиварско од село Пирок, од село Боговиње, од село Синичане, од село Камењане и од село Горно Сердарце - Тетовско се жалат за сума од повеќе од 600 илјади германски марки кои до ден денеска сеуште ги немаат примено од продадената шеќерна репа на шеќерананата во Битола. Овие граѓани 173 се земјоделци и производители ми се жалеа уште во минатата година. Јас бев љубопитен во тој однос и скоро три средби одржавме со нив. Сите договори ми се тука потпишани и се она што имаат вложено конкретно за производство на шеќерната репа. Нивните трошоци скоро се толку колку што треба и да земат после една година и повеќе. Таа моја љубопитност не застана само со оние барања на овие граѓани, туку бев заинтересиран да дознам сите производители во Република Македонија што таа култура ја сееле. Сакав да воспоставам контакт и со Вељо Тантаров, меѓутоа не можев да го добијам него, меѓутоа од други извори дојдов до сознание дека нема ниту еден друг граѓанин што ја посеал оваа култура да не ги земал парите. Значи 18-те милиони, околу 600 илјади германски марки на 173 производители од овие села и ден денеска парите ги немаат земено.

Поставувам прашање кога ресорното министерство има намера да ги обештети овие граѓани?

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, проблемот со исплатата на шеќерната репка кој што е исклучиво проблем на стопански субјект, меѓутоа бидејќи се работи за осетлива состојба во поглед на зачувувањето на површините под шеќерна репка е решен со интервенција на Министерството за земјоделство и во договор со Министерството за економија. Обавени се два разговора со претставници од тој регион со земјоделците. На седница на Владата во минатиот вторник одобрени се 17 милиони 653 илјади денари за исплата од резервите на Министерството за земјоделство и во постапка е целокупната сума на издвојување на средства и префрлање во шеќераната од каде што тие ќе си ги подигнат своите средства. Задолжен за таа работа е раководителот во Министерството за земјоделство г-динот Синани и таа работа е во тек. Јас очекувам дека до крајот на неделата тоа можеби ќе се заврши.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас го слушнав образложението на министерот Марјан Ѓорчев. Јас ќе бидам задоволен доколку ресорното министерство, Владата на РМ ќе постапи и парите на овие производители бидат исплатени. По можност министерот да ми одговори во писмена форма.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Ќе одговорам во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Веројатно заради тоа што не е довршена постапката, затоа се сомнева и сака да има комплетен одговор кај пратениците и кај избирачите.

**МАРЈАН ЃОРЧЕВ:**

Па тие се денеска веќе во постапка за исплата.

Но, ќе одговориме како и кога ќе се исплати, кога ќе заврши.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Така ќе може, сепак јас останувам на она мое барање. Се додека не е извршено, а ќе бидам благодарен кога тоа ќе се заврши. Но, јас барам писмено да ми се одговори, бидејќи истите граѓани заправо неколку пати се обратиле и до шеќераната во Битола и до ресорното Министерство и до министерот Бесник Фетаи и нема кај кого не биле досега, меѓутоа незадоволни од нивното барање досега не биле обештетени. Останувам на тоа писмено да ми се одговори.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ќе добиете писмен одговор.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници, до Владата јас ќе поставам две прашања.

Според податоците на Управата за јавни приходи, сивата економија шверцот со дрога, оружје, бело робје, акцизни стоки и други производи во Западна Македонија добиваат загрижувачки размери и ја поткопуваат Македонија како правна држава. Според нашите истражувања над 70% од сивата економија е лоцирана во овој дел од Република Македонија чии носители се албанското мнозинство. Според истите податоци процентот на наплата на јавните давачки е најмал и изнесува околу 3%. Нашите податоци покажуваат дека не се наплатени јавни давачки во висина од 285 милиони германски марки. Го прашувам г-динот министер за финансии што презеде за сузбивање на сивата економија, тука како ќе ги наплати овие неплатени давачки и дали на тој начин не се врши дискриминација на граѓаните од другите делови кои го полнат Буџетот. Г-дине министер, тоа е кражба, односно прелевање на денарот од другите краишта во Македонија, односно од македонците на албанците. Дали на ова прашање има одговор министерот за финансии, бидејќи е тоа битно прашање и за мултиетничките односи. ВМРО - Вистинска остро ја осудува оваа дискриминација и ако не се преземат мерки од Владата ќе повика на граѓанска непослушност на македонското население да не ги плаќа јавните давачки.

Второто прашање, во Буџетот на Република Македонија за 2000 и 2001 година се предвидени средства за бегалците во износ од над 60 милиони германски марки, или повеќе средства од средствата кои се даваат за плати на судската и другата администрација, повеќе средства од средствата кои се наменети за плати во образованието, повеќе средства кои се даваат за социјално загрозено население. Нашите извори кажуваат дека тие средства се наменети за албанските терористи и екстремисти, бидејќи бројот на бегалци е минорен во Македонија во однос на висината на издвоените средства. ВМРО - Вистинска бара од министерот за финансии да изврши ревизија на прашањето на овие средства во Буџетот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Интервенцијата на пратеникот Стојаноски очигледно имаше место, бидејќи правата интервенција од министерот не вроди плод. Македонија е унитарна држава по Уставот и нема составни делови, нема западни и источни. Таа е цела, унитарна држава и затоа ве молам да внимаваме на уставната терминологија. Тоа е основно, бидејќи Уставот е донесен во Собранието, пратениците мораат да се држат до уставната терминологија.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

На неколку пати веќе еве, имавме можност да слушаме од колегите од пратеничката група ВМРО - Вистинска, незнам чии херои сакаат да станат овие господа, но на неколку пати веќе се повторуваат. Мислам и од вас претседателе треба да има интервенција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Деловнички интервенции. Ве молам, да не дискутираме, да не отвораме расправа.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Нема дискусија, туку мислам дека ова е процедурално, г-дине претседателе, Вие треба да интервенирате. "Терористи", ние донесовме заклучоци за оваа работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам сите пратеници да употребувате терминологија која е овде утврдена и усвоена кај нас со акт на Собранието. Не е ова овде политички митинг. И затоа воздржувајте се без оглед какви се вашите политички ставови и мислења. Надвор од салата, надвор од седницата на Собранието можете да си кажете како сфаќате и резонирате. Меѓутоа, во салата овде дали сте гласале за тој акт каде што беа заклучоците наши во Собранието, или не сеедно е. За тој проблем ние овде имаме изграден речник.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Сакам да кажам дека не е дозволено од било кои колеги на прашањата да се упаѓа, бидејќи не станува збор за дискусија.

Второ, сакам да укажам на вашето укажување за унитарна држава. Тоа е во ред, според Уставот тоа е само на хартија. Едно е на хартија, а друго е на терен. Ние поставуваме прашања од прагматична гледна точка она што се случува на теренот, а не што е напишано во Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мене ми е жал г-дине Тодоров што како пратеник не сте свесни што воведувате овде. Ако почнеме ние едно во Уставот, а тука друго да кажуваме, тогаш да знаете му давате на секого право сосема друго да изведе, и други заклучоци да изведе. Затоа ве молам да си ги повлечете тие работи и да се држите до Уставот.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Г-дине претседателе јас не ве навредив со ништо.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако не барате, тогаш немојте да промовирате ништо.

**ЃОРЃИ ТОДОРОВ:**

Не ве навредив со ништо и барам да се извините за свесноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Немојте да промовирате ништо друго освен тоа што постои во Уставот.

Имаме 7 минути за одговор на прашањата на пратениците од опозицијата.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Многу нејасни и конфузни прашања од господинот и со многу тешки квалификации, кои не одат во корист на заедништвото и мирот во земјата. На нејасни прашања Владата не зема обврска да одговара, па затоа бараме, нека го состави пратеникот во писмена форма, нека го достави до Владата и Владата ќе одговори во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тој само до мене може да доставува, а јас ќе го проследам после до Владата.

Сега има збор пратеникот Билал Лутфии.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

(Од место без уклучен микрофон).

Јас сум за реплика. Помина времето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, точно, следниот пат.

**БИЛАЛ ЛУТФИИ:**

Колеги пратеници, имам кратки прашања и барам од Владата писмено да ми одговори.

Првото прашање е следното: Колку е точно дека суспендираните инспектори на МВР во веќе познатиот случај со господинот Музафер Саити од село Радуша се вратени на работа.

Второто прашање е дали ќе се надомести направената штета за време на кризата во населените места Селце, Гермо, Гајре, Бродец, Вешала, Дреновец, Шипковица, Пороj и Џепчиште и воопшто во Тетово и дали ќе се надомести штетата

направена по повод претресот на неколку куќи во селата Нераште, Шемшево и Јажинце.

За јавноста е познато дека после нападот на полициската станица во општина Теарце, во овие населени места, повторувам Нераште, Шемшево и Јажинце беа претресени неколку куќи, меѓу кои и неколку куќи во кои немало граѓани од причина што биле во странство. Така е направена штета и да го конкретизирам прашањето дали ќе се надомести направената штета.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господинот Бедредин Ибраими, но во писмена форма бара да се одговори.

Има збор господинот Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, членови на Влада, сакам да поставам само едно прашање и барам одговор во писмена форма.

Прашањето се однесува на ЈП за просторни и урбанистички планови на Република Македонија. Имено, се работи за следното:

Со Програма на Владата на Република Македонија во почетокот на 1998 година општина Виница е влезена во програма за изработка на нов генерален урбанистички план. Истата година е потпишан договор со фирмата "Простор" од Куманово за изработка на истиот и Генералниот урбанистички план е изработен до фаза на предлог за донесување. Меѓутоа, и после три години од страна на Јавното претпријатие истиот не е платен, што значи дека неможе ниту да биде донесен од страна на Советот на општина Виница.

Ваквата состојба продуцира голем број на дивоградби, кои доколку би имало генерален урбанистички план, а потоа врз основа на истиот и детален урбанистички план, во најголема мерка би биле легални градби, што секако ја отежнува работата како на градежните инспекциски служби така и работењето на самата општина, од една страна, и од друга страна, го кочи и економскиот развој на општината со неможноста за брзо и ефикасно издавање на дозволи за градба, како за станбени објекти, така и за економски објекти.

Од тие причини, барам информација зошто е закочена целата оваа работа и кога се очекува разврска на ова многу важно прашање за натамошниот развој на општина Виница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Мислам дека и самиот пратеник истакна дека бара одговор во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи прифаќате да изготвите одговор.

Господинот Демуш Бајрами се јавува за збор.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Господине претседателе, господине премиер и членови на Владата, колеги пратеници, ние имавме една криза тука во Македонија и за тоа време се создаде и една бегалска криза, односно криза на разделени луѓе низ Македонија, па имавме и надвор од државата, односно на Косово. Во врска со тоа поставувам прашање што право Владата за нивно организирано враќање. Тоа е првото прашање во врска со актуелните состојби во Република Македонија.

И едно друго прашање, колку албанци се иселени - ова може да се одговори во писмена форма - од 1945 година до денес од Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Бедредин Ибраими.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Господин претседателе, точно е тоа дека после конфликтот на Тетово околу 4.000 граѓани на Република Македонија, претежно од селата Селце, Вејце, Лавце, Бозовце, се иселени односно фактички се бегалци и се наоѓаат на Косово. Во оваа насока, Владата презема одредени мерки што побрзо тие да бидат репатрирани во Република Македонија, значи тоа е фактички репатријација, а не првото и очекуваме дека во рок од 10 дена ќе се создадат сите претпоставки и услови сите луѓе граѓани од Македонија кои моментално се во Косово да се обезбедат услови тие да се вратат назад во нивните домови и во нивните села.

Во однос на второто прашање, ќе дадеме одговор во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи на второто прашање ќе одговорите во писмена форма.

Господинот Бајрами прифаќа.

Има збор господинот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата имам две кратки прашања.

Првото прашање се однесува на економијата. Во Битола, во фирмите "Битолатекс", "Фрижидери", "Социјален борец", "Свилара", "Кожара", "Фламби" и некои други некои процеси од обласа на приватизацијата веќе се при крај и од делот на стечајот.

Прашањето е каква е стратегијата на Владата за овие претпријатија во општината Битола, бидејќи населението во градот Битола животно е заитересирано која е таа стратегија  и на кој начин овие фирми ќе проработат за да се вработат повеќе луѓе, бидејќи Битола е најоплачкан град во Република Македонија, еднаш со старите девизни заштеди и еднаш со аферата ТАТ на СДСМ. Тоа е првото прашање, не сакам усмен одговор, сакам по писмен пат да ми дадете одговор за целава стратегија.

И второто прашање е до Министерството за култура. Ние донесовме закон за денационализација. За тие состојби за кои ќе поставам прашање имам истражувано и преку Македонската православна црква, имам одредени сознанија но не е време сега да зборувам. Меѓутоа, барам одговор во писмена форма од Министерството за култура.

Бидејќи Битола како град е познат не само во Турската империја како вилаетски град туку и пред тоа, вие знаете дека Битола има и второ име, се вика Манастир, заради тоа што имало најголем број манастири каде што населението е покрстувано и тоа е еден вид заштита на православието. Меѓутоа, на најголемиот дел да не речам 100%, но на најголемиот број манастири во Битола се изградени џамии.

Сакам детален преглед за името на сите цркви врз кои темели се изградени џамии и таа состојба да ја согледаме од аспект на прашањата што овде честопати се поставуваат во Македонскиот Парламент, за да видиме дали од овие конфесии во Република Македонија кој повеќе или кој помалку, во интерес на вистината има право да се лути или да не се лути. Навистина е многу чувствително прашање, во Битола е поставувано многу одамна, меѓутоа, јас денес собрав храброст Министерството за култура да даде име на црквите или манастирите, име на џамиите, колку имот тука е во прашање и на колкава површина за да знаеме како да се однесуваме во иднина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Бедредин Ибраими има збор.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Пратеникот има право на прашања, Владата зема обврска да одговара.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Јас барав да се одговори во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Треба да прифати, ќе даде одговор.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Да, ќе одговориме во писмена форма, но навистина јас сум вчудоневиден како претставник на Влада од многу чудни провокативни прашања во овој Парламент после потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација во Европската Унија. Нека ни е на чест, ќе одговараме на овие прашања, што да правиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи прифаќате да одговорите.

**БЕДРЕДИН ИБРАИМИ:**

Да, апсолутно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Процедурално збор бара господинот Златко Стојменов.

На што имате забелешка од постапката?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, реагирам на односот на претставниците на Владата коментирајќи ги прашањата на пратениците. Според деловникот тие немаат право ни да ги коментираат, ни да ги цензурираат.

Пратениците имаат деловничко право да постават прашања онака како што мислат, а претставникот на Владата нема право да им дава политичка квалификација.

И второ, кога веќе побаравме да зборуваме по заклучоците на Собранието бевте тенденциозни...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Никој не побарал да зборуваме за тоа, немате што да зборувате вие за тоа. Ајде ве молам напуштете ја говорницата веднаш.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Дозволувате конфликт.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Напуштете ја господине Стојменов. Напуштете ја говорницата.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Престанете да сте тенденциозни да ја навредувате пратеничката група на ВМРО - Вистинска.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Напуштете ја говорницата, треба да знаете зошто сте се јавиле овде. Овде ќе се јавите и ќе знаете за што се јавувате. Тогаш. Инаку сега нема. Малку ќе размислите.

Има збор господин Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри, моето прашање ќе биде кратко. Прашањето е упатено до Владата. Станува збор за магистралниот патен правец Скопје – Свети Николе – Штип - Струмица – Кочани – Делчево - Берово. Имено, деновиве се одржа средба на повеќе од 30 градоначалници и дел пратеници кои со писмено барање бараат до Владата на Република Македонија да отпочне со реализација патниот правец Свети Николе – Миладиновци - Скопје, со што во источниот дел на Македонија патот се скратува за 30 километри и повеќе, што значи сметајќи во два правци 60 километри.

Моето прашање е кога мисли Владата да почне со овој проект.

Барам одговор во писмена форма.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Владата прифаќа да одговори на прашањето.

Истече времето за поставување пратенички прашања.

Минуваме на првата точка од дневниот ред - Интерпелација за работата на претседателот на Собранието на Република Македонија, г-дин Стојан Андов.

Интерпелацијата и дописот на претседателот на Собранието ви се доставени.

Отворам претрес.

Дали некој од подносителите сака да ја образложи Интерпелацијата.

Има збор господинот Ненад Ристевски, процедурално.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Мојата процедурална забелешка се однесува на две прашања.

Како прво, Пратеничката група на ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, Интерпелацијата за работата на претседателот на Собранието г-дин Стојан Андов ја поднесе на 25.01.2001 година. Сведоци сме дека до денес има три месеци. Ќе ви прочитам некои делови од Деловникот за работата што треба да биде закон за работа на ова Собрание, за да може да ги доловам овие делови на кршење на процедурата од страна на господинот претседател на Собранието.

Како прво, според Уставот интерпелација може да се постави за работата на секој член односно носител на јавна функција, што е случајот сега, интерпелацијата е поднесена според сите законски норми, го кажав и денот кога е поднесена. Според Законот што е обврска ние да го почитуваме ќе прочитам, "оној на кого е упатена интерпелацијата должен е најдоцна во рок од еден месец од поднесувањето на истата да достави писмен извештај до претседателот, а со тој писмен извештај во однос на обвинувањата или наодите во интерпелацијата да се достави до сите пратеници. Факт е дека тоа не е стечај, без разлика каков став ние можеме да заземеме кон една интерпелација, мора да се почитува деловникот и оној на кого му е наменета таа интерпелација да го испочитува пратеникот, бидејќи сепак пратеникот е претставник на народот и да одговори на наодите на таа интерпелација. Интерпелацијата ја имаат добиено сите пратеници. Игнорантскиот однос со што се покажува непочитување на Уставот, непочитување на законот и непочитување на сите правни норми во оваа држава што веќе станува правило, го гледаме во тоа што оваа норма каде што пишува "должен е" што значи нема можам, сакам, не сакам и такви други формулации е неиспочитувана. Со тоа класично гледаме суспензија на Парламентот како едно тело кое треба да биде регулатор и контролор на оние носители на јавни функции, а во тоа влегува и Владата. Значи, господинот претседател на ова Собрание непочитувајќи ја оваа норма, го девалвира и самиот чин на оваа интерпелација и би сакал да ни дадат образложение зошто ние чекавме три месеци, зошто се поминати сите норми за законско одговараше на наодите во интерпелацијата и дали има намера, во однос на овие прашања, пред интерпелацијата да даде свое образложение за наодите од истата.

Другата моја процедурална забелешка е: мислам дека оној на кого што му е наменета интерпелацијата не може да го води целиот овој процес, бидејќи со тоа може и да манипулира со самиот чин на поднесувањето на интерпелацијата и би

барал друг претседавач да биде за време на оваа точка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво да ви објаснам за правото на одговор. Кога се поднесува интерпелација, во деловникот е дадено право на одговор. Во рок од 30 дена функционерот, или телото за кого се однесува интерпелацијата, има право на одговор. Но, тоа не е обврска. Ако не сака да поднесе и неподнесува одговор на интерпелацијата, тоа е негово право, се разбира, тогаш ве известува дека нема да поднесе. Кога нема да поднесе, после 30 дена на првата седница што ќе биде закажана, се става во дневниот ред.

Јас бидејќи мислам дека е неоснована интерпелацијата, и нема на што да одговорам, не одговорив, го задржав тоа право и со писмо ве известив дека нема да одговорам. 30 дена потоа, првото решение што го потпишав за свикување на интерпелацијата, ја содржи и интерпелацијата на дневен ред. Интерпелацијата е поднесена на 21.01, а на 1.02, со писмо ве известив дека нема да ви одговорам, а решението е потпишано на 24 февруари. Тоа е прво решение што сум свикал седница после 30 дена.

Според тоа, се е комплетно во согласност со Деловникот.

За претседавање, мене ќе ми биде задоволство да не присуствувам на седницата кога ќе расправате овде, затоа што мислам дека нема што да кажам.

Меѓутоа, досега ова не е прва интерпелација на претседател. Никогаш претседателот не отстапил на друг да претседава, кога за него била интерпелацијата. Имаше две интерпелации за мене во првиот состав, имаше интерпелација за г-динот Петковски и имаше интерпелација за г-динот Климовски.

Ако сакате иако мислите дека нешто ќе добиете на тој начин, јас веднаш ќе си излезам, имам да подзавршам некоја друга работа, а вие терајте си ја овде работата. Тоа мене ми одговара.

Господине Стојановски повелете.

(Г-динот Стојан Андов ја напушта седницата).

Со седницата продолжува да претседава г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, дали некој од подносителите на интерпелацијата има намера покрај писмениот дел усмено да го образложи својот предлог. Ако има нека повели.

За збор се јави г-динот пратеник Ненад Ристовски.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, ние бевме сведоци на еден чин на една крајна некултура и на еден чин на манипулација со Собранието, а за тоа ни докажаа и поголемиот дел од наодите за таа наша интерпелација.

Јас него прашав што мисли тој. Неговото мислење за сите нас е ирелевантно. Туку, како претседавач на овој Парламент, јас го читам она што е напишано. Повторно ќе го прочитам, за да не биде слободна интерпелација.

Оној на кого му е упатена интерпелацијата должен е, не реков дека може да импровизира, не дека може да кажува што сака, не да не навредува тука нас, бидејќи тоа му е нивото, туку на оној на кого му е упатена интерпелацијата, должен е најдоцна во рок од еден месец, од денот на приемот на истата да даде одговор.

Неговото лично мислење, нас не не интересира, бидејќи јас незнам дали тој има свое мислење, но тој и како човек, што е претседавач на ова Собрание е должен нам да ни даде писмено известување за наодите од интерпелацијата.

Ние од медиумите, од некој си таму портпарол, чувме дека се несериозни наодите. Ние го цитираме деловникот и бараме луѓето што се тука во службите, дали има право некој слободно да ги толкува оние норми што се напишани во Деловникот. Бидејќи, имаме ситуација Владата не го работи тоа за што е должна тоа да го работи. Преземените обврски спрема пратениците во смисла ќе даде одговор, не ги даваат по година дена и ако ние продолжиме со ваков начин на работење, оние што се функционери во Собранието да работат по свој терк, а не по законските норми, со самата таа работа, Парламентот може да се распушти.

Јас ви прочитав, тој е должен тоа да го направи. Која е санкцијата ако некој функционер, избран од ова Собрание спрема Деловникот не ги врши работите. Мислам дека со тоа е и докажано и јас му препорачувам на човекот достоинствено, како прав Лорд за што сам се искажа, да си ја преземе одговорноста, бидејќи со сила ништо не бидува. Факт е дека по Деловникот е должен да одговори и по Деловникот тој не за заврши работата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали со ова се исцрпи повикот повеќе да нема образложение?

За збор се јави г-динот пратеник Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници.

Лично очекував дека г-динот претседател Стојан Андов ќе биде присутен да ја слушне интерпелацијата. Меѓутоа, и вака верувам дека преку телевизија ќе ја следи.

Пратениците од пратеничката група на ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, врз основа на членовите 32 и 97, став 3, по Деловникот на Собранието на Република Македонија, уште на 22 јануари 2001 година доставија барање до претседателот на Собранието на Република Македонија за свикување итна седница на Собранието на Република Македонија во најкраток можен рок да постави точка на дневен ред:- Информација за масовното прислушкување на разговорите на носители на јавни функции, новинарите и граѓаните на Република Македонија од страна на државните органи.

Подоцна, на 25 јануари о.г., доставивме уште едно барање за свикување итна седница во врска со случувањата во Теарце, убиство и ранување на припадници на МВР, Информација за причините на случувањата.

По нашето писмено и усмено обраќање до господинот Андов, откако ја увидовме неговата намера на опструкција, игнорирачки и неодговорен став, кон вака чувствителни збиднувања во државата, иритирани од неговиот калкулантски однос, едногласно одлучивме врз основа на член 72, став 3 и 2, од Уставот на Република Македонија и одредбите на Деловникот на Собранието на РМ, да поднесеме барање за интерпелација за работата на претседателот на Собранието на Република Македонија г-динот Стојан Андов.

Како причини за поднесување на интерпелацијата ги сметаме: г-динот Стојан Андов изврши опструкција во свикувањето на итна седница, во врска со Аферата прислушкување. Неговата опструкција продолжи повторно при случувањата во Теарце, кои продуцираат подоцнежни импликации врз безбедноста и стабилноста на Република Македонија.

Претседателот Стојан Андов е одговорен за лошото работење на Собранието, со сомнителен кворум, со непринципиелно и некоректно водење на расправите. Со начинот на неговото водење на седниците г-динот Андов, често го става Собранието во подредена позиција во однос на извршната власт и го претвара Парламентот во шпекулативен политички "панаѓур', односно со ваквите негови постапки го нарушува деловникот на Собранието и Уставот на Република Македонија.

Господинот Андов, "кумуваше" на една комична ситуација, кога од каприц ја повтори свечената прослава по повод десет годишнината од конститутивната седница на првото повеќепартиско Собрание на Република Македонија.

Кога веќе ги истакнав причините и пунктовите на неговото лично однесување и опструкции од страна на претседателот на Собранието г-динот Стојан Андов, редно е истите да ги образложат: Со бесконечно пролонгирање на итна седница за аферата прислушкување, која беше закажана по месец дека од нашето официјално барање, господинот Андов фактички, постави една временска дистанца и простор на Владата за одбранбени механизми и уништување на "трагите" за сопствената афера.

Со избегнувањето и прологирањето на седницата и расправата за прислушкувањето, Андов беше свесен дека зафаќа расправа во суштина е расправа за карактерот на Власта, не само извршната власт, туку и за нашиот Парламент, како законодавен и претставнички орган на граѓаните, од аспект на неговата спремност да ги врши функциите определени со Уставот на Република Македонија.

Господинот Андов, со сите сили се обидуваше да ја премолчи, или да ја одбегне својата одговорност, како и одговорноста на Владата.

Пролонгирајќи ја расправата за скандалот прислушкување, што сеуште не е завршена, Андов паралелно работеше на нејзино "разводенување", чиј епилог е сеуште незавршен, без да ни се даде можност за дискусија за иницијаторите и подносителите на барањето на ВМРО - Вистинска Македонска Реформска Опција, при што сега, повторно се блокира работата и расправата по оваа точка, преку презакажување на нови седници, претходната суштински да "избледее".

Второто наше барање за свикување на седница, очигледно дека г-динот Стојан Андов го сфати несериозно, па случувањата во Теарце, кои подоцна продуцираа и други позачестени терористички напади, беа евидентен доказ дека безбедноста на

земјата беше загрозена, а стабилноста поткопана.

И во овој случај повторно затоа и одговорноста на г-динот Андов. А видно исчекори неговиот манипулантски однос така што за жал повторно со огромно закаснување од месец и половина свика седница за актуелните безбедносни состојби во РМ, кога насилијата веќе земаа замав, се евидентни материјални и човечки ненадоместливи загуби. Самото блокирање на работата на Собранието, како и целокупната политичка состојба во државата која и онака се оценува како нестабилна станува комплетно неизвесна со што ваквата состојба е крајно штетна и за државата, граѓаните а и за Парламентот.

Наместо како претседател на Собранието да зазема една неутрална позиција и да биде неутрален судија г-динот Андов, очигледно беше дека на секоја седница се однесува манипулативно. Претседателот Стојан Андов е лично одговорен за лошото работење на Собранието, сомнителен кворум, кога на 66-та седница во отсуство на кворум го прекрши деловникот и го девалвира највисокиот законодавен дом, Парламентот на РМ, кое нешто можеа да го видат и граѓаните на РМ, од телевизискиот пренос. На оваа седница во отсуство на мнозинство Собранието изгласа и одби предлози за избор на претседатели на судови во Република Македонија, иако претходно беа предложени од судскиот совет на РМ. При верификацијата на мандатот на новиот пратеник на ДПА, Андов дозволи тоа да го сторат само 43 присутни пратеници во Парламентот што беше некоректно кон лицето кое беше предложено од пропорционалната листа.

И покрај нашето укажување за недоволен кворум, 66-та седница кога се расправаше за усвојување на Буџетот на Република Македонија за о.г. кое беше евидентирано и прецизирано од телевизиските камери листинзите од гласањето и злоупотребувањето на пратеничките картици со донесување на закони и одлуки на Парламентот кога нема доволен број на пратеници се доведува во прашање легитимноста на тие одлуки и закони.

На овој начин благодарение на Андов, се девалвира највисокиот законодавен дом и се дезавуира функцијата пратеник во Собранието.

Со начинот на кој Андов ги води седниците Собранието го става во подредена позиција во однос на извршната власт си зема за право да се меша во работата на други државни институции кои се независни во своето функционирање. Претседателот Андов има двоен аршин за водењето на седниците, тој непринципиелно и некоректно ги води расправите. Кому му одговара инсистира на мислење од парламентарните комисии, а кога не му оди во прилог не го почитува нивниот став. Оценка е дека претседателот со ваквите свои постапки не само што го нарушува Деловникот и Уставот на Република Македонија, туку со своето однесување го става Парламентот и себе си во служба на извршната власт што беше најочигледно со случајот со аферата прислушкување кога поради вмешаноста на власта Андов го оневозможи да се утврди политичката одговорност на сторителите. Господинот Стојан Андов, си дозволи таков луксуз по втор пат да свика свечена седница по повод 10 -годишнината од првата конститутивна седница на Парламентот без одлука на Комисијата за одбележување на јубилејни датуми и поводи и покрај тоа што веќе претходно што беше свикана и одржана свечена седница од господинот Саво Климовски, сега веќе екс претседател на Собранието на Република Македонија.

Се наметнува прашањето, дали за ист повод е потребно да се одржуваат две свечени седници во услови кога Македонскиот граѓанин е доведен на граница на минимална економска егзистенција, кога имаме над 400-тини илјади лица невработени, а над 100 илјади лица кои се борат за вработени но не добиваат подолго време плата, а г-диноти Андов неводеше сметка за материјалните трошоци на една седница, кои изнесуваат над 30 илјади германски марки. Се прашуваме дали имаше потреба да се одржува седница по втор пат за ист повод.

На првата свечена седница на пратениците од првиот парламентарен состав им се доделија златни значки, излезе поштенска марка, издадена е публикација за досегашниот македонски плурален систем, па се поставува прашањето дали г-динот Андов ги "залечи" сопствените комплекси.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:** (Продолжение)

На повторната свечена седница се случи невиден скандал без преседан. При интонирање на државната химна на Република Македонија, која одеше без текст, без хорска изведба во живо, како што прилега на еден ваков свечен јубилеј. Се наметнува заклучокот дали текстот на химната "Денес над Македонија" усвоен од

Собрание е објавен во "Службен весник на Република Македонија" број 50 од 12 август 1992 година му смета на некого. При интонирањето на химната случајно или намерно господинот Андов не одаде почит на Република Македонија, со тоа што додека се интонираше химната неговиот поглед не беше уперен према државното знаме, видно поставено во собраниската сала.

Со враќањето на Андов на спикерската позиција наместо Парламентот да претставува институција која го контролира и санкционира однесувањето на власта, Парламентот и неговиот прв меѓу еднаквите пратеници се претворија во нејзин апологет.

Со доаѓањето на Андов Владата на Георгиевски го најде погодното тло за маргинализирање и суспендирање на македонското Собрание во политичкиот живот. Наместо да го воздигне дигнитетот на највисоката законодавна власт во Македонија, со доаѓањето на Стојан Андов, Собранието стана избор на неморал во антидемократија и корупција и се претвори во институција за остварување на ниски цели и богатство.

Доаѓајќи на оваа позиција и самиот Андов ја прифати ваквата положба на Собранието определувајќи ја со објективни околности на недоволно изградени политичка култура на однесување на субјектите на политичката сцена. Господинот Андов го постави Собранието во подредена улога во однос на Владата. Неговото доаѓање предизвика хаос во функционирањето на Парламентот. Секоја седница на Парламентот е седница на манипулации при што господинот Андов успева на секаков начин да ги спречи расправите во Собранието кои се нужност и неопходност за кревката македонска демократија. Мнозинството артикулирано преку првиот парламентарец постојано ги игнорира барањата во Собранието да се отворат теми што по секоја одлука токму и таму да се претресе.

Господинот Андов со своето однесување скоро на секоја собраниска седница настојува да ги замачка очите на јавноста со некаква демократичност и отвореност. Нашите реални индигнации зборуваат дека господинот Андов се однесува со доза на лицемерие и камелеонство при што тој ги изедначува државните со личните интереси, а воедно е и соучесник во уништувањето на Република Македонија.

Господинот Андов го смета за профитер од формирањето на новото парламентарно мнозинство и со тоа соучествува во нечесните работи што ги прави оваа Влада. Да се потсетиме само на претходното минато кога тој бараше итна собраниска седница кога беа нападнати нашите домови, а кон сегашното пошироко загрозување на парламентарната демократија има игнорантски однос. Очигледно е дека како што се менуваат времињата, така се менува и мислењето на Стојан Андов. Сега кога Либералната партија е дел од Владата, кога нејзините членови станаа министри и кога Андов повторно ја завзеде фотељата на првиот спикер во Собранието, поранешните изјави се заборавија. Со својата одлука да учествува во власта спикерот на Македонскиот Парламент час рачно, час електронски Парламентот го претвори во место за забава.

Од досега изнесеното евидентно е дека господинот Стојан Андов е лично одговорен за нефункционирањето и блокирањето на работата на Собранието, со што наједноставен чин би била неговата оставка како гест на неговата неодговорност.

Од тие причини го повикувам тоа да го стори, за да придонесе кон деблокирање на работата на Собранието и да се деблокираат заклучените демократски процеси во Република Македонија. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Деловнички бара збор господинот Александар Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, институтот интерпелација е многу важен институт во нашата правна пракса или нашата уставно правна пракса. Немаше на ваков начин институтот во еден од најбитните во вршење на својата уставна позиција, политичка контрола и надзор на носителите на јавни функции, избраните и именуваните функционери на ваков начин да се девалвираат. Господинот Стојан Андов е еднаков меѓу нас сите и прв меѓу нас сите, тој до пред извесно време седеше во редовите на нашите клупи, неможе да се расправа, самата суштина, дали енциклопедиска, отворете која сакате енциклопедија не правна, ние интерпелираме, ние разговараме за нешто што одредени наши колеги го насочуваат дека е така и по тој повод користејќи ги деловничките одредби господинот Андов треба да седи тука. Тој ги омаловажува и

пратениците и нас сите. Господинот Андов е отсутен приватно, службено, што расправаме ние. Што ќе се случи правно кога ние ќе поднесеме интерпелација, одговорност за министер на Владата. Министерот на Владата да не дојде. Сите се јавни и избрани тука. Мислам дека многу е битна оваа институција. Ние ќе разговараме. По самиот Деловник не мора да заврши интерпелацијата со утврдување на одговорност. Интерпелацијата може да заврши само со дискусии, тоа е многу јасно. Интерпелацијата може да заврши со заклучоци. Дури интерпелацијата на барање на предлагачите може да заврши само со изјаснување за утврдување на одговорност, а ние разговараме, нас пратениците да го слушнеме одговорот чесно и одговорно во досегашната пракса некој да даде одговор.

Деловникот не би сакал да го толкувам. Точно е и предлагачите како што викаат должен е, во досегашната пракса, тврди дека не мора да даде одговор, но во досегашната пракса сите министри, сите носители на функции биле присутни тука. На овие пратеници е должен, можеби секој е должен дали е невин или виновен, но ние овде сакаме да разговараме за работата на овој Парламент. Дали Парламентот ја остварува својата законодавна функција. Дали Парламентот ја остварува својата функција на политички надзор и контрола. Ние меѓу народот, меѓу населението, свесно или несвесно, а можеби најголемо влијание има првиот човек на овој Парламент. И претходните претседатели и овој претседател го претставуваат Парламентот. Тој ги закажува седниците, а тоа ние сме должни сега да укажеме и да ја подобриме онаа најлоша слика меѓу населението што смета Парламентот е извор и на кризи и на оваа состојба со своето неработење, своето нередовно работење. Па, видете, пратеничко прашање поставено пред година дена, вчерашната седница, завчерашната седница, тоа е некоординирана работа. Претседателот нас не претставува, а ние сме еднакви сите.

Предлагачите се господари на ситуацијата и тие треба да одлучат, но јас сметам дека не можеме да ја расправаме. Господине потпретседателе, дајте ми одговор согласно Деловникот, господинот Стојан Андов, како претседател на Собранието, односно како пратеник е отсутен службено, приватно или не сака. Дали ќе ни дадете одговор. Ќе не удостоите или не, тоа е негово право, но јас како пратеник, за да можам да дискутирам, мора да се слушне и другата страна. Ова не е судница, не е судење, но во отсуство, во отсуство Шаќири ќе се суди, бидејќи е избеган, господинот Андов е тука.

Јас предлагам господине потпретседеателе, односно предлагачите да побараат да се прекине, како што е достоинствено, да дојде господинот Андов ако смета да не удостои, да ни каже на овие наводи, за да можеме ние да учествуваме, а ако не смета, мислам дека нема никаква смисла, знаете велат дека свадба без зет се прави, ама полномошник треба. Кога ги испраќале во Америка правеле и такви свадби, а ние правиме сега интерпелација без присутен. Дали има логика? Ако сакате свадба без присутен зет, само со невеста, треба некој друг да ја носи да ја венчава. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Од господинот Гештаковски бев повикан да дадам одговор дали треба господинот Андов треба да биде присутен или не. Одговорот од моја страна е јасен.

Процедурален налог за негово присуство немам. Јас мислам дека вториот дел - да оцени сам дали ќе учествува во работа или не каде се бара негова одговорност. Сум поблизок до ставот да биде присутен, меѓутоа, самиот треба да одлучи, бидејќи ако нема императивен и ако нема казна, тогаш нема ни обврзаност. Ова важи и за одговор на првиот дискутант - дали мора да биде Андов присутен или не и да даде одговор.

Одговор да даде е право на некој и ние не можеме да го принудиме.

Повторно се јави за збор господинот Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Господине потпретседателе, јас од вас не барав да го толкувате Деловникот дали треба да присуствува или не треба да присуствува. Нема правен акт во кој за некого се бара а не присуствува. Неможете вие да дадете толкување и нема логика да се даде толкување. Има логика, а од вас барам дали господинот Андов на денешната седница е присутен на оваа седница, е отсутен службено, приватно, одговорете дали е присутен на работењето на оваа седница или е службено зафатен, можеби има поважни работи. Во неговата надлежност има повеќе работи, ние сме му пренеле, нас не претставува, можеби амбасадор прима, да го сфатиме, да почекаме. Тој нашиот легитимитет го влече, ние не го влечеме од него. Ние сите сме еднакви. Не може да се однесува, бидејќи не може во ниеден Деловник, во ниеден акт

не може да има за еден претседател на Собрание, ако се бара одговорност најдемократски, најлегално, да присуствува лично. Не барам од вас јас тоа. Барам негово изјаснување, ќе одам да прошетам или ќе одам за завршам работа, дали е присутен на оваа седница. На крај краишта ќе стегаме ние сите и копче и тој дали ќе стегне, тој е еднаков меѓу нас. Ако така ја сфатиме демократијата, ќе одиме напред. Собранието не работи, јас ќе дискутирам, а логика да дискутирам е паралелно да го слушнеш и претседателот Андов зошто направил така, што причини биле, за да имаме логика да разговараме. Да имаме една страна. Никаде во правото, вие знаете, со една страна не се разговара, се има и лице и опачина, само има и фурнаџиски лопати кои ги мешаат и така и така фрлаат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колега Гештаковски да не полемизираме повеќе. Едно е вистина.

Фактични и се гледа дека господинот Андов не е присутен во салата.

Неговиот однос зошто е отсутен може да го соопшти или не.

(Реакција на пратениците во салата).

Господине Гештаковски, на вас се однесува, дајте ни вие, што толку бараме демократичност, обврската за одговор и присутност.

(Реакција на пратениците во салата, дури и со станување од место).

Седете таму луѓе, немојте така.

Во сите закони каде се говори бара одговорност, но има и еден систем со молчење.

Кажете како да му го одземеме тоа право.

(Господинот Амди Бајрам излегува на говорница без да му се биде даден збор од претседавачот).

Има збор господинот Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Господине потпретседателе, почитувани пратеници, некои работи што сакав да ги кажам ги напомна господинот Гештаковски, но јас уште подецидно би го изнел нашиот предлог.

Во интерес на почитување и дигнитетот на нашиот Парламент, а најискрено, без никакво лицемерие и заради самиот претседател господинот Стојан Андов.

Досега имавме многу интерпелации и за одредени министри и за претседатели на Собрание и немаше случаи да не се одговори дали писмено или усмено на забелешките од интерпелацијата. Јас предлагам конкретно заради, да не правиме преседан во ова Собрание и во интерес и на самиот претседател Стојан Андов да се обидете господине потпретседателе, да направиме пауза 15 минути, да го контактирате господинот Стојан Андов да се врати и да одговори на забелешките од интерпелацијата и тогаш да отвориме расправа во која ќе воспоставиме една нормална процедура како што досега имавме при случаи кога сме имале интерпелација.

Мислам дека тоа е најдобро и за самиот претседател на Собранието.

(Некои пратеници упорно бараат збор).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ќе ги завршиме процедуралните, Чедомир Краљевски, па Черкезов, па вие тогаш.

Значи, има збор Чедомир Краљевски, Черкезов, па Амди Бајрам.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, ако добро го слушнавме претставникот на предлагачите на интерпелацијата, господинот Ненад Ристовски, убаво побара од господинот Стојан Андов да не ја води седницата кога се работи за точка на дневен ред - интерпелација на претседателот на Собранието. Тоа подразбира штом не ја води седницата, да е отсутен и од салата. Како би можело да биде присутен во салата претседателот на Собранието, а да не ја води седницата.

Според тоа, сосема доблесно реагира господинот Стојан Андов кога ја напушти салата во интерес на целосно изјаснување на подносителите на интерпелацијата и одбегнување на секаква можност со манипулација на седницата, како што тие наведуваат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор господинот Черкезов.

(Господинот Ненад Ристовски бара збор за реплика).

На кого реплика барате?

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Бев споменат во претходната дискусија.

Господине потпретседателе, дами и господа, имаме среќа што тука има луѓе што водат стенографски белешки од оваа

седница, и нема потреба господинот Чедомир Краљевски со нарушено сетило за слух да ни кажува што сум јас кажал.

Јас тука процедурално излегувајќи со овластен документ од ова Собрание реагирав на кршење на процедурата, т.е. на самиот акт на интерпелација. Тука е јасно напишано и вие го имате овој документ и јасно е дека господинот Стојан Андов по однос на првата моја забелешка го има прекршено и Деловникот и Уставот. Тоа е едно.

Друго, јас побарав дека имаме случај за истиот носител на јавна функција да биде и предавач, да заседава со заседанието, побарав тој да не го води, бидејќи имаме овластени и потпретседатели на ова Собрание и за да се избегнат манипулации само да не го води. Јас не побарав тој да излезе и на сите да ни удри шамар и со тоа да го омаловажи Собранието. Тој е пратеник, прв меѓу еднаквите. Ние имаме тука јасна ситуација – интерпелација за носител на јавна функција. Тој го суспендира Уставот, го суспендира Деловникот, на господинот Даневски бидејќи од место дофрлува, онаа моја процедурална забелешка се наоѓа на страница број 100 каде што убаво пишува должен е. Самата норма "должен е" не остава простор за толкување на правник. Ние имаме во самата правна наука, а ми се чини дека господинот треба да е правник, една забелешка - колку правници, толку толкувања. Но, во оваа книга, која е овластена книга со печат на Собранието, на страница број 100 од 110 години работење на ова Собрание се дадени јавните толкувања како треба да се толкува Деловникот. Значи, сега имаме една чиста ситуација, имаме носител на јавна функција кој воопшто не го толерира ниту пак покажува минимум чувство за органот кој го избрал. Во секоја нормална држава тоа е основ да не продолжи било каква расправа по ова. Наодите се јасни. Ние како Парламент не постоиме повеќе. Како пратеници не можеме да добиеме никакво известување, со што би извршиле контрола од носителите на јавната функција. И господинот Чедо Краљевски нека си ги види стенографските белешки, јас знам што сум кажал, цела среќа што имаме тука присуство и на неговите и ако сакаат да играат игра по секоја цена да се задржи некој, ние знаеме дека тоа може да се направи со гласање. Конкретно во овој Парламент може да се докажи и со снимка и со се дека некој некого убил, со 61 глас може вие да го ослободите. Ние си ја работиме работата. Ние гледаме грубо кршење на правилата на демократијата, суспензија на Парламентот и може за тоа да зборуваме по овие наоди, а со вакви евтини трикови, што јас мислам дека не одговараат ни на човек со минимална интелегенција за да кажува кој што кажува. Стенографските белешки се тука, нека се погледаат.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Чедомир Кралевски

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, господа пратеници, за среќа во Република Македонија постојат доктори оториноларингolozи кои можат да го проверат слухот на секој од нас, па и на господинот Ненад Ристовски. Но, за среќа постојат и психијатри или неуропсихијатри кои можат да го следат нашиот интелект, интелигенција, психолози, и да направат анализи за се што се изјавува пред оваа говорница. Мислам дека имаме случај од претходниот говорник токму за таков доктор да биде третиран. Што друго да кажам.

Јас добро кажав дека еден од претставниците на подносителите на интерпелацијата, побара Стојан Андов да не ја води оваа седница, кога се работи за точката од дневен ред, интерпелација за неговата работа, и ја истакнав доблеста на Стојан Андов, да стане и да ја напушти седницата, за да му овозможи на потпретседателот да продолжи да ја води седницата. И кажав дека е апсурдно да биде присутен во салата претседателот на Собранието, а да не ја води седницата. Тоа кажав, ништо повеќе.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, во има на пратеничката група сакам повторно да истакнам дека интерпелацијата, ВМРО -ВМРО ја поднесе во архивата на Собранието пред три месеци.

После бројните опструкции што ги направи господинот Стојан Андов, да ја стави на дневен ред интерпелацијата ценам дека, еве денес имаше можност господинот ...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, зборувајте за процедура, а не за ...

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Процедурално кажувам господине. Дозволете ми, не ми упаѓајте во мислата. Со

половина реченица како можам да се искажам.

Значи имаше можност г. Андов три месеци да размислува за оваа интерпелација. Направи опструкција околу дневниот ред на 69-та седница гледаме веќе колку време се одоговлекуваше усвојувањето на дневниот ред на оваа седница. Меѓутоа, еве денес дојде на дневен ред интерпелацијата и тој требаше да покаже доблест, чесност и храброст да слушне тука од пратениците и пофалби и критики. Тој е прв меѓу сите нас. Нема потреба да лечи некои комплекси, гледајќи телевизиски пренос.

Во тој контекст бидејќи денес искажа многу нервоза, на почетокот на оваа седница, во името на пратеничката група ВМРО - Вистинска барам еден час пауза, господинот Андов да се среди и да дојде да ги слуша нашите излагања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

За реплика се јавува г. Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, јас барам реплика, а потоа нека одлучи Собранието или вие, дали ќе дадете на лажовните ВМРО пауза, или не знам што.

Во однос на она што читаше г. Ненад Ристовски, дали е тоа кумановски деловник за работа или Деловник на Собранието, или коментар на, не знам, некој Живковски.

Во член 47 децидно стои, ќе му го прочитам или тој нека си го прочита, во однос на неговиот коментар.

Ова другото, јас мислам испод ниво падна г. Гештаковски, кога падна на нивото на господата од лажовно ВМРО, да дојде г. Андов и да му ја пее химната на г. Гештаковски. Мислам испод ниво е тоа на г. Гештаковски, ја разочара јавноста и сите пратеници, го спушти Собранието испод нивото. Ова се бајати текстови кои ги има добиено господата од ВМРО лажовно, а од СДСМ, само текстот лошо го прочита бајат, застарен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Предлагам пауза од 15 минути.

(Потпретседателот даде пауза во 14,15 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,30 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам пратениците да влезат во салата, а службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Имаме 64 присутни пратеници во салата и можеме да продолжиме со работа.

Прво, треба да разјасниме едно прашање.

Овде беше побарано од г. Ненад Ристовски, јас како претседател на Собранието да не претседавам со седницата додека се расправа за интерпелацијата.

Господинот Ристовски се повика не на некој акт, не на некоја форма, не на некое решение, туку на претпоставки од него и неговото чувство за можен конфликт на интересите, јас да сум заинтересиран и заинтересирано да ја водам седницата.

Јас сакав да му олеснам и да му го прифатам тој негов став, иако досега тоа не се случило. Досега сме имале повеќе интерпелации и претседателите на Собранието си ги водеа седниците. Тоа не е случајно што тие така постапувале.

Сакам да ви објаснам нешто и околу тоа да бидеме начисто. Често пати се повикуваме на еднаквост, прв меѓу еднаквите за претседателот итн. Пратеникот е институција, претседателот на Собранието прво е пратеник, а потоа е претседател на Собранието, а тоа пак е друга институција, и по тоа не сме еднакви. Претседателот на Собранието е со други задолженија и овластувања, кои не му припаѓаат на било кој друг пратеник, туку само нему. За тоа е тој одговорен и има инструменти како одговара за таа работа. Меѓутоа, во вршењето на тие негови задолженија тој нема право да отстапува од нив. Му припаѓаат, тоа е негово право, но и негова обврска. Ако претседателот на Собранието има многу задолженија, а од нив две ќе наведам. Едното задолжение е дека го претставува Собранието, и се разбира никој друг не го претставува Собранието. Претседателот го претставува Собранието. По Уставот е така. Тоа е уставно решение. И, второ се грижи за спроведување на Деловникот. Никој друг не може да се грижи за спроведување на Деловникот, туку претседателот на Собранието. Само тој.

На седницата каде што е присутен претседателот на Собранието, се грижи за спроведување на Деловникот така што претседава, дава збор, опоменува, укажува итн. Ако е присутен тука претседателот на Собранието, никој друг не може да се грижи за спроведување на Деловникот. Тоа само

нему му следува и негова обврска е. Ако не е на седница таа обврска тој ја пренесува на потпретседателот заради тоа што некаде во нешто го претставува Собранието. На друг начин тој не може од таа обврска да се ослободи. Затоа доколку јас му удоволам на г. Ристевски, да не претседавам со седницата заради можниот конфликт на интереси, јас морам да излезам од овде и да се занимавам со други работи, каде што го претставувам Собранието, а тоа господинот Гештаковски, малку со потсмев вели, да ни каже дали има навистина нешто со што се занимава и можеби му е нешто поважно. Има навистина со што се занимавам. Мислам дека не е достоен тој однос и таква иронизација на функцијата на претседател на Собранието.

Сакам уште нешто да ви кажам.

Тенденцијата да се изедначи функцијата на претседателот на Собранието со пратеничката функција е на прв поглед некој знак на демократија. Инаку, во суштина значи подривање на институциите, доведување во прашање претседателот на Собранието да си ја извршува таа функција која нему му припаѓа. Затоа сакам да ви кажам, и сега еве се вратив, јас дојдов овде да го ова објаснам.

Ако инсистира г. Ристевски на своето барање јас да не претседавам заради конфликт на интереси, нормално јас не сакам да си го доведувам својот морален интегритет во прашање, ќе ја напуштам седницата, ќе излезам, ќе се занимавам, а имам многу што да работам.

Ако го повлече тоа барање г. Ристевски, се разбира, јас ќе бидам овде во салата и ќе ја водам седницата понатаму и ќе работиме. Ако не седницата ќе ја води потпретседателот, нормално.

Ова се дилемите на кои сакам да ви укажам и за кои не сакам да дискутирам. За тоа не може да се дискутира. Тоа во Уставот е напишано. Не е тоа деловничка забелешка, па некој да поставува забелешка за тоа.

Има збор господинот Ненад Ристевски.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа, како прво, да не ја извртуваме вистината. Јас при првото излегување имав една процедурална забелешка која ви кажав од каде е, како е и на што се базира.

Второ што кажав е тоа што вие и подобро го кажавте од мене, заради тој судир на интереси јас предложив. А нашето мислење вие да бидете присутен во салата, јас го кажав дека второто не е процедурално. Второто е една моја лична забелешка која може да се прифати, а може и да не се прифати. Јас реагирав процедурално на она што се вика Деловник, што е закон за работата на Собранието и сега да не ги извртуваме работите. Ако немате факти за она што се кажа, не можете вие, на пример со бегање на друга тема, да се избегне основната тема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие само кажете дали го повлекувате барањето.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Јас го повлекувам барањето...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тогаш одете си, напуштете ја говорницата. За тоа ви дадов збор. Само за тоа ви дадов збор. Го повлекувате барањето. Тогаш, ве молам напуштете ја говорницата.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Чекајте јас ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, исклучете го микрофонот. Ве молам одете си на местото.

Добро, се разјаснивме.

Според тоа барате да бидам присутен овде и да претседавам со седницата. Го повлекувате барањето.

Што се однесува за првата процедурална забелешка за тоа ќе ви објаснам сега.

Јас ви објаснив само вие едноставно тоа не сакате да го слушнете.

Одредбата што ја читате само делумно ја читате. Одредбата значи обврска на оној на кого му е упатена интерпелацијата да даде одговор на интерпелацијата, ако даде, во 30 дена. Тој не може понатаму од 30 дена да чека и да има право да дава писмен одговор. Писмен одговор тој нема право да дава, да чека после. Интерпелацијата после 30 дена се става на дневен ред. Ако не намерава да даде одговор, тогаш навреме треба да извести дека тој не намерава да даде одговор. Јас така и направив. Тоа е тоа што вие го читате. Тоа така било овде, во овој Парламент така сме го толкувале, така пишува и таква е одредбата. Според тоа вашата забелешка некој да мора да даде одговор на интерпелацијата, апсолутно не е точно.

Сега ако останувате на вашата забелешка, ќе одлучиме со гласање, дали вашата забелешка е точна, дали се прифаќа

или се отфрла. Така се работи во Парламентот.

Дали се откажувате од замерката, или инсистирате да го дадам тоа на изјаснување на Парламентот.

Господине Ристевски тоа е вашето право да кажете дали се согласувате.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Бидејќи лично ме повикавте да се изјаснам по прашањето дали ние опстојуваме на тоа дали вие да бидете на седницата ..

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа се изјаснивте.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Ние уште еднаш велиме, бараме, бидејќи интерпелацијата е наменета за вас, да бидете присутни во салата.

Ова второто барање можете да го прифатите или не, по тоа прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кое прашање?

Јас за друго ве повикав да кажете. Ние првото прашање го расправивме. Вие само ги враќате работите. Јас ве повикав да кажете дали прифаќате дека вашиот процедурален приговор нема основа. Јас го отфрлам.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Не, нашиот процедурален приговор, ние сметаме дека има основа и ако ми дозволите, ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, нема дозволување. Сега нема расправа. Дали останувате на него. Нема расправа.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Остануваме, а вие можете да се изјасните ако сакате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали се усвојува приговорот на г. Ристевски, за тоа ќе гласаме.

Молам, да гласаме.

Гласале 76 пратеници.

18 пратеници гласале за, 7 пратеници се воздржани и против се 51 пратеник.

Според тоа приговорот на г. Ристевски е отфрлен и е неоснован.

Има збор г. Ристевски.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Не беше работа за приговор, туку процедурална забелешка за која ви е кажано од каде е дојдена основата. Немавме приговор, туку процедурална забелешка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Ристевски и тоа ќе ви го објаснам.

Не постои нешто како процедурална забелешка, туку деловнички приговор.

Бидејќи овде имаше други барања спрема мене, ги видов, сепак да го изнесам мојот став по наводите во интерпелацијата, на почетокот на расправата, за да можело полесно да се расправа. Сега тоа ќе го сторам.

Почитувани пратеници, по Уставот воопшто не е речено дека на избрани лица и институции може да се поднесе за нивната работа интерпелација, право на интерпелација 5 пратеници можат да потпишат, Собранието тоа го разгледува итн.

Тука ние во практиката воведовме можност да се донесува интерпелација на претседателот на Собранието. Тоа во другите Парламенти не постои. Контролата на работата на претседателот на Собранието се врши на друг начин, не со интерпелација. Такви работи нема никаде, но ние тоа го воведовме. Штом сме го вовеле јас се согласувам и сосема е нормално, штом има таков предлог овде да расправаме и ќе расправаме. Сега ќе ви кажам зошто мислам зашто е апсолутно неоснована и да не речам бесмислена оваа интерпелација од пратеничката група на ВМРО - ВМРО. Ќе одговорам на секој став. Господинот Стојан Андов се вели во неа врши опструкција во отсликување на итна седница во врска со аферата прислушкување. Со тоа оневозможува со парламентарна расправа и донесување на ставови и заклучоци Собранието целосно да се вклучи во информираноста и разрешувањето на оваа афера, а со тоа и да се симне можноста одредени пратеници да работат прислушкувани или под притисок или уцена. Со ова е загрозено функционирањето на пратениците, а исто така оневозможува да се разгледа прислушкувањето на претседателот на Државата, врховен командант на вооружените сили на Република Македонија и други јавни личности". Овде сакам да дадам односно да се осврнам на два аспекти.

Прво, формално - правниот. Мислам ако сакале да наведат некоја причина за интерпелација и сериозно да бидат сфатени, требало да наведат која одредба на деловник, закон или Устав јас ја кршам односно ја прекршувам. Треба да кажат

дека во член тој и тој на Деловникот или на некој Закон или на Устав стои таква и таква обврска, штом некоја пратеничка група ќе побара итна седница по било што, претседателот на Собранието веднаш е задолжен во таков рок да свика итна седница. Ако го погледнете Деловникот, ќе видите дека таква обврска на претседателот на Собранието не постои, ниту има некој право од него да инсистира понатаму кога да биде таа седница. Таква седница има право само претседателот на Собранието да закаже, доколку оцени за тоа. Се друго ако не оцени е најобичен политички притисок врз него и ништо понатаму. Никој во тоа нема право да навлегува, бидејќи не постои таква одредба, ова од формално -правен карактер, овој приговор и овој наод го сметам, навистина неоснован.

Што се однесува од причините од кои во овој конкретен случај јас се раководев и не свикав итна седница, така одлучив, јас за нив многу повеќе зборував. Зборував, бидејќи и сега ќе наведам, од мене се бараше да свикам итна седница без материјал. Ми беше потурен материјал од прислушкувањето како го симнале, каде што не стои ниту чиј е, ниту чија проверка претставува, од кого е проверен итн. Тој материјал не го третирам како материјал, бидејќи нема кој да одговара за неговата автентичност, ниту за наводите во него итн., ниедно службено лице кое се јавува како предлагач во Уставот и Законот за овде да може да предлага материјали во Собранието. Но, бидејќи во барањето се тврдеше дека тој материјал е доказ за инволвирање во незаконити работи и на државни органи и точно речено кои државни органи, за работата на тие државни органи Собранието има разработен по законот и Деловникот установен механизам. Ниту пратениците, дури ни претседателот на Собранието нема право на увид во работата на тие служби непосредно. Тие имаат право преку комисија, која со два закони е конституирана, се повикува на неа, а ние во Деловникот сме разработиле каква е и што е таа комисија. И, сосема нормално јас тие материјали ги упатив на Комисијата, Комисијата работеше, таа даде извештај. Кога ми даде извештај се стекнаа услови да можам да свикам итна седница и свикав итна седница. Според тоа, и во конкретниов случај нема никаква основа ова што се тврди во интерпелацијата.

Втора алинеја „претседателот Стојан Андов е одговорен за лошото работење на Собранието со сомнителен кворум". Кој констатирал дека јас или Собранието работело со сомнителен кворум. Тоа може да констатира само Собранието, никој друг. Досега Собранието тоа не го констатирало. Ако вие мислите дека меродавен заклучок ќе се уважи дека Собранието работи со сомнителен кворум, заради тоа што се одржале неколку конференции за новинарите, па тоа не може да биде доказ, се разбира. Тоа е ваше политичко мислење, ваш политички став и тоа не може да биде основ за интерпелација. Понатаму се вели "злоупотребувањето на картиците и на донесување на закони и одлуки на Парламентот на кои нема доволен број на пратеници".

Исто така, мислам дека тоа е обична инсинуација. Тоа е еден обид да се подрие угледот на законите кои сме ги донесувале, да не се верува во нив, да се побуди сомневање во нив, а морам да ви кажам тоа е едноставно штетна работа. За да биде нешто такво, треба да се покрене постапка пред некој орган, да се докаже дека е така, па да може да се наведе. Вие немате ништо такво наведено, ниту некој орган такво нешто заклучил.

"Со начинот на водење на седницата често го става Собранието во подредена позиција во однос на извршната власт". Апсолутно произволна констатација која може секој да ја каже и обратно дека ја оштетува извршната власт итн. Тоа, како ја водам седницата, секогаш кога ќе забележите нешто такво, можете да инсистирате како прекршување на работата на деловничката работа на Собранието, спроведување на Деловникот и да барате изјаснување на Собранието. Тоа на друг начин не може да се констатира.

"Си зема за право да се меша во работата на други државни институции кои се независни во своето функционирање, а исто така го протежира држењето на лекции на пратениците од страна на одредени министри". Апсолутно не основана инсинуација. Тука, веројатно се мисли на писмото што го упатив до јавниот обвинител да ги достави материјалите. Па, додека не го упатам тоа писмо да ми достави материјал, а тоа е државен орган кој ја претставува државата, ние сме државен орган и само од него можам да барам јас, од никој друг, тоа како можам воопшто да организирам работа во Комисијата. Вториот пат кога беше, исто така, кога излегоа околу 70 страници дури дојде и г. Поповски Љубомир да побара од мене да напишам уште едно писмо за и тие да ги добиеме, бидејќи не беа испратени овде. Тоа е најнормална комуникација меѓу

Собранието и оној орган кој треба да го сервисира во таа функција. Јас нему не му пишав писмо кого да го тужи и каква кривична одговорност од кого да бара, туку да ми прибави тоа што тој располага. И, тој е должен да прибави, бидејќи комисијата со него нема на кој друг начин да бара.

"Сум свикал седница на Собранието за одбележување на 10-годишнината од првата конститутивна седница на повеќепартиското Собрание на РМ". Па, Собранието мора да си ги слави своите јубилеи. Кој ќе му ги слави на Собранието јубилеите, ако тоа не ги слави. Тоа е 10-годишнина од првата седница. А, што се однесува до тоа дека Комисијата за одбележување на датуми и јубилеи не одобрила, ве молам да ми најдете закон, Устав или Деловник каде треба некоја комисија да му одобри на претседателот на Собранието да закаже седница. Тоа е потполно бес смислена работа што пишувате овде. А, тоа дали г. Саво Климовски на време кога партиите требало да слават, за што има повеќепартиски избори првпат, тој свика седница и тоа е негово право. Тој оценил дека така треба и си свика седница и тоа е само негово право. И, никој не му приговори зошто свика седница на 11 ноември.

Околу итната седница уште еднаш да се навратам. Јас бев во ваша ситуација кога сам барав од г. Климовски, тој беше во Њујорк, да свика итна седница за тие притисоци и напади на вашите домови и на вас лично шестмината. Се разбира, по телефон, на телевизија г. Климовски одговори дека тој не мисли да свикува таква седница и оценува дека е непотребно. Нека каже тој дали јас јавно или лично сум му приговорил за тоа, но тоа е само негово право, само тој одлучува, никој друг не може да одлучи. Се друго би било политички притисок.

"На свечената седница свикана од г. Стојан Андов, химната беше интонирана без тек и плејбек. Вообичаено е во вакви прилики да се интонира химната во живо и во хорска изведба" Па добро тоа морам да ви кажам со протоколот видете, навистина, треба да се среди дали ќе биде во живо или ќе биде плејбек. Потоа, натаму се вели „ви наметнува заклучок дали текстот од химната Денес над Македонија му смета некому при интонирањето на химната". На г. Андов да не му смета. Па, господа, вие, сакам да ви кажам нешто правевте митинзи по улиците против таа химна, а јас бев претседател на Уставната комисија и на Уставот кога ја усвоивме таа химна. Како не ви е срам. Пуштете ги тие работи, не личи. Натаму немате ништо речено. Затоа, јас морам да ви кажам овие пратеници, поголемиот дел повеќе пати биле пратеници, ако седнев да ги пишувам овие работи, ќе го повредев дигнитетот на пратениците. Тоа не е добро. Си реков ќе разберат дека нема смисла таа работа и ќе се завршете се како што треба. Меѓутоа, вие страшен притисок ми направивте и морав овие работи да ги кажам. Еве, овие беа причините зошто мислам дека е и неоснована оваа интерпелација. Сега сакам да кажам и нешто друго. Еве, се зборува ние потпишавме Спогодба со ЕУ, имаме и криза, се зборува и за тоа дека ние треба да не го направиме Парламентот тесно грло, да работиме ефикасно. Еве, има иницијатива и за големи коалиции, да се прошири поддршката на Владата итн., наместо да се занимаваме со тоа како Парламентот поуспешно да си ја завршува работата, вие не терате, па тука го слушам г. Черкезов и вели каде сум гледал во знамето, не сум го гледал кога сум стоел, ќе си го скршам вратот натаму цело време ако бидам свртен. Таму на друго место си стои. Како ви паѓаат на памет такви бессмислени работи. Па го гледав Черкезов, тој беше пред мене. Благодарам.

За збор се јави г. Саво Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Почитуван г. претседателе, почитувани пртеници, јас немав намера да дискутирам, затоа што сметам дека е недолично претседателот кој што си замина да ја оценува работата на актуелниот претседател, иако навистина ќе си ги задржам за себе многу оценки, бидејќи толку доцирање јас досега не сум слушнал. Но, тоа нека остане понатаму и нека остане како карактеристика на излагањата на секој човек посебно. Јас би сакал само да одговорам на две работи за кои што овде бев спомнат.

Прво, не беше тоа моја лична волја да свикам седница на Собранието по повод десет години на повеќепартискиот систем на РМ, туку тоа беше дел на програмата. Ние имаме комисија за одбележување на настани и на личности и таа програма ни беше доставена најмалку шест месеци порано. Дури и ако јас не ја почитував програмата на нашата комисија, тогаш можеше да побараат одговорност. Што значи дека не е тоа моја лична волја дали сум сакал или не сум сакал да свикам седница, туку тоа е барање од страна на комисијата овде што ние сме ја формирале. Тоа е едно.

Второ, заборавивте г. претседателе да спомнете дека вашето барање да свикам итна седница не беше причината што јас отидов за Њујорк. Ќе можев да ја свикам и кога ќе се вратев од Њујорк. Таму бев три дена. Туку, беше причината што ние веќе бевме длабоко навлезени во локалните избори и постоеше едно молчешкум правило овде дека не смееме да ја отвораме говорницата кога тече изборната кампања. И, тоа беше причината поради која што јас тогаш не ја свикав таа итна седница која што вие ја баравте. Значи, не барајте ги аргументите по аналогија, зашто може да се најдат и многу други причини и по други аналогии да се бара одговорност итн. Јас мислам дека во оваа ситуација беше најдобро да се држите на аргументите што беа кажани овде и по кои што вие го изразивте своето мислење. Само толку можам да кажам како појаснување пред јавноста зошто барајќи кај туѓите грешки, се обидувате да се одбраните себе си.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ќе му одговорам на г. Климовски.

Прво, морам да ви кажам дека јас воопшто не навлегувам во причините што вие сте ги имале и зошто сте закажале седница на 11 ноември. Тоа е ваша работа. Вие сте виделе во програмата и сте закажале седница. Програмата за оваа година, а во оваа година е 8 јануари, како што знаете се уште, за оваа година не е донесена. Не требаше јас да чекам програма да се донесе, да се вратиме назад да славиме десет годишнина на Собранието. Тоа нема врска. Јас не ви приговарам зошто вие сте закажале, си имате право да си закажете седница. Сте нашле оправдание и тоа никој не ви го спори. Што се однесува за тоа зошто вие не сте свикале итна седница, па не ви спорам зошто не сте викнале итна седница. Имате право да не свикате итна седница, вие сте тој како претседател на Собранието што оценувате зошто тоа е така. Тоа е ваша работа. И, вие кажувате дека тие и тие биле причините. Јас и тогаш не ве прашав за причините. Причините се дискутабилни и ако сакате можеме и за тоа да расправаме, но друг пат, не сега. Инаку, ваша работа е вие како што сакате, како што сте оцениле дека треба, така ќе направите и тоа е изричито право на претседателот на Собранието. Вие тоа ниту го оспорувате, ниту тоа беше само тоа што го кажав јас. Инаку, не ве спомнував ниту во никој друг контекст и мислам дека не сум навлегувал и јас во оценката на вашата работа. Молам, се разбравме со г. Климовски.

Господинот Черкезов сака да каже нешто, тој има реплика.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и г-да пратеници, многу работи кои беа кажани во интерпелацијата кои наликуваат на политички панаѓур од г-динот Стојан Андов во водењето, закажувањето на седниците, усвојување на многу законски проекти, се потврдија денеска.

Нема да му реплицирам на тој дел, единствено на делот каде без кворум изгласа Буџет на РМ. Овде направивме навистина трошоци, сите листинзи од донесување на Буџетот при гласањето се тука и докажува дека без кворум е изгласан Буџетот. Веднаш сега по мојата реплика ќе ги дадам на ПРЕС-ЦЕНТАРОТ, новинарите да се уверат самите во тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, сега ќе ни донесат и ќе утврдиме со колку гласови е донесен Буџетот.

Колку што се сеќавам со 69 гласови го донесовме.

Процедурално г-дино Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас како пратеник, бидејќи г-динот од ВМРО - Вистинска кажа дека наводно сме донеле Закон за Буџет и сме го изгласале, јас барам како пратеник сите пратеници да ги добиеме листинзите да се направи една пауза па да видиме дали е точно. Јас мислам со еден куп документи го донесовме законот како што требаше, бевме присутни, а сега ова ме изненадува.

Најубаво е да ги добиеме листинзите сите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, продолжуваме со работа.

Има збор г-динот Чедомир Краљевски.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и г-да пратеници, правото на поднесување на интерпелација претставува Уставно право на пратениците на Собранието на РМ да остварат непосредна контрола не само на Владата, туку и контрола на секој член на Владата и на секој носител на јавна функција.

Од тука сметам дека востановената собраниска практика, а и Уставот не дава за право од нејзината примена да се исклучи било кој носител на јавна функција кој е

одговорен пред Собранието вклучително и претседателот на Собранието.

Меѓутоа, од друга страна користењето на ова Уставно право претставува и огромна одговорност на тие што ја поднесуваат интерпелацијата. Ова од причина што тие се должни за прашањата кои се покренати во Интерпелацијата да понудат факти и да ги образложат истите. Во спротивно ова Уставно право може да се смета за злоупотреба на овој демократски инструмент за свои теснопартиски цели.

Интерпелацијата на пратеничката група на ВМРО - ВМРО за работата на претседателот на Собранието г-динот Стојан Андов е типичен пример за таква злоупотреба и истата е површна, неаргументирана и неоснована што наведува на заклучок дека правно неуките подносители на интерпелација некој попаметен ги наседнал и ги изманипулирал.

Имено, во првиот дел од Интерпелацијата се вели дека г-динот Стојан Андов врши опструкција на работата на Собранието со тоа што не свикува итна седница во врска со аферата прислушкување.

Почитувани пратеници во врска со вакви неаргументирани наводи, а во интерес на вистината сакам да дадам неколку аргументи.

Прво, не е спорно дека претседателот на Собранието согласно Уставот и Деловникот на Собранието во итни случаи има право и обврска да свика т.н. итна седница во рок покус од 15 дена. Сметам дека во конкретниот случај претседателот на Собранието правилно постапил кога не свикал седница без претходно надлежната Комисија за надзор над работата на Дирекцијата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање да изготви и на Собранието да му достави соодветна информација за случајот прислушкување.

Ова дотолку повеќе што одржување на седница на Собранието не е можно без претходно за ова прашање согласно член 17, 18 и 18-а од Законот за внатрешни работи и член 10 од Законот за Агенцијата за разузнавање, спомнатата Комисија да добие мислење во рок од 30 дена од Дирекцијата односно од Агенцијата.

Тоа значи дека г-динот Андов постапил во согласност со Деловникот и Законот.

Почитувани пратеници за да ја поткрепам мојата оценка дека претседателот на Собранието правилно постапил односно искрено и сериозно имал намера да свика итна седница за целосно расветлување на случајот прислушкување говори и фактот што г-динот Андов свика седница на Собранието на која единствена точка беше токму прашањето во врска со случајот прислушкување. Со таа цел на сите пратеници кои сакаа да дискутираат за прислушкувањето им беше овозможено тоа право да го остварат на седница која траеше повеќе денови односно од 21 февруари до 27 февруари 2001 година.

Во врска со забелешката за наводна злоупотреба на картиците за гласање при донесување на Законот и други прописи односно дека истите се донесувани без потребен кворум, напротив сакам да истакнам дека претседателот на Собранието во сите случаи кога постоел сомнеж во резултатот од гласањето секогаш инсистирал односно практикувал покрај гласањето со картиците стручната служба да ги изброи присутните пратеници во салата. На тој начин г-динот Андов се грижеше сите закони и други прописи да се донесат со потребно мнозинство гласови на пратениците, утврдено со Уставот на РМ, што може лесно да се утврди од стенограмите од соодветните седници.

Исто така не држат наводите дека со начинот на водењето на седниците претседателот придонесувал Собранието да биде во подредена позиција во однос на извршната власт. Имено, со Уставот прецизно се утврдени надлежностите на Собранието на РМ и надлежностите на извршната власт како и надлежностите на претседателот на Собранието, така што не би можело ниту практично, практично има шанси претседателот да го стави Собранието во таква позиција.

На претседателот на Собранието неможе да му се припише грев затоа што свикал седница на Собранието по повод 10 години од конституирањето на првото повеќепартиско Собрание на РМ без одлука на Комисијата за одбележување годишнини значајни настани и личности. Ова од едноставна причина што овој и сите други настани се одбележуваат врз основа на програми за одбележување годишнини на значајни настани, истакнати личности, што Собранието на РМ секоја година ги донесува, а не врз одлука на свое работно тело.

Во врска со наводите дека претседателот на Собранието се мешал во работата на други државни органи и дека наводно протежирал делење лекции на пратениците од страна на одделни

министри, би сакал да истакнам дека овие наводи се целосно невистинити и неосновани, од толку повеќе што за истите не се посочени никакви аргументи и примери, а тоа е така заради тоа што и предлагачите немаат никакви факти, заради што даваат паушални оценки.

По однос на забелешките за начинот на интонирање на химната на РМ на свечената седницата на Собранието одржана на 8 јануари 2001 година, сакам да истакнам дека химната е изведена на таков начин при што во целост е почитуван Законот за употребата на грбот, знамето и химната на РМ.

Тргнувајќи од изнесеното можам да констатирам дека забелешките за работата на г-динот Стојан Андов изнесени во интерпелацијата на пратеничката група на ВМРО-ВМРО се неаргументирани, паушални и неосновани. Напротив, сметам дека г-динот Стојан Андов во изминатиот период својата функција ја вршеше совесно, чесно, одговорно, компетентно и секогаш се грижеше Собранието да работи во согласност со Уставот и Деловникот на Собранието.

Посебно сакам да ја истакнам неговата улога кога пратеничката група на ВМРО - ВМРО и другите опозициони партии подолго време вршеа опструкција на работата на Собранието. Во такви услови претседателот на Собранието секогаш успеваше да преземе активности и да ги мобилизира и другите пратеници од позицијата и опозицијата со цел Собранието да ги врши своите работи во согласност со Уставот и Деловникот.

Од тука, дозволете ми да заклучам дека ако некој вршел опструкција на работата на Собранието тоа е токму предлагачот на интерпелацијата, односно пратеничката група на ВМРО - ВМРО, поради што пратеничката група на ВМРО -ДПМНЕ му дава целосна поддршка на претседателот на Собранието на РМ г-динот Стојан Андов, со индигнација ги отфрла паушалните наводи во интерпелацијата на ВМРО - ВМРО и со леснотија ќе гласа против истата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот Златко Стојменов бара збор.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе на Парламентот, почитувани колеги пратеници, јас нема да зборувам толку долго колку имам кај мене документи, меѓутоа сметам дека носам со мене некои аргументи со што ќе покажам дека сепак нашата интерпелација е аргументирана и се заснива вистински на аргументи, тие аргументи ќе ги покажам, нема да ги однесам во пресот, бидејќи има доста за новинарите.

Најпрвин сакам да изразам задоволство што сепак претседателот на Парламентот собра сила и доблест и се врати во пратеничката сала по нервозната реакција која ја имаше, брзинското излегување од салата без објаснување. Веројатно во тој момент неможеше да се снајде и да ни ги објасни сите овие деловнички моменти кои ни ги објаснуваше подоцна, меѓутоа, добро е за работата на Парламентот што сепак се врати и претседава со Собранието посебно за една ваква точка.

Сепак би сакал една ваква интерпелација и сите аргументи да ги приложам во негово присуство, што мислам дека е доблесно и чесно.

Веднаш на почетокот ќе кажам дека се работи навистина за една тешка интерпелација за сите нас тука, за сите што ќе говориме и за сите што говореа, бидејќи се наоѓа на дневен ред интерпелација, непријатна интерпелација на еден наш колега парламентарец или како што милуваме да кажеме прв меѓу еднаквите, претседавач и спикер на Парламентот и еден од најискусните и највозрасните парламентарци. На г-динот Гештаковски му кажав што бараме со интерпелацијата, еве да ви кажам дека не е страшна интерпелацијата за никого, дека треба да се сослуша, таа во превод значи (интерпелате или интерпелејт), барање на објаснување. Ние денеска бараме само објаснување во буквален превод. Така што нема ништо страшно и нема потреба од нервоза и страв од неа.

Пак ќе се навратам дека се работи за еден од најстарите, најискусните парламентарци и згора на тоа се работи за еден искусен политичар во високо реноме кој бил на многу високи функции од времето на едноумието, монизмот и комунизмот во бившата СФРЈ, прв претседател на Собранието на РМ во плурализмот од редовите на пројугословенската партија Реформски сили, преку важен дел во коалицијата "за Македонија" на вторите парламентарни избори кога по втор пат е избран за претседател на Собранието за да при скорото, новото прегрупирање при крајот на минатата година во Парламентот и создавање ново парламентарно мнозинство, оваа есен заедно со ВМРО- ДПМНЕ, ПДПА - НДП и Либералната партија повторно да стане претседател на Собранието. Во тој познат меѓупартиски дил меѓу овие партии

за спасување на денешната Влада која е во ситуација во каква ја знаеме Македонија денеска.

Почитувани колеги пратеници, имајќи ги во предвид сите овие моменти на едната страна, на истата страна од аргументите краткото време на претседателствување на г-динот Андов со Парламентот во овој мандат и имајќи ги предвид сите овие моменти пред нас се постави прашањето кое се поставува и сега дали требаше да ја покренеме интерпелацијата во тој момент кога е и нејзината оправданост. Меѓутоа, на другата страна сепак превагнаа многу поголеми аргументи, дубиози и проблеми во државата кои настанаа со претседателствувањето на г-динот Андов за да можеме да претраеме, да замижиме пред состојбите и ситуациите во кои се наоѓа Парламентот на РМ и за тоа како работи Парламентот на РМ од моментот на неговото претседателствување.

Кои се тие аргументи? Бидејќи во Интерпелацијата се наведени некои од аргументите јас сепак ќе кажам она што најмногу ми даваше за право да поднесеме една ваква интерпелација пред се начинот на работата на Парламентот за кој мислам дека има општонароден консензус дека работи лошо, дека угледот му е низок и дека можеби е најнизок во последните 10 години, посебно во последните 3 месеци, бидејќи во Македонија се случија можеби најдраматичните моменти за судбината и опстојувањето на Македонија, а Парламентот молчеше, траеше и го немаше никаде, неможеше да одлучува, бидејќи немаше кој да закаже седница или имаше кој, а не закажуваше.

Освен начинот на водење на седниците посебна приказна е закажување на седниците, дезавуирањето на Парламентот и функцијата пратеник во овој период, манипулациите со Парламентот, демократската расправа во него во корист на политичките игри и интригите на партиите и Владата за останување на власт. Демократската расправа, демократските процеси и демократските случување во Парламентот беа подредени во интерес на политичките структури во државата кои сакаа по секоја цена да ја задржат власта и по секоја цена да владејат со политичката ситуација во државата односно Парламентот беше тотално подреден на потребите на ваквиот начин на однесување на власта, а особено такви настани кои се најдраматични во почетокот на годината и за чие решавање со својот однос одлучуваше претседателот на Собранието дојдоа при решавањето на аферата прислушкување каде имаше страшна маргинализација и пасивизација на Парламентот, неоправдано не функционирање на Парламентот и посебно во настаните кои се сеуште актуелни, а тоа е безбедносната ситуација во државата и настаните околу Тетово каде Парламентот не функционираше, парламентарниот систем на уредување го немаше никаде, а на сцена се случи еден Парламент кој беше пасифизиран, кој наликува на парламентите од едно друго време, маргинализиран додека емисари од други држави, политички еминенции во државата одлучуваа за битни прашања за Македонија, парламентарците не беа информирани ниту разговараа за проблемите во државата.

Ако има некој во државата кој може да има поголемо право, поголем изворен дигнитет на база на непосредни избори од парламентарецот, претставникот на народот да биде информиран за безбедносната ситуација во државата, за случувањата во државата во овие месеци, ако има некој кој го има повеќе тоа право, јас навистина незнам посебно во парламентарна држава. На нас овие денови ни се случуваат некои квази претседателски системи на државата каде претседателот формира тела, одлучува, собира политички факти во државата и наликуваме на претседателски систем на државата, меѓутоа, го немаме по Уставот тоа, ние имаме парламентарен систем на државата, сите проблеми треба да се отворат пред Парламентот, да се разгледуваат тука и само ние имаме право да разговараме и да ги решаваме тие проблеми.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:** (Продолжение)

По начинот на закажување и однесување на претседателот на Парламентот по аферата за безбедноста на државата тој го маргинализира, го стави во улога на Парламент од едноумието кога тој беше послушник на политичките фактори во државата, а не репрезент на народот. Тоа не беа претставници на народот во овие случувања. Претставниците на народот не се информирани за случувањата, тоа мора да го знае целиот македонски народ дека тие не се информирани за тоа што се случува во Република Македонија, што се преговара за Македонија, на народот се маргинализирани со информации кои се преговорите и на кои делови, дали се преговара, или не за Уставот. Замислете за Уставот немаат право претставниците на народот да знаат. Се случува непоседување на делови на територијата на Република

Македонија, дилеми за војна и мир, дилема за вонредна, или редовна состојба, парламентарците кои одлучуваат по Уставот за тоа ...

(Господинот Томислав Стојановски дофрлува од место).

Јас би сакал да ми дозволите јас да се произнесам.

Ако има некоја реплика господинот, постојано ме прекинува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се обидувајте вие да ја водите седницата. Ве молам, немојте. Продолжете. Не влегувајте во расправи вие со пратениците. Вие ќе се обраќате на Парламентот, а не на еден или друг пратеник. Немојте така.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Така што во овие ситуации за кои еве и сега подбивно се однесува потпретседателот на Собранието и повторно го крши угледот. Господине Стојановски, тоа се сериозни работи. Јас зборувам за непоседување на територија на Република Македонија, за делење на Македонија, за предлози на промена на Уставот, а вие се подбивате со мене и со Парламентот на Република Македонија. Па вие дозволувате и тој да ви дофрлува. Јас сакам да зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ако вие го прозивате од говорница, ќе ви одговори. Немојте да полемизирате со поединци. Овде на говорницата ќе се обратите на Собранието. Ве молам, оставете го да зборува.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Навистина заедничка компонента на двете афери прислушкувањето и состојбите со безбедноста во државата имаат една заедничка компонента, тоа е блокадата на работата на Парламентот, некоја провизорна работа, меѓутоа ефикасна работа на Парламентот немаше и за тоа посебна одговорност, сноси претседателот на Собранието, бидејќи по Уставот само тој може да закажува една ваква расправа што е недозволиво, непримерно однесување за земји кои имаат парламентарна демократија. Ако можеше Бугарија два пати да зборува за случувањата во Тетово и безбедносната ситуација, ако можеше Франција и Романија да донесат декларации, ние имаме сработено колку Парламентот на Романија. Парламентот на Република Македонија за безбедносната ситуација има сработено колку Парламентот на Романија. Тоа е смешно. Дали има некој да помисли граѓанин на Велика Британија, Франција и други земји со парламентарна демократија кога се загрозени територијалниот интегритет, кога напаѓаа екстремистички банди, да не се дискутира за тие моменти во Парламентот. А вчерашниот пример со неразговарањето за присуството на униформираните лица и на оружјето во Република Македонија е токму таков пример како се однесуваат покрај претседателот на Парламентот и други политички опоненти во Парламентот кои го маргинализираат заедно со него Парламентот.

Што се однесува до претходната афера ја спомнав, јас тврдам и секој од овде може да тврди, а сметам дека и претседателот на Парламентот не може спротивно да потврди од она што досега го слушавме за аферата прислушкување. После неговото историско, оваа афера ќе ја донесеме до крај, ова ќе го решиме, сеуште немаме ниту резолуција, ниту декларација, ниту одлука, ниту политички став дека овој Парламент нема такво нешто донесено, дека во Македонија не треба да постои прислушкување. Дали ние како Парламент донесовме некој политички акт со кој го осудивме и кажавме дека не постои прислушкување. Згора на тоа со неработата, 30 дена не одржување на седницата за прислушкување и најпознатите експерти во Републиката кажаа дека тоа беше доволно време да се заташкаат сите траги на сторителите и денеска ниеден од сторителите не е откриен. Јас сеуште не можам да сум сигурен дека во ова Собрание не седат пратеници кои не се прислушкувани, јас сеуште не сум сигурен дека јас лично не сум прислушкуван, бидејќи еднаш сум прислушкуван, а сторителите во оваа држава нема кој да ги открие и да ги спречи, тоа е факт кој трае сеуште. Јас сеуште немам како единка зад мене институција, висока државна институција како Парламентот која ја осудува таквата практика што значи сеуште може да трае таа практика и никој не е одговорен во оваа држава за такавото нешто. Сеуште не сум сигурен дека нема во пратеничките клупи пратеници кои со актот на прислушкување се уценувани на база на нивните разговори кои ги имаат вршено, или на она што го разговараат со луѓето. Значи аферата на прислушкување трае во Македонија. Парламентот делуваше недозволиво индолентно, закажувањето на седниците беше недозволиво, неодговорно и во корист на оние кои сакаат да ја заташкаат аферата прислушкување. Дека

тоа не е принцип на однесување на претседателот на Парламентот ќе го кажам на крајот, бидејќи на крајот ќе покажам аргументи со кои ќе кажам дека така не се однесувал никогаш претседателот на Парламентот освен кога е заробеник на новата функција претседател на Парламентот, додека бил пратеник тотално спротивно се однесувал и тука го имам тоа документирано.

Инаку за она што е наведено во самата интерпелација, за случаите за дозволување на навредување на пратениците и омаловажување на пратениците од страна на луѓето од извршната власт, не треба да се аргументира, треба само некој да земе да ја погледа снимката и да се види како се потценуваат пратениците во овој дом, како денеска држеше лекции потпретседателот на Владата, пред тоа министерот за одбрана во отсуство на опозицијата држеше лекции како треба да се однесува опозицијата, пред тоа министерот за градежништво кажуваше како ќе се земат во предвид сите препораки за продажбата на Телекомот од страна на Владата, а Владата веќе беше донела одлука за продажба на Телекомот. Така што во сите тие ситуации учествуваше господинот Андов. Јас за ова не сакав да зборувам, бидејќи сметав дека аргументите кои беа наведени, кои ќе ги даде господинот Черкезов се доволни, меѓутоа денеска не можам да кажам како се потценува еден пратеник во однос на министер на кој му служеше денеска господинот Андов. Денеска јас мислам доблесно беше господинот Андов да се извини на пратеникот Ѓорѓи Тодоров кога рече дали е свесен, бидејќи свесноста е навреда, тоа е навистина една навреда од претседателското место на еден Парламент, меѓутоа, тој издвои доволно време, наместо да се извини во нервозата од тие вулгаризми на кои прибегна, тој најде доволно време да ни држи лекции дека треба да користиме тука изрази кои се усвоени во Парламентот. Јас би ве прашал господине претседателе, зошто не го опоменавте потпретседателот на Владата кога кажа денес: "конфликтите на Тетово". Во кој акт и во која резолуција ние сме зборувале за конфликтите и за какви конфликти се работи, нешто што промовира господинот потпретседател од името на Владата, а кое вие го премолчавте. Значи ли тоа дека со Вашето премолчување, се сложувате со изразот: конфликтите на Тетово. Дали тоа беа конфликти, меѓуетнички конфликти, конфликти на банди, револуција. Ние имаме јасно формулиран дел со резолуција тука во Парламентот. Зошто тогаш не реагиравте господине претседателе, или не реагирате само кога се претставниците од власта. Еве ви пример на надредување на министрите над пратениците и Вашата пристрасност во тој поглед.

За оние моменти или правењето на кворум, сомнителното гласање со 59, 57, 58 пратеници веќе е документирано во прес центарот во Собранието и секој може да го погледне и какви одлуки имаме за Буџетот. Ние како пратеничка група работевме на Буџетот еден месец и направивме 105 амандмани и сите тие се отфрлени со 57, 58 гласа и ние работиме по тој Буџет. Можете да замислите каква незаконска и антиуставна работа имало Собранието во тие моменти кога имаше блокада од опозицијата на работата на Собранието.

Бидејќи до денес немаше одговор од претседателот на Собранието и не знаев што ќе одговори на нашата интерпелација, да не одговорам на она што го кажа гласноговорникот на Либералната партија господинот Владо Поповски, бидејќи е темата интерпелација, интерпелацијата била со ниско ниво на политичка култура. Очигледно немајќи никаков аргумент да го одбрани својот сопартиец се обрна на ниското ниво на култура. Очигледно господинот Поповски за високо ниво на политичка култура е кога е министер во Владата на господинот Црвенковски тој истиот Владо Поповски па ќе си коалицира со Владата на господинот Георгиевски против Владата на господинот Црвенковски. За да им препорачам за да го подигнат уште малку ова ниво, значи беа во Владата на Црвенковски, Владата на Георгиевски, сега слушам сакаат да се во новата Влада на широката коалиција, би препорачал како литература да ја чита господинот Владо Поповски "Фауст" од Гете. Кога "Фауст" заради земските задоволства и привилегии веројатно во тие била и власта, душата ја продал на ѓаволот. Не е тој можеби тој истиот на господинот Гуштеров во деветтиот круг кога немаше никогаш да коалицира со ВМРО - ДПМНЕ. Меѓутоа, за власт веројатно се се прави.

Инаку, од господинот Андов лично не очекувам доблест дека ќе покаже одговорност за сите овие состојби, бидејќи тие воведоа еден нов институт во праксата во Република Македонија. Тие иновираа нешто ново во парламентаризмот во светот. Тоа го нема во ниедна држава во светот, новиот институт, тоа се вика: срамење од

Влада, или срамење од власт. Тоа го воведе потпретседателот од Либералната партија господинот Зоран Крстевски кој се срами од оваа Влада за увозот на милионски суми на шеќер под сомнителни околности, тој се срами од Владата, меѓутоа никако не дава оставка. Значи тие воведоа институт: срамење од власт. Тоа го немаат сеуште измислено ниту французите, ниту англичаните, ниту германците и веројатно оваа иновација ќе ја применат во иднина нема да даваат никако оставки, туку ќе се срамат од власта.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам малку прекинете. Сакам да ви интервенирам во излагањето.

Кажете вие за која интерпелација зборувате? За мене ли интерпелација?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

За Вашата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има ли интерпелација за господинот Зоран Крстевски?

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Зборувам по аналогија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема аналогија. Има ли интерпелација? Јас ве молам да зборувате за интерпелација за мене. Еве зошто ви велам. Зоран Крстевски е член на Владата.

Вие можете да поднесете интерпелација, ќе расправаме.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Еве ќе завршам пред да ги покажам аргументите. Пред да завршам не можам да не направам една мала дигресија за пратениците на ВМРО - ДПМНЕ, бидејќи еве веќе тие се изјаснија за интерпелацијата кои веројатно и денес со своето мнозинство ќе одлучуваат и овој пат за судбината на оваа интерпелација.

Колеги пратеници од ВМРО - ДПМНЕ знам дека многу од вас имаа и дилеми и размислувања од моите контакти со нив, при гласањето за Законот за високо образование. Меѓутоа, најдоа човечка и гласачка и партиска доблест и гласаа како што мислат да гласаат. Ние шесте пратеници од ВМРО - Вистинска и тогаш гласавме против тој закон, бидејќи сметаме дека нема правила на играта во меѓунационалниот дијалог во Република Македонија, бидејќи само се отстапува, а никако не е договорено до каде ќе се оди и како? Меѓутоа, вие гласавте, а набрзо потоа нас не прогласија во една изјава ние projавувајќи го стравот дека може да се подели Македонија, во една изјава премиерот не прогласи за албанофоби. Меѓутоа настаните кои следуваа подоцна покажаа дека ние не сме биле албанофоби, или тој бил големоалбанофоб, меѓутоа настаните кои следуваа покажаа дека има сили кои сакаат да ја поделат Македонија. Вие гласавте како што гласавте, меѓутоа после шест месеци ви се врати од еден од коалиционите партнери уцена дека луѓето кои пробаат да одделат територијален дел на Македонија, сега се цивили и дека можат во секој момент да се претворат во војници. Тоа беше речено од страна на господинот Џафери и вие станавте заробеници на тоа ваше гласање. Меѓутоа, сметам дека тоа што го изгласавте е сепак доблесно, направивте гест, меѓутоа ви се врати лошо во тој случај. Апелирам до вас, истото да не ви се врати и денеска со гласањето со Либералната партија за шест месеци кога можеби во иднина нема да ја ценат Вашата улога во оваа ситуација, или вие не сте толку заложници да останете по секоја цена на власт како во претходниот случај. Меѓутоа, за вашите отстапки, вие треба да одлучите. И пак ќе кажам, сметам дека не треба да сте заложници на таа ситуација.

Уште две, три работи сакам да кажам. Мислам дека со начинот морам да искажам протест и загриженост за начинот на кој денес се водеше седницата од страна на претседателот во кое имаше многу навреди, нервоза и недобри зборови, вулгарни зборови упатени кон пратениците. Се дозволија вулгаризми од типот на лажно ВМРО и други со навреди, или како што кажа господинот Краљевски во записите.

Во секој случај сега ќе преминам на аргументите. Пред да поминам на аргументите сега ќе ви прочитам дел од интерпелацијата за кој сакам да ме слушаат сите пратеници. Еве ова е дел. "Меѓутоа и покрај се, Парламентот запаѓа се почесто во блокади, нарушен е дигнитетот на највисоката законодавна власт во државата, а неефикасноста од работењето и неработењето е очигледна. Најголем придонес за ваквите состојби независно од меѓупартиските односи во Парламентот меѓу пратеничките групи и пратениците има сегашниот претседател на Собранието кој неослободен од теснопартиските интереси за позиции во државната структура на власта и во стопанските претпријатија и други институции често пати свесно манипулира со примена на одредбите од Деловникот на Собранието донесени уште во времето на здружениот труд и едноумието и Парламентот го претвора во

арена нанеработење, отколку во она за што ги има уставните овластувања и надлежности." Ова е интерпелацијата што ви прочитав, меѓутоа не денешната интерпелација. Оваа интерпелација е доставена во првиот состав, поднесена од Тодор Петров, Ѓулистана Марковска, Ефтим Манев, Владимир Голубовски, Авди Муртезани, Алил Џаферовски и Кирил Ковачевски во првиот парламентарен состав од 7.10.1993 година. Дали можете да најдете сличност меѓу двете интерпелации, дали овие луѓе се сретнале некаде, или разговарале на оваа тема, или истото случајно го напишале. Јас незнам дали е до сите овие пратеници маaната, до составите на парламентите, или до претседателот на Парламентот?

За крај со мене еве ги овде сите предлози на претседателот на Парламентот за да докажам дека е документирана нашата интерпелација. Го негирам сето она што го кажа претседателот на Парламентот дека е произволно и дека нема едноставно аргументирана одбрана, но еве ги аргументите кои говорат против него: За аферата за прислушкување, начинот на закажување на седницата и однесување на претседателот на Парламентот. Еве колку тој ја респектираше претходната работа на работните тела на Парламентот. Ова се сите негови предлози кога се бореше за претседател на државата за итни седници и за вметнување точки на дневен ред и ќе видите дека тоа е скоро секој месец, постојано, секојдневно и без почитување на онаа редовна процедура.

На Осмата седница на 28.01.1999 година имаме барање за дополнување на дневниот ред, Владата да подготви информација за одлуката, мотивите и очекувањата од признавањето на Република Тајван - Кина, без ниедна надлежна комисија да се сретне.

На Десеттата седница на 12.02.1999 година бара да се свика итна седница за да достави Владата информација за преземање на меѓусебните обврски од воспоставување на дипломатски односи со Република Кина - Тајван, нејзиниот меѓународен статус, економски аранжман, земање на провизии. Значи поважно е случувањето со Тајван отколку случувањата во Тетово и затоа тоа не беше причина да имаме итна седница. За случувањата во Тетово немавме итна седница, тој го одби барањето на ВМРО - Вистинска, а важно е што се случуваше со Тајван, тоа е поважна. Бидејќи ја бараше претседателот на Собранието.

На Четиринаесеттата седница - дополнување на дневниот ред, Владата да даде информации за причините и последиците од повлекувањето на УНПРЕДЕП од Република Македонија. Дополнување на дневниот ред за 55 години од АСНОМ. Јас сите нема да ги читам, туку само оние што ќе бидат најкарактеристични. На дневен ред се бара информација на Владата за мерките - се работи за 21.07.1999 година, за мерките кои ги презема околу имплементацијата на Пактот за стабилност и спроведување на Резолуцијата за Косово. Значи ние попрво би разговарале за проблемот на Косово отколку проблемите во Република Македонија како што се присуство на вооружени екстремистички групи.

На 13.09.1999 година бара итна седница за избор на нова ДИК значи итните седници се вообичаена практика која ја барал господинот Андов постојано додека бил пратеник.

На 30.03. - дополнување на дневниот ред со информација на Владата за судбината на ФЕНИ и ФЕНИМАК, тогашните спорови со Светската банка, со"Имепријалметал", на 12.04. - дополнување на дневниот ред со информација на Владата околу случувањата со пограничната патрола кај Танушевци и случајот Хасани. Значи, кога сте пратеник вас ве интересираа случувања на северната граница, меѓутоа, кога сте претседател на Парламентот тука малку сте претпазливи.

На 21.06. - дополнување на дневниот ред, за ова нема барано ниедна комисија да се сретне на Собранието, со што значи претседателот воопшто во својата пратеничка практика го нема барано тоа и не е принцип на негова работа во Собранието, а сега наеднаш за овие два месеци кочница за работа на Собранието беше токму работењето на комисиите и неможноста на итни седници да се расправа за одредени недоволно актуелни состојби како што се одземање на дел од територијата на Република Македонија.

Барање на 21.06. - информација на Владата за мерките што ги презема за последиците од трансакциите на девизните резерви на Народна банка. Потоа во осми месец е нападот врз домовите на шест пратеници на ВМРО - ВМРО, за што ние како пратеници и тогаш и сега му се заблагодаруваме и му кажуваме признание како претседател и како пратеник што беше колегијален.

На Педесет и шестата седница се бараат две дополнувања без комисии, без

ништо, а се работи за информација на Владата за активностите на државните органи во врска со поттикнување на бомбашките напади на осомничениот Фазли Велиу, господине Андов. Вчера гласавте против собирање на оружјето во Република Македонија и расправа за постоење на вооружени формации во Република Македонија. Зошто тогаш сте барале господине Андов дополнување на дневниот ред? Само за политички маркетинг или искрено сакате во Македонија да се разреши состојбата со вооружените банди?

На истата седница има барање за дополнување на дневниот ред со информација на Владата околу приватизацијата и нејзино спроведување согласно законите.

Тоа е само дел од предлозите, а имам и од првиот мандат, меѓутоа не сакам толку да ве заморувам. Притоа неможам да не прочитам дел од стенографските белешки од овие седници, во кои ќе видите за што се залагал господинот Андов. Тој бараше аргументи, јас се извинувам што малку подолго зборувам, меѓутоа морам да ги дадам аргументите.

Еве, на Осмата седница каде барал да се стави точка на дневниот ред за Република Тајван, еве, тоа се неговите зборови:

"Дајте информацијата да ја ставиме на дневен ред. Најдобронамерно ќе кажеме како стојат работите и што треба да се направи". Ги вадам добронамерните зборови, бидејќи сакам да укажам дека тој сепак се залагал за брзи процедури и процедури во кои ќе се решаваат актуелните проблеми во тој период. Меѓутоа, тоа истото не го правеше како претседател на Собранието.

На Десеттата седница каде што бара свикување на итна седница, какви што тој не дозволува за безбедноста и прислушкувањето да се одржат брзо, пак е за Република Кина Тајван тој вели:

"Меѓу овие пратеници кои бараа итна седница да се закаже за оваа точка и за тоа Владата да подготви информација бев и јас. Итната седница не беше свикана, а ова беше ставено на дневен ред во нормален деловнички рок. Но тоа е право на претседателот на Собранието да заклучи како ќе постапи. Меѓутоа, се даде право и време и сега да не читам понатаму, тој му објаснува на претседателот на Собранието како не е добро да оди во редовен деловнички рок. Тоа е аршинот на пратеникот господинот Андов.

На Четиринаесеттата седница на Собранието за УНПРЕДЕП вели:

"Верувајте, имам најдобри намери и искрени намери да и овозможам на Владата за во иднина и пред светот и пред нас под едно вакво прашање да излезе чиста. Да и дадам можност да дојде во Собранието, да се расправа во Собранието и не се сомневам, ќе добие поддршка од Собранието. На крајот на краиштата, овде има владино мнозинство. Зошто Владата не сака да не се расправа по ова прашање како да нема аргументи и како да не ужива поддршка во Собранието". Тоа е начинот на залагање на господинот Андов на Четиринаесеттата седница како да дојде оваа точка на дневен ред, се спротивно од она што се случува денес.

На Дваесет и првата седница на Собранието, каде што влегува во дуел со госпоѓата Димовска вели:

"Сакам да и укажам на Владата дека ќе и биде многу полесно ако дојде пред јавноста и пред овој Парламент на оваа седница. Ако не е во состојба денес, тогаш може во продолжение на оваа седница утре да расправаме, но да се уврсти на дневен ред на оваа седница". Значи секогаш на секоја седница господинот Андов ја бара оваа скратена процедура за да се решаваат актуелните и важни проблеми, многу помали од овие два проблеми за кои тој не дозволи да се решаваат во Република Македонија.

Меѓутоа да не ги читам сите, на Дваесет и четвртата седница на Собранието пак ќе цитирам што рекол:

"Немам ништо против, Владата нека си работи, меѓутоа, треба да го информира Собранието и да предложи што ќе се работи овде и овде да добие поддршка, да добие сугестии. Тоа се клучни работи, тоа се два акта кои се сега актуелни во Европа и регионот". Господине Андов, и безбедносната ситуација и прислушкувањето се многу важни ситуации, многу важни акти за кои треба да се донесат вакви политички ставови за кои сте се залагале како пратеник.

Јас ќе спомнам некои предлози за ФЕНИ и небитни точки бидејќи мислам дека дадов некои аргументи. На Четириесет и втората седница на Собранието господинот Андов се обраќа до Владата со зборовите:

"Јас ја разбирам околноста дека Владата немала седница и не може сега да изготви информација. Меѓутоа, укажувам на потребата сепак оваа информација да ја уврстиме на дневен ред, а оваа седница веројатно денес нема да заврши. Ако

продолжиме утре и задутре, веројатно ќе дојде на дневен ред информацијата па да ја разгледаме". Значи ова е постојано практика на работа на пратеникот господин Андов.

На Педесет и првата седница на Собранието вели:

"Ние сега дискутираме за дневниот ред за оваа седница, а јас предлагам ова барање и оваа информација да се уврсти на дневен ред, а тие ќе си ја извадат и не мора денес да расправаме. Имаат време да ја изготват информацијата и да расправаме по неа". Значи постојано како пратеник двоен аршин.

Посебен акцент сакам да дадам на Педесет и шестата седница на Собранието при дополнувањата на дневниот ред за бомбашките напади и приватизацијата, каде што еве што вели господинот пратеник, еве како да се зборува за безбедноста на Република Македонија вели:

"Бидејќи во надлежност на Собранието е парламентарната контрола која што треба да ја извршува врз работата на извршните органи, а бидејќи овде се работи за човек осомничен за криминал, кој е многу опасен за државата и граѓаните, јас не велам дека е виновен, судот ќе покаже, меѓутоа, во овој случај има индиции дека државните органи не ги спроведуваат законите така како што треба и затоа не е доволно ваква или таква изјава на еден или друг министер или соопштение туку целиот случај" - акцент ставам на ова - "туку целиот случај добро да се обработи со информации и да се презентира пред Собранието, да не излезе дека вака крупни работи од безбедноста на државата и граѓаните едноставно се преоѓа преку нив. Одговорноста во државата ако не постои кај државните органи нема држава, да се разбереме". Ова е само за еден бомбашки напад, после тоа се случи ситуација со многу бомбашки напади за кои немаше отворена седница на Собранието на Република Македонија, за што блокада направи господинот Андов, а дека така мислел еден месец пред да стане претседател на Собранието тоа е доказ овој стенограм и следниот стенограм од Педесет и седмата седница на Собранието, каде вели:

"Мислев дека Собранието ќе прави интервенција со една расправа да се пресече тенденцијата на јакнење и истражување на насилството, на легализирање на насилството и ќе ја оспособи државата и нашиот живот посериозно да се справат со насилството, меѓутоа, тој мој обид не беше поддржан. Можеби не беше разбран правилно, главно се пропушти можноста да се состанеме и овде да се договориме дека тоа што се случи не требаше да се случи и да не се случи понатаму во еден чувствителен период понатаму". Тоа е непосредно пред поставувањето на господинот претседател Андов за претседател на Собранието.

Ова се аргументите. Оставам на пратениците да се изјаснат по интерпелацијата, да ги оценат сите овие купови на аргументи што ги донесовме овде за работата во овој краток период на Собранието.

За крај само ќе кажам дека со денешната одлука што ќе ја донесеме за интерпелацијата, јас реков дека не очекувам доблест и политички разум таа интерпелација да биде успешна, со оглед како работи парламентарното мнозинство во Парламентот, меѓутоа, верувајте секоја ваква одлука после сите овие аргументи го носи Парламентот во нов проблем со парламентарното функционирање во државата и ние ќе продолжиме да работиме со едно насилно однесување од претседателската фотеља во државата, со еден Парламент каде што на средина на пратениците ќе им се одземаат зборовите по аршинот кој од која партија е, кој од која група е, не како на претставник на народот и парламентарната демократија се повеќе ќе се засилува во Македонија, туку на ваков начин ќе згаснува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Стојан Попов.

**СТОЈАН ПОПОВ:**

Јас ќе се обидам да бидам краток, затоа што прво имам среќа да земам збор после настапот на господинот Стојменов, така што во голема мера она што сакав јас да го зборувам беше изразено и преку една исцрпно аргументирана расправа на господинот Стојменов, така што сега ќе се навратам на моментот што ме испровоцира да се јавам за збор. Морам да кажам настапот на претседателот на Парламентот во својот одговор за интерпелацијата, кој се обиде на еден би рекол евтин начин целата расправа да ја дигне на едно хумористично ниво, а видов дека хумористичното ниво беше сесрдно прифатено од претставниците на Парламентот од власта. Значи, очигледно се согласуваат со настапот на претседателот, па баш би сакал во тој контекст и јас малку да продолжам. Еве, гледам и господинот Томе Даравела ме гледа, па во неговиот настап имаше, кога

господинот Даравела ја водеше седницата рече: господинот Андов исчезна, не е тука во салата. Точно тогаш ми дојде би рекол една асоцијација, која можеби има и комичен призвук, затоа што се налепува практично на карактерните особини на господинот претседател што навистина посетува на овие илузионисти од типот на Худини и на Давид Коперфилд, час го има, час го нема, може до тој степен да релативизира работи, па веројатно и заради тие негови доблести и големи својства и особини е потребен на една ваква власт. Потребен е навистина човек кој што во секој момент може за делото да каже дека е црно, да го изврти, за црното да каже дека е бело, до тој степен да ги релативизира работите комплетно да се доведе во парадокс, практично со својот морален интегритет, на кој што тој инсистираше овде и ни кажа дека се враќа во салата токму заради тоа за да го одбрани својот морален интегритет. Тука настануваат проблемите, баш кај моралниот интегритет на господинот претседател, затоа што ако направиме анализа од тој аспект, богами не стојат добро работите. Затоа што досега слушавме аргументи што господинот Стојменов ги кажа, навистина ми заштеди еден труд на исцрпна анализа на настапите на господинот претседател наназад и за неговото лавирање точно на планот на етичноста, моралноста итн., така што не е проблем и многу лесно можеме да се присетиме на господинот Андов од сесрден критичар на постојната власт, каде што инсистираше дека токму Владата нема капацитет за водење на државата итн. до сесрден поддржувач на оваа власт. Веројатно од карактеристиката би рекол на личноста на господинот Андов, каде што во личноста и лукративноста доаѓаат пред се до израз, затоа што тука беше спомнато и за еден претставник на неговата партија, кој што е потпретседател на Владата, не дека се срамел од работата на оваа Влада, меѓутоа, нормално, ќе се продолжи со оваа Влада затоа што лукративната страна сега на претставниците на оваа партија покажува нешто друго, дека може да се ушиќари уште доста од оваа власт, така што веројатно на повидок се веројатно други бизнис варијанти итн. кои веројатно ќе бидат исплатливи понатаму. Значи, тоа би била едната работа.

Другата работа е точно околу таа неконзистентност би рекол на господинот претседател на Парламент, околу фундаменталните демократски принципи, а како основна поткрепа ќе го земам само едниот дел од интерпелацијата. Мислам дека другите делови дури и не заслужуваат големо внимание. Заслужува внимание само едната точка и не треба дури ниедна друга затоа што таа до тој степен е парадигма на се што практично само врз тоа тврдење дека господинот претседател навистина до тој степен ја одолжуваше намерно седницата на која требаше да се расправа и се расправаше за скандалот прислушување, мислам дека тоа со својата илустративност точно на основните демократски принципи говори се. Така што ми се чини дека дури нема ни причина другите точки од интерпелацијата да се разгледуваат. Мислам дека ова е доволно не за една оставка, туку за серија од оставки човек да напише и тоа уште во првата минута, ако се има малку доблест точно врз основа на нешто што се вика морален и етнички интегритет на личноста.

**СТОЛЕ ПОПОВ:** (Продолжение)

Затоа што, колку што се сеќавам, навистина, вие инсистиравте кога беше прашањето за нападот и влегувањето во домовите на групата пратеници, под итно да се стави на расправа, групата сега е од ВМРО - ВМРО, а во овој случај, кога се работеше за прислушкувањето, каде што навистина се доведени апсолутно, различните принципи на демократијата, значи нешто што е практично ДНК на демократијата, а тоа е интимноста, приватноста, слободата на изразување, комуникации итн., значи за нешто што е толку базично, вие не почуствувавте потреба под итно да ја закажете седницата, туку тоа до тој степен го развлековте и го релативизиравте, потоа да нема исход. Јас тогаш си дадов личен морален императив што не ни мислам да присуствувам на ниедна друга седница на Собранието, додека не се расчисти точката околу прислушкувањето. Затоа што за мене тоа беше навистина не интелектуален, како што би рекол г-динот Трајковски, туку цивилизациски шок на почетокот на 21-от век. Лично не можам да си дозволам да присуствувам понатаму на други седници на Собранието, ако знам дека до тој степен е загрозена фундаменталната, демократска основа, односно најбазичниот демократски елемент.

Меѓутоа, вие навистина тоа добро го изведовте и како доказ меѓу другото е и што не продолжи со работа ова Собранието, точно за таа точка и со тој дневен ред да продолжи расправата околу прислушкувањето, туку има друг дневен ред, па искористив и сум присутен во

Собранието, заради фактот дека прва точка е интерпелацијата на претседателот на Собранието, па мислев дека преку оваа точка би сакал да кажам неколку работи. Сакав тие навистина, алхемичарски ваши способности, што ги доведовте до максимум, а воглавно, како илустрација на вашата неконзистентност, на оние високи принципи, за кој сакате да прикажете дека стоите зад нив и инсистирате, ги покажавте до Вашето делување и со Вашата дволичност во еден многу краток временски период, кога повторно се ставивте во две различни позиции. Значи, во една апсолутна контрадикторност.

Јас потполно ги прифаќам образложувањата и наодите во интерпелацијата што е доставена од Пратеничката група на ВМРО - ВМРО, потполно ја подржувам и мислам дека дополнително со овие аргументи кои што беа изнесени, за кој верувам дека се точни, веројатно ќе бидат дадени на увид и мислам дека со навистина, силна поткрепа, за еден таков, би рекол сега морален, политички чин и гест, кој би требало јавноста да го очекува од вас, меѓутоа мислам дека тоа нема да се случи, затоа што сепак мислам дека нема да имате морална доблест тоа да го направите. Ми се чини дека кредитот ваш е потрошен токму на тој план. Дај Боже да го направите, меѓутоа, сигурен сум дека ќе избегнете и овој пат тоа да го направите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Столе Попов.

За збор се јави г-динот пратеник Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немав намера ниту да разговарам, ниту да се јавам за Вашата дискусија. Меѓутоа, чудно ми е што сакате да постигнете со мојот фамилијарен надимак. Јас навистина сум Даравела. Тоа ми е семејно име повеќе од 300 години. Што сакате г-дине Столе Попов? Јас не продавам, ако правите алузија на моето семејно име, јас во Кина - Тајван не продавам филмови. Јас таму не одев. Јас не примав провизија. Јас таа држава не ја признав имаше гласање, не гласав за неја. А вие, за да продавате филмови гласавте за неја. Тоа е разликате меѓу далавера и Даравела.

Второ, за г-динот Андов велите дека го критикувал неспособниот дел од Владата кој е сега на власт, неспособниот дел бевте вие. Таа партија остана само како рецидив овдека. Јас незнам што барате да го најдете тој лош дел. Вие сте лошиот дел. Сега г-дине кажувате дека Стојменов ви дал многу докази. За што? За историја, или за одговорност? Тој одговара за она што го направил како претседател, а не некој да вели дека тој давал иницијативи. Ако давал иницијативи, давал, не велел некој да оди преку одредени тела во Собранието. Меѓутоа, кога ќе дојде на функција претседател на Собранието, мора да се почитува Деловникот. И има разлика меѓу пратеник и претседател.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот пратеник Столе Попов.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Прво, веројатно постои запис, бидејќи зборував пред десетина минути. И ќе се види дека него употребив зборот Далаверски, туку Даравелски. Ако не чул г-динот, може да го преслуша, па ќе види. Значи, тоа е една работа.

Второ, оваа инсинуација околу филмовите, мислам е толку долна и чиста лага, така да веројатно, бидејќи г-динот Даравелски е адвокат, па ако следува една тужба од моја страна, не ќе треба да плаќа адвокатски трошоци, ќе треба тоа сам да го докаже на суд и да го брани. Така што, тоа веројатно ќе му следи, затоа што такви импровизации и етикетирања од тој тип, навистина, се тотално една долна метода, што не е на нивото и не е на достоинството на овој Парламент да се импровизира од тој тип.

Кога кажав околу аргументите на г-динот Стојменов, пред се, мислев на оние цитати, кој што ги извади од настапите кој што ги имал г-динот претседател Андов, значи тоа се негови ставови и цитати. Тука нема ништо дискутабилно, тоа е извадено од стенограмите на ова Собрание. Така што, тоа зборува точно за една димензија на карактерот и на она што е морално етички профил на човек, кој за жал, обавува во овој момент функција претседател на Собранието. Човек, кој што до крај, во многу краток временски период може да ескалира и да се најде во спротивставени лични ставови што ги заземал по фундаментални прашања од областа на демократијата, на правната држава итн. Така што, тоа беше само како илустрација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот пратеник Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Г-дине Стојановски, сега дознав дека фамилијата Далаверски, Даравелски, тоа е ваше како Даравелски е 300 години и мило ми е што имате толкава семејна традиција и можеби ова е врвот на таа фамилија кога контролира максимум бизниси во државата, никогаш повеќе за тие триста години не контролирала бизниси, а гледам дека има амбиции и сите други бизниси на сите луѓе во државата да ги контролира. Така што, фамилијата добро напредува и со капиталот што го заработи последниве шест месеци ќе живее уште 300 години и ќе биде фамилија со 600 години, а фамилијата Стојменови, само 100 години е ВМРО и вади стенограми, дискутира, и лежела 15 години во затвор за ВМРО-овските идеи и за самостојна Македонија. Тука правиме една мала разлика, така што, семејните стебла да ги оставиме настрана, а аргументите се аргументи и сега е прашање кој колку ги гледа. Некој ги гледа повеќе како аргументи, а некој како бизниси. Тоа е личен проблем.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот пратеник Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Немам намера да му одговорам за неговото херојско минато. Ниту имам намера да му зборувам што ќе биде со моето семејство, затоа ќе одлучи природата.

Само едно. Ние говориме овде за интерпелација. Говориме за докази, кој ќе докажат дека треба Стојан Андов да биде, кратко да кажам, осуден за тие престапи. Да, или не. Имаме една одговорност, овдека имаме политичка одговорност. Треба да ги имаме тие докази.

Г-дине Стојменов, повторете ги, прочитајте ги. Со кој доказ се зборува дека тој погрешил. Само за тоа ве повикувам. Ако нешто поднесувал, се одговара за оваа чаша од која ќе се истури водата, за таа вода ќе разговараме, а не кој ја полни, од каде дошла водата, зошто е тука. Водата ја нема, за неја ќе разговараме. Вие за жал, сакате да се плеткате таму каде што немате поима. Тоа е промашување во животот. И ви давам совет да не се мешате понатаму. Држете се до медицината. Ако ви е многу тешко, како што рековте дека нема демократија овдека, дека ви е тешко да седите со нас, г-дине Стојменов, ве повикувам дајте овдека изјава, откажете се од мандатот, учествувајте на нови избори, ќе се распишат, добиете да ве почитуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави уште еднаш г-динот пратеник Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Јас навистина, не би сакал да влегувам во реплика и би сакал да ја завршам, бидејќи ова е веќе беспредметна реплика. Очигледно г-динот Стојановски е скаран со аргументите, не може да ги разликува, тој е слеп за аргументи и уште колку томови треба да му донесеме. Незнам дали отиде во Прес центарот да ги прочита сите оние гласови од 58 пратеници. Ако тоа не се аргументи, јас незнам што се аргументи.

Според тоа, не мислам да навлегувам во ниски дуели и навреди, туку го повикувам да ги прочита аргументите кои ги нема прочитано, а зборува потполно за други работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот пратеник Демуш Бајрами.

**ДЕМУШ БАЈРАМИ:**

Јас сакам да кажам само за делот каде беше спомната партијата ДПА, односно лидерот на партијата. Најтешко е кога човек не може да сфати дека малите никогаш не можат да се стават во улога на големите. Мислам дека еден лидер од преку балкански размери, не може да се спореди со некој мал "лидерчич" и од партија и од пратеничка група. По ова, најлесно е да заклучиме дека демократијата во Македонија е загрозена од маскираните жртви на сопствената мазохистичка политичка методологија. Тие жртви никогаш не можат да нудат по продуктивно решение од она што тие го измислиле како метод за еднократна употреба. Па и измислениот патриотизам во вид на тоа дека, всушност, кроен во некои лабаратории, каде што ќе учествува некој Јаначковиќ, добро го знаеме и како потомок, или потомци на Милошевиќ. Не може да стане преку ноќ голем патриот и спасител за македонската нација.

Ве молам, еден таков метод ќе биде и понатаму, се додека дел од опозицијата, а токму тука мислам и на ВМРО - Вистинска, не сфати дека не може да дојде до власт, или во власта преку монтирани афери туку само преку конкурентни, политички, економски платформи, кој ќе бидат прифатени од пошироката јавност во земјата. Нивното лошо читање на весниците и општо на медиумите со пренесените изјави и информации, бидејќи неможат тие да ги протолкуваат, бидејќи капацитетот им

е толкав, не стават да допреме до некои нечисти работи, што мислам дека немаат друга позадина, освен тоа што е маркетиншко профитерство и во ова време, кризно време, кога сите ние тргнавме на пат да најдеме по соодветни решенија, да не дојде до некои непожелни ситуации.

Цело време тука слушавме и бевме сведоци на некои си терористички групи, што мислам дека не се домен на ова Собрание. Ние изградивме наш став и токму по овие работи имавме наши заклучоци.

Уште еднаш јас би ги замолил колегите од ВМРО - Вистинска да се воздржат од нивната терминологија која ја употребуваат и во овие моменти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот пратеник Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас имам претседателе едно прашање. Јас бев на ред и бев пријавен за дискусија по точката за интерпелацијата од дневниот ред, и тоа пред Столе Попов. Интервенирав и гледам дека сега сум последен. Момчето што беше тука, рече дека Рокса му наредила да се избришат сите тие што биле пријавени. Дали Рокса на свој памет, или пак по ваш налог. Јас бев пред Столе Попов пријавен за дискусија. За тоа барам одговор. Ако за ова не верувате, барајте го листингот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас незнам ни зашто зборувате. Со тоа сега што зборувавте веќе ве избришаа. Затоа што мислат дека сте добиле збор.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Можат да бидат и избришани пријавените дискутанти, доколку тие се откажат. Јас не барав да се откажам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие веќе зедовте збор и со тоа веќе сте избришани од листата.

Вие бевте на листата овде.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ако ми давате збор, да излезам на говорница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега не сте вие на ред. Вие бевте после г-динот Карангелевски.

Беа господата Биљал Љутфиу, Карангелевски, па пота вие.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Не е точно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа беше така.

**СЕФЕДИН ХАРУНИ:**

Не е точно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро. Значи, ќе ве уфрлиме каде што бевте.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас бев и пред Карангелевски. Овие се подоцна пријавени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ќе се замените.

Збор има г-динот пратеник Биљал Љутфии.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас барам збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не сега. Сега има збор г-динот пратеник Биљал Љутфии.

Само г-динот Карангелевски може да се смени со вас.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Јас сега сакам да дискутирам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, но по г-динот пратеник Биљал Љутфии.

Г-дине Љутфии, за еден момент реплика бара г-динот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе и денешната седница како што ја водите, покажува дека интерпелацијата е на место! Ако некој спомне поединец, или пратеничка група, ваша должност е да му дадете да реплицира.

Г-динот Бајрами ја спомна пратеничката група на ВМРО - Вистинска.

Дозволете како координатор на пратеничката група да реплицирам.

Г-дине Бајрами, ние шестмината пратеници бевме во власта. Излеговме од оваа власт, бидејќи ја разнебитува Македонија, демократијата е уништена и сите столбови на државата се разнишани. Да се потсетиме: Врховниот суд, Уставниот суд, граѓаните се до една економска социјала, Парламентот е суспендиран и тоа беше причина да бидеме опозиција. Сега изјавуваме дека не сакаме да влеземе во големата коалиција. Се додека се вака работите, нема демократија, ние ќе критикуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, ќе бидам многу краток и ќе зборувам во име на пратеничката група на ДПА, во однос на таканаречената интерпелација. Таканаречена, бидејќи ова е најеклатантен пример на злоупотреба на функцијата пратеник.

Сметајќи ја како безспредметна и неоснована оваа интерпелација нема да се впуштам во анализа на наведените "аргументи", во таа интерпелација од причина што работата на претседателот на Собранието воопшто, па и работата на сегашниот претседател на Собранието, како и на сите пратеници е пред очите на јавноста. Лично, па и на мојата пратеничка група не и дозволува совеста да гласа за оваа интерпелација од причини што според нас е чисто една политичка дилентатистичка оценка и затоа ние ќе гласаме против оваа интерпелација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседателе, јас интервенирав на време, а инаку да беше по ваше сигурно ќе останеше како фрактура, или екскурзија дали од вас замислена, или пак од Рокса предложена. Јас во тоа не сакам да навлегувам, меѓутоа бев меѓу првите четворица пратеници кои што се пријавија за дискусија. Јас имам вакви опструкции и забелешки према вас многу. Ако некој друг ги има исто така да ги изнесе на оваа говорница, но јас имам лепеза на такви ваши однесувања во однос на организирањето на седниците на Собранието од ваша страна.

Јас ќе кажам само два три збора по поднесената интерпелација од ВМРО - Вистинска против претседателот на Собранието Стојан Андов и ќе бидам многу краток. Краток затоа што дел претходниот говорник од ВМРО - Вистинска извади доста од стенограмите на кои го потсетуваше Андов во време кога беше во опозиција и колку забелешки заправо на своите истапи гледаше во владината коалиција слабости. А јас само на едно ќе го потсетам.

Ние бевме уште во салата на денешната Влада, уште не дојдени бидејќи не беше во исправна состојба денешнава сала. Тој ќе рече дека оваа Влада е неспособна да ја организира работата и извршната власт во тој однос затајува. И редно, како поука од искусен партиципиент во власта уште од 1991 година тој ќе наброи неколку имиња, докажани заправо, искусни министри во поранешната власт дека треба и е пожелно истите да бидат вклучени во таа коалиција. Јас тогаш мислев дека намерата на господинот Андов му е чиста, чиста, меѓутоа последниот четврти месец заправо, четири месеци откако е тој дојден на власт во тој однос истиот ја има затворено устата. Веќе не е тој грлат Андов на оние забелешки што тој ги поставуваше на Владата.

Овие последни три месеци, не дека немаме успех туку имавме ескалација во однос на меѓуетничките односи и само искра фалеше. Искра фалеше да таа веќе се шири на меѓуетничка војна. Па, му поставувам едно прашање во низа други прашања што му ги поставувам.

Кога беше во право господинот Андов, дали пред две и нешто кога сугерираше Владата да се дополни, или сега кога тој е на таа Влада, неговата партија секако и состојбата била подобра, ова прашање секако тој треба да одговори.

Во една прилика тој бил во право, дали првиот пат или сега е во право кога молчи. А состојбите ни се драматични во тој однос и далеку се последиците што неможат да се поместат со ништо.

Уште на почетокот да се изјаснам дека ќе гласам против господинот Андов од следните причини.

Прво, господине Андов, беше претседател на Собранието на Република Македонија кога се донесе Уставот на Република Македонија од 17.11.1991 година. Тој воедно беше и претседател на таа Уставна комисија. Тој е еден од многумината проектанти на денешниот Устав кој како во преамбулата така и во извршниот дел има одредби што се од етничко колективистички карактер кој не ја насочува земјата кон граѓанско и демократско општество. Господинот Андов и групата околу него, сакам да кажам уставотворците кои го проектираа Уставот, со кој речиси неможе да се замисли влез на Република Македонија во Евроатлантските земји кон кои сакаме да се упатиме. Господинот Андов уште во тоа време направи голема грешка кога се донесе овој Устав. Ние, зборувам за себе и за некои други што се и по трет пат во ова Собрание и седат во овие клупи, уште во тој првиот состав, и покрај тоа што уште тогаш не го гласавме, ги ставивме нашите сериозни забелешки. Не е едноставно да објасниме како дојде до тоа дали свесни дека се работело за недоволна стручност на

авторите, како и на несоодветна политичка култура на водечките партии во Собранието на Република Македонија.

Второ, господине Андов, на таа ваша грешка кон донесувањето на Уставот денес на него се гледа како тврдина која од македонскиот блок за жал по секоја цена мора да се брани ваков каков што е. Но за жал, тука е и слабоста на самиот устав кој е извор на кризата во Република Македонија во однос на меѓуетничките односи.

Трето, вие тогаш уште на времето не сфативте дека секоја држава во светот, а во конкретниот случај и Република Македонија, се политички заедници составени само од рамноправни граѓани, а не од етнички заедници или групи. Народот на државата како носител на суверенитетот го сочинуваат сите нејзини граѓани, без оглед на нивното етничко или верско потекло. Како искусен партиципиент во политиката, тоа го кажувам во наводници, господине Андов да не бидеш толку занесен. Државотворноста значи не и припаѓа на ниту една етничка заедница мнозинска или малцинска туку на сите граѓани на Република Македонија.

Во нашиот Устав, господине Андов, претседател на Собранието на Република Македонија, што секаде го фалиш, дури и во европските и светски метрополи дека е граѓански, всушност е се наопаку. Не е точно. Државата во конкретниот случај не е политика, туку етничка заедница. Македонија, национална држава на македонскиот народ односно етничка држава на македонскиот народ, на македонскиот етнос. Едноставно таканаречен државотворен народ се етничките македонци, другите недржавотворни ентитети се албанците, турците, власите, ромите или други што ги има во Република Македонија. Значи, само македонците се нација, а сите други се националности. Доколку во една земја, пред се, преку уставниот закон се воспостави етничка групна или колективистичка, а не индивидуална граѓанска демократија, државата се насочува кон сопственото распаѓање и постојано потпалување на меѓуетничките односи. Тоа е дело кое нам ни се свети денес после десет години донесување на таков Устав кој што го имаме.

(Некое дофрлување од пратениците).

Повелете, да ви се обраќам?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Доста ве молам, нека продолжи, и ќе заврши.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Претседателот на Комисијата за донесување на Уставот на Република Македонија, господинот Стојан Андов, господине Андов ќе гласам за твоето разрешување, но сакам да те потсетам дека статусот на албанците во Република Македонија е дел од процесот на консолидација на македонската држава на долг рок и би требало да произлезе од политиката на нормализација на меѓуетничките односи во иднина.

Статусот на албанците би можел да се зајакне преку одредбата за држава на македонските граѓани, наместо национална држава на македонскиот народ. Ова е дел од твојата грешка пред една деценија и не ви давам поддршка, грешката да ја поправиш и тестот да го положиш во колку мнозинството во Собранието ви дава доверба.

Да покренеме иницијатива да се менува Уставот на Република Македонија и кој е изворот на кризата, по прашања кои се секако дискутабилни. Господине Петров, господине Андов, кризата е антипартиска. Во опасност е стабилноста на нашата држава и се повеќе и повеќе загинати луѓе. Нови закопи на невини луѓе, раселени лица, тенкови, борбени коли и хеликоптери имаме, се во име на мирните политички решенија. Се слушаат многу зборови и разни пароли: нема да дозволиме и нема преговарање со албанците во Република Македонија, итн., итн. Секој ден растат чувствата на страв и несигурност, на недоверба и омраза. Луѓе без покрив на глава, разурнати и потпалени семејни згради, испразнети цели села. Сите сме против екстремизмот, но исто така треба да бидеме и против државниот терор и државното насилство еднодушно. Цивилизацијата и напредокот со себе носат други пристапи и друг начин на решавање на работите. Демократијата е бавна, меѓутоа, кога ќе и се даде можност таа продуцира услови и орудија со кои можат да бидат и најсоодветните решенија.

Господине Андов, дали вие и дадовте шанса на демократијата во изминатите години и денес како претседател на Собранието на Република Македонија.

Колку е правилно применет системот што го градиме за да се предупредат сите настани досега во овие десет години и тоа: Радолишта, Бит Пазар,

Мала Речица, Гостивар, Блаце, Арачиново, Тануше, Бреза, Малино, Тетово, Гошинце и други. Сите овие настани го чинат врвот на омразата и тоа на меѓунационална основа, меѓунационална омраза, што денес звучи многу тешко. Вие не рековте ниту збор по сите овие трагични настани кои се случија, посебно во регионот на Западна Македонија туку одговор на македонскиот државен тероризам.

Господине Андов, дали обидите за зачувување на физичкиот интегритет и националниот интегритет на албанците може да се нарече тероризам или одбрана од државниот тероризам. Дали албанците навистина се пред војна или пред решавањето на проблемите до кои може да се дојде преку војна. Дали албанците ја одбегнаа војната веќе десет години за да војуваме ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Харуни, зборувајте малку и за овие работи околу интерпелацијата, ако може. Ќе имаме расправа за сите прашања, ама сега за ова зборувајте.

(Уфрлување на пратеник од место без уклучен микрофон).

1991 година? Па не влегува тоа, дури и тие не го напишале. Тоа не е во интерпелацијата. Ајде сега ако може да слушнеме.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине Андов, од ваше однесување и кога се зборува за вас на говорницата вие не еднаш туку многупати вака истапувате. Ова се грешки досега наталожени и овие грешки вие што ги имате направено треба да ги чистите. Затоа што си многу грлат, а те гледам во метрополите низ Европа кога одиш, само веќе на друга позиција, дека главата ја имаш наведнато во песок во оаза на мирот, господине Андов. Сослушај ме малку. Тоа е во врска со таа интерпелација. Дозволи ми.

Дали албанците ја одбегнаа војната веќе десет години во сите тие провокации што ги набројив, за да би војувале во 11-тата година или можеби македонскиот режим на кој десет години не му успеваше да ги протера албанците од Македонија или пак 11-тата година сака преку војна да ги подобри сите тие позиции и сите тие свои грешки. Господине Андов има многу вакви прашања на кои можеби никогаш нема да се најде одговор, но би поставил едно прашање.

Кога барем еднаш си ги осудувал вакните сцени на државниот терор во овие десет години.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:** (Продолжение)

6. Господине Андов, претседател на Собранието на Република Македонија. Често пати истапивте по метрополите на Европа и прокламиравте дека во Република Македонија имаме граѓанско општество што нема врска со вистинското воспоставување на истото тоа општество.

Декларираната и многу експлоатираната меѓуетничка толеранција и разбирање немаат врска со постоењето на меѓуетничката толеранција и разбирање во реалноста.

Политичките нагодби, тегнења, ценкања и поделби на колачот на власта, немаат врска со преговарање и изнаоѓање на најсоодветните решенија кои ќе овозможуваат одржлив развој на оваа наша држава. Во тие метрополи на Европа говорите што имав прилика да ги слушам и некои имав прилика да ги читам, слушав и видов како мојот претседател на Република Македонија, ја држи главата длабоко закопана во "Оаза на мирот".

Господине Андов, во секоја политичка гарнитура во која што дојдовте на власт или едно време се муваше околу власта досега не најде сили да се соочите со сознанието дека имаме длабоко вкоренет конфликт кој се базира на два моќни елементи: идентитетот и дистрибуцијата на економските, социјалните и политичките ресурси. Вие наместо нив да ги решавате, но не би било ретко кога вие сте ги загревале уште повеќе овие разлики сте ги потенцирале во Вашите настапи како пратеник.

Вам ви е совршено јасно како и на многу други како вас конфликтите кои се базираат на прашањата за идентитетот и кои задираат во областа на ирационалноста, емоциите, традицијата, чувството на припаѓање и на поврзаност, се едни од најкомплексните конфликти и најтешко можат да бидат управувани.

Тие секогаш долготрајни, поминуваат многу фази и циклично одново и одново се наметнуваат како приоритет што не смеат да биде запоставени, поттурнати или заборавени, поготово во тие заедници како што е РМ мултиетничка.

Се наметнува прашањето - како вие како прв парламентарец сте ги наметнале овие проблеми за решавање во овие десет години изминат период?

Господине Андов, пред ваквите проблеми секогаш сте молчеле и не само вие, туку и на вас лично.

7. Господине Андов, не е точно дека сме живееле во братство и единство, не е точно дека се познаваме и почитуваме, не е точно дека во Република Македонија постои меѓуетнички биланс меѓу албанците и македонците.

Точно е дека постои контрадикторна идентификација (од една страна апсолутна, позитивна идентификација на македонците со Македонија, а од друга страна апсолутно позитивна идентификација на албанците со Косово односно со Албанија.

Зошто вака г. Андов?

Точно е дека луѓето по овие прашања и не комуницираат меѓу себе, како да не се познаваат, точно е дека децата во атмосферата на негативни предрасуди и стереотипи; точно е дека идните воспитувач се учат како да воспитуваат нови генерации кои растат многу поделени и многу завадени во меѓуетничка основа.

8. Господине Андов сега е време на преговарањето меѓу македонците и албанците, не ценкање, не пазарење, не негодување, не ставаше сопка во погоден момент, а бегање кога ќе згусти и никако како дел од воена победа. Преговарањето значи: утврдување на вистинските избори на конфликтот, изнаоѓање терапија со која ќе се третираат причините за конфликтот а не симптомите; идентификување на активностите и на средствата со кои ќе се дејствува токму на оние извори; постигнување на договори кои ќе обезбедат одржлив развој на сите членови на заедницата. Решението секогаш мора да се сфати како процес, како развоен и флексибилен модул во кој се содржани краткорочни и долгорочни планови. Прескокнувањето на фазата на преговарање само краткорочно ги подзаскрива проблемите и ја дефокусира јавноста.

9. Господине Андов, следното време останува за избори и создавање на вистински и соодветни демократски механизми и структури кои ќе ја обезбедат одржливоста на започнатите процеси, подолготрајна стабилност на системот и ќе го овозможат управувањето со идните можни конфликти од перцепираната област. Клучни демократски вредности кои мора да играат улога во владеењето на овие механизми и структури се: демократијата, плурализмот, толеранцијата, инклузијата, преговарањето и компромисот. Демократското општество не е општество без конфликт. Одрекнувањето или елиминирањето на конфликтите и дел од речникот и од арсеналот на тоталитарните и авторитарни системи. Во демократските општества секогаш има несогласување, за нив се разговара и на нив се реагира низ системите на демократското управување.

Дури по сето ова, во некое друго време (во која навидум се наоѓаме денес), можеме да зборуваме за споделување на власта и заедничко раководење со државата на припадниците на различни етно јазични религиски или културни ентитети. Прагматичната коегзистенција изградена врз овие основи мора секогаш да има јадро на умерени кои ќе можат да одолеат на притисоците на политичарите кои се обидуваа да ги мобилизираат луѓето околу нивните разлики во моментите кога треба да се освои или задржи власта, на притисоците на екстремистите и на хушкачките табори, кои заедно не туркаат во затворениот круг на насилството и крвопролевање заради некои, наводно високи и светли идеали и притисоци.

И на крај господине Андов претседател на Собранието на Република Македонија не ви давам поддршка и ќе гласам за ваше разрешување. Ви претстои многу кратко и интензивно време за решавање на гореспоменатите проблеми. Времето ни е многу кратко и ќе се замине од Република Македонија. Положете го испитот, поправете ги грешките, нема бегање од она што е одговорност.

На крај, доколку преговорите започнат сега ќе бидат поблиски до реформите за кои ние сите сме заинтересирани. Доколку тие преговори задоцнат сега ќе бидат поблиску до реформите за кои ние сите сме заинтересирани. Доколку преговорите задоцнат тие ќе бидат поблиску околу картите за поделба на народите. Ова ќе биде тек жалосно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Сејфедин Харуни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Сејфедин Харуни.

Има збор пратеникот Радомир Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Благодарам, господине претседателе, почитувани пратеници јас нема да повторувам некои работи кои се кажани во врска со точката на дневниот ред, интерпелацијата на претседателот на Собранието на РМ, г-динот Стојан Андов, ќе се задржам на три пункта, на суштината на

оваа интерпелација, на неколку примери за постапките и на крајот би одговорил во врска со некои работи кои што се изречени во однос на партијата од која настапува и објаснувањата во однос на изречените инсинуации.

Суштината. Суштината јас би ја почнал без да навлегувам во оние морални аспекти, без оглед што претседателот на Собранието е апсолутно во право кога вели дека не е во иста ситуација како и другите пратеници, бидејќи тој по Уставот и по Деловникот на ова Собрание, привремен, каков таков, меѓутоа, мора да се почитува, бидејќи друг немаме, не можеме да го донесеме во оваа ситуација, има многу повеќе права, меѓутоа, треба да има и многу повеќе обврски и спрема ова Собрание и спрема јавноста и спрема граѓаните, бидејќи, во секој случај ние сме претставници на граѓаните на овој највисок законодавен дом во РМ.

Зошто ја потсетувам јавноста за овој факт? Ја потсетувам затоа што претседателот на Собранието има право, кога сака да закаже седница, има право бидејќи е Деловник во една многу широка рамка да го направи тоа по итна постапка, во редовна постапка, има право да ја тера седницата со сите процедурални работи по Комисии, работни тела, да измисли други тела, да спои Комисии, да ги направи само како презентација, или да отвори дебата, да регулира кој кога ќе зборува, како ќе зборува, колку и така натаму. Меѓутоа, исто така, ако позитивно пријдеме, претседателот на Собранието може да има огромна улога во сите сценарија за водење на седници. Јас почнувам од овој општиот дел, бидејќи јавноста треба да знае дека многу работи како работи Собранието зависат токму од претседателот. Не од претседателството, бидејќи претседателот има право и на претседателството, значи заедно со двата потпретседатели да им сугерира и ако треба да им нареди одредено сценарио за водење на седницата. Зошто ова го велам? Затоа што имаме неформални институти кои во праксата се одвиваа во нашето Собрание, кои се покажаа многу корисни за работењето на ова Собрание, а тоа е претседателство заедно со координаторите на пратеничките групи, во многу работи, во многу настани и во многу критични ситуации во кои се наоѓаше и Собранието и земјата смогна сили и многу елегантно и на брз и консензуален начин ги разреши во таа процедура одредени состојби со компромис, бидејќи кога сме сите заедно на маса можеме да изреагираме и заедно да се договориме како ќе биде текот на седницата.

Од овој аспект сметам дека претседателот на Собранието не ја доволно користи работата, или врши неприродна селекција на тие состаноци во однос на координаторите на пратеничките групи.

Јас реков нема да се задржувам на моралниот аспект, дали претседателот, со преоѓањето од ЛДП во ЛП, иако е од пропорционална листа, го направил тоа добро или не, беше во согласност со законот или не беше. Ако го гледаме стариот закон кој го изменивме во август, 28 август 1999 година, за тие морални и етички квалификации во однос на едни такви работи јас не би се задржувал. Би се задржувал стриктно на тоа што значи претседател на Собранието.

Неколку пати, јас со стриктни аргументи ќе дискутирам, претседателот на Собранието не ги почитуваше овие работи што ги изнесов, како требаше да се води Комисијата.

Прво, мене лично два пати не ми дава збор и тоа беше на последната седница на Комисијата за евроатлантски интеграции иако беше седницата заедничка на трите комисии, не беше само презентација на договорот за работата на Собранието и во врска со оваа декларација во врска со Договорот за стабилизација и асоцијација, и тоа не е прв пат. Тоа два пати се случи, и сметам дека моето право да се изјаснам на одредена комисија, да дадам предлози како пратеник, кое право ми е загарантирано со уставот и со деловникот не е исполнето.

Второ, сметам дека претседателот на Собранието во работењето последниот месец, супституира работата на Парламентот со заеднички седници на комисии, наместо да ја прошири дебатата, тоа не се некои затворени тајни работи околу Договорот за стабилизација и асоцијација и тоа требаше да се расправа на отворената седница на Собранието.

Исто така, мислам дека местото на сетот на закони за локална самоуправа да се става во контекст на Комисијата за Европски и Евроатлантски интеграции, не му е место. Си има друга матична Комисија за тој дел.

Меѓутоа, суштината и доволната работа за оваа интерпелација која што е поднесена, е текот на седницата, за мене, спрема оние други работи што беа изнесени денес, каде што се расправаше за политичко безбедносната ситуација во земјата.

Јас ќе потсетам, првиот ден работевме на методот на работа на Собранието и се согласувам дека беше многу критичен момент и се согласувам дека сите партии се обидуваа да дадат конструктивен придонес во работата на Собранието. По првиот ден кој што се влечеше со доста паузи, создаде една тензија која можеше да ескалира со невидени последици како ситуација во Република Македонија. Се договоривме, без оглед што три партии поднесоа свои предлог заклучоци по кои би се расправале, на еден начин како што објаснив на почетокот од своето кажување, а тоа е со координаторите на пратеничките групи, се договоривме Владата да изготви предлог заклучоци кои ќе ги гледаат сите пратенички групи. Бидејќи беше доцна, се одложи седницата, за наредниот ден. Меѓутоа, во етерот сеуште стоеше една огромна тензија која што за среќа не ескалираше во тој момент. Наредниот ден сите партии ги повлековме своите предлози и дадовме амандмани на предлозите на Владата. И што направи тогаш претседателот на Собранието.

На една група од пратеници, не само од една партија, од четири партии и некои независни, ја стави да расправаме по тие Предлог - заклучоци. Ние сега се најдовме во една ситуација на тотална завоираност на работата на Парламентот. На крај моравме како пратеничка група да го изразиме своето незадоволство со начинот на водење. Јас ќе потсетам на тензијата кога се собраа пред Собранието неколку илјади граѓани, да ги скратиме заклучоците, да ги доставиме и да излеземе со протест дека така не се води седницата на Собранието, каде што не знаеме кој што ќе предложи и на која матрица од предлог заклучоци ќе се расправа во сите пратенички групи. Ние правиме амандмани на Предлогот на Влада, утредента на Влада ад акта се ставаат другите предлози. Не е битно од кого е, и релевантно е тоа. Меѓутоа тоа е едно тешко дезавоирање на она што значи пратеничка група, било која, која што утре треба да се спреми и да подготви амандмани на основната матрица по која расправаме.

Јас незнам дали, она што беше изнесено во врска со Буџетот не е донесено со 61 глас. Ако има докази тоа е сериозна работа и тоа не е само за интерпелација, тоа е и кривично дело.

Имаше и постапки и тоа многу кои можат да се стават во сферата на манипулациите. Јас незнам, имаше толку, во сите весници маркетиншки настап на Министерството за финансии кои треба да се однесува на сите - како се трошат вашите пари. Така гласи називот на цела страница даден во сите весници.

Како ги трошиме ние парите во Собранието?

Кога зборував за претседателот на Собранието и неговите обврски, он треба да се грижи за таа сфера. Зошто да се грижи, затоа што знаеме дека сите тие пари се од граѓаните, од даноците што ги плаќаат, спрема оние позитивни законски прописи кои што владеат.

Не би се задржал во оваа прилика на дуплата седница и што тоа значи во однос на парите на таа седница. Меѓутоа ќе се задржам на две три други работи:

Имаме службени патувања, нетранспарентност од претседателство кој каде патува, се оди на Маурициус по некоја франкофонија итн., и не би навлегувал сега уште кои се други службени патувања.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**
(Продолжение)

Тие службени патувања без организирано, тоа да биде од одредена Комисија со одредена цел во година кога ние имаме намалување на Буџетот од 16 на 10 милиони на Собранието за патување во странство, а во година во која штотуку го потпишавме Договорот за стабилизација и асоцијација и каде што треба организирано пратеничките групи, комисиите, пратениците во организација на Собранието на Република Македонија, да извршат една пресија и лобирање во другите парламенти од 15 европски земји, мимо она што значи владино ниво.

Од трета страна неосмислени седници без претходно договор со Влада значат додатни трошоци, а пратеници ги има 120. Нека дојдат 90 пратеници, вчера дојдоа немаме седница. Наизглед ова се ситни работи, меѓутоа, повторете ги 10 пати по 15 или 20 илјади, тоа се огромни средства. Ние мораме да имаме одговорност према постапките што ги правиме.

Конечно, не постои транспарентноста во сите овие работи.

И, за крај, на г. Томислав Стојановски и нешто што општо провејуваше за излегувањето на Демократска алтернатива од владеачката коалиција дека сега е подобра Владата. Се гледа која е подобра Влада. Ние откога излеговме се виде какви се афери се случуваат и посочете ми едно министерство кое што нема не афера, туку работи што внатре во самите министерства и во самата

Влада не се кршат копјата, а кога излеговме како единствена партија што во историјата на Македонија излезе од власта, заради зборот што го даде и гаранцијата, кога излеговме се викаше дека тогаш ќе се врати дигнитетот на ова Собрание. Јас сега ги прашувам сите пратеници и јавноста дали се врати. Споредете ја работата сега, овие неколку месеци и претходниот период дали се врати дигнитетот на ова Собрание и дали ова е реална слика со која ние можеме пред граѓаните да излеземе на улица и да кажеме дека се грижиме за нивните пари, за нивните интереси итн. Со оглед на тоа, одговарам за некои работи и не сакам тука да зборувам за патолошки потреби и за власта итн., впрочем, тоа на сите граѓани денеска им е јасно и сите книги се прочитани како работи оваа влада, како работи Собранието и сите министерства.

Конечно, јас морам, сепак, на претседателот на Собранието да му скинам капа за феноменален маркетиншки настап во однос на презентација, промоција, како сакате, на Договорот за стабилизација и асоцијација, каде без оглед што неколку месеци наназад се удираше по тимот, по капацитетот на тимот, јас не зборувам само за тимот од Демократска алтернатива што го водеше целиот процес, зборувам за стотици други стручњаци што неверојатно ефикасно и во најкус можен рок донесоа една спогодба со висок квалитет и сега имаме превентирана теза, одлична е таа спогодба, брзо се направи, историски момент за Република Македонија. Точно не би се задржувал околу договорот, меѓутоа, симнувам капа за маркетиншки настап токму од партијата која беше фокусирана нас да не истисне од власта, заради евентуално она што се случи, а тоа е влегувањето и компензацијата што не е проблем. Тоа е нормална работа и јас за тоа не можам ниту да се лутам, ниту се лутам. Меѓутоа, предлагам со оглед на така обично искористена маркетиншка претстава, каде што на седницата за промоција пред комисијата и пред целиот дипломатски кор во врска со Договорот за стабилизација и асоцијација, седеше и потпретседателот на Владата на место на претседателството и министерот за надворешни работи, предлагам тоа да се повтори 10 пати, за да граѓаните заборават кој го правел и на кој начин го правел.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодариме на г. Карангелевски.

За збор се јави г. Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги, ќе се задржам точно на она што е писмено дадено, макар што и подносителите на интерпелацијата во усменото излагање ги напуштија тие тези, меѓутоа, важно е во она што е напишано. Ќе одам по ред и ако успеам на некој начин да ве убедам дека ова што е напишано е само некој да биде интересен и во јавноста и во овој Парламент.

Првото се однесува за закажување на итна седница за т.н. афера прислушување. Господа пратеници, јас имав со вас некои недоразбирања околу информација, пратеничко прашање и што треба да биде на дневен ред, токму оваа работа покажа дека сум бил во право. Сите приговараат за лоша работа и на Владата и на Парламентот, затоа што се предлагаат закони што се носат по скратена постапка. А, една информација ниту се знае тој што ја бара да биде на дневен ред, ниту знае што е содржина, ни како е, ни што е, ни било што да се спомене само бараме интерпелација или информација да влезе на дневен ред. Квалитетот на работата што има разлика помеѓу пратеник и претседател, Стојан Андов, не да го оправдувам, меѓутоа, побара да се достави барем минимум материјал врз основа на кој ќе може да се расправа. А, ако тргнеме по тоа, токму по тие минимум материјали сега ќе говорам. Освен, просто напишаните 10 реда за барање на итна седница, друго апсолутно ништо не добивме. СДС имаше соодветна исто таква иницијатива, меѓутоа, на некој начин ветуваше дека ќе достави, ќе ги има тие докази, поседува и на крај во некоја строго доверлива форма прв пат се доставија преписи од некакви си прислушувања, кои се однесувале на поодделни личности. Се расправаше на Комисијата и дојде пред Собранието и расправавме неколку дена. Што беше натаму, не сакам да говорам. Говорам само за квалитет. Значи, поднесеното барање немаше квалитет на сериозност, за да можеме по него да расправаме. Сега се приговара на една несериозна работа, на една сулуда работа да викаме дека некој е виновен. Таква неподготвеност не треба да ја прифати било кој претседател, а не Стојан Андов. Затоа, сметам дека во право е и јас ќе го поддржам него дека исправно постапил, а ќе гласам против иницијативата во овој дел.

Што се однесува за кворумот, јас би кажал само едно, срамота за оние што го потпишаа овој дел од интерпелацијата. Зошто? Господин Андов одеше надвор скоро од педантност во практикување на Уставот.

Стои не од тие што гласале, туку се добива мнозинство од присутни. Господин Стојан Андов воведе практика што мене не ми одеше во мое размислување, што и покрај тоа што имаме електронско пребројување, тој после секое гласање ги повикуваше службите овдека да ги пребројат присутните пратеници и констатира има, нема квалитет на гласањето. Ако и фактички немало во некој момент, тој го повторувал гласањето. А, што се јави еден, не сакам името да му го спомнувам, да се злоупотреби па потоа да се реплицира на оваа работа, се качил горе на галеријата и одозгора брои и уште вика новинари. Нека ги вика новинарите, но тие не водат сметка за работа на Собрание. Тој да беше пратеник внатре, овдека нека не го бројат, нека протестира. Што имаше својство горе? Да му веруваме на него или да не веруваме овдека на пет души што бројат. Една народна пословица вели, "немала баба што да работи, па си ги трлала рацете".

По однос на забелешката односно делот од интерпелацијата каде се говори за поддршка на Владата, господа, научете прва буква во азбуката е а, а во политиката парламентарна има мнозинството од Парламентот ја поддржува Владата или не ја поддржува. Работиме по нејзини предлози. Еден од предлагачите на закони е и Владата. Во Деловникот каков е таков е, јас да го спомнам истиот термин како и другите се применува ако не е предлагач Владата, туку друг од овластените, граѓанин или пратеник, се бара мислење од Владата. Сега, дали подносителите на оваа интерпелација сметаат дека не треба соработка во оваа држава. Зарем за тоа добија мандат, да ги гласаат да нема соработка. Прв кој ќе дојде прашува колку од парламентарното мнозинство ја поддржуваат Владата, каква поддршка, каква снага во Собранието има Владата. Против ваква утврдена политика, светски став е најосновниот елемент во демократијата и уставната обврска, барате на некој да не му дадеме поддршка за натаму да не води како Собрание, да примениме дивјачка форма на управување, дивјачка форма на однесување. Не ми е јасно како може така да излезе на некого од главата таква лудост. Да не може да има Владата поддршка во Собранието и да не може да има соработка. И, сега, се прашувам, ако Собранието со гласање ги прифаќа предлозите на Владата, што обврска и мана има г. Стојан Андов, што исто како и ние има право на еден глас. Па, често пати гласал спротивно на предлогот што го нуди Владата. Сега, треба и ние што ја поддржуваме Владата да му ставиме интерпелација, затоа што совесно сам како оценил така гласал. Таква филозофија на уредување барате? Каде е слободата во што се состои независноста на пратеникот.

По однос на свечената седница, господа пратеници колеги, имаме два настана. Еднаш имаме свечена седница за први парламентарни избори, како прв настан во оваа држава. И, втора свечена седница по резултати од тие слободни избори, прв пат кога се конституира парламентарна власт во оваа држава, добиена на општи демократски избори. Еден настан од историска важност. И сега некој ако не знае што е историја, а секогаш се удира во гради дека бил патриот и потекнува од семејство кое се борело, па зарем тоа семејство заборави да го поздрави плодот што на тие претходници имале за цел да имаат самостојна независна држава, а сега да не можат да го слават тоа. Зарем за тоа мислат да не убедат да гласаме, за таква работа. По тој однос јас и овој дел од интерпелацијата не го поддржувам. Другите памфлети понатаму што следуваат ги слушнавте самите.

Господине Карангелески, ме повика за некаква си моја одговорност. Јас навистина не сакам да му спорам што правел тој во претходната власт или не, односно во состав кога ја поддржуваше Владата. Јас ништо не сакам повеќе да говорам дали се вакви или онакви. Ќе отидеме во секои од овие наши простории овдека, ќе ги погледнеме компјутерите, нека го дадат налогот кој е увозник на тие компјутери нека одговори, дали ќе можеше да се фали со некој постигнат резултат што неговиот компањон преку Агенцијата за развој таму говореше дека дал извештај за 30 милиони марки преку телефон на некојси во Владата. Па, зарем тоа е достоинство на однос, зарем тоа е достоинство што може да покаже некоја чесност. Јас не говорам дека е последица на некоја недозволена работа и г. Карангелески како продавач на тие компјутери, тој има фирма, учествувал, добил, нема проблеми, дослухот е тука. Но, прашање е зошто. Сега го поставува прашањето за некаква си добра работа. Господине Карангелески, ние имавме еден договор во два дела, ние да бидеме 4 години, а вие говоревте ќе го вратиме мандатот на народот ако за 2 години не успееме. Зошто г. Карангелески, не му го вративте мандатот на народот, на твое место да се гласаат нови избори. Тоа е достоинството на говорот што сте го дале.

Јас ќе ве разберам навистина дека имате збор и достоинство. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика има г. Карангелески.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Бидејќи сум спомнат од г. Томислав Стојановски се прашував пред малку ако се јави г. Томислав Стојановски неколку пати, колку кривични пријави треба да заработи. Меѓутоа, сакам да му порачам дека јас со него не сакам да водам реплика, бидејќи на етикети не сакам да одговарам кои што се неаргументирани и ако зборуваме за достоинство оставам на јавноста и на пратениците сами да го проценат ова што тој го кажуваше и јас што го кажувам. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г. Попов.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Сакам само кратко околу првиот дел г. Стојановски кога зборуваше за првата точка од интерпелацијата околу манипулацијата, пролонгирањето и незакажувањето на итна седница и не продолжување после на истата за скандалот прислушување, што за мене е навистина преседан од светски размери и веројатно во политичката историја на светот од такви размери прислушување сигурно немало. А, г. Стојановски повторно овдека сакаше да ја изврти тезата дека тоа е направено затоа што немало доволно опипливи докази, дека аргументите не држеле, дека биле спротивставени тврдења од различни страни, едните прислушувале, другите прислушувале итн. Јас сакам само да потсетам на една работа, што е факт, дека Парламентот и власта, пред се, Владата се гаранти за основните човекови права и слободи и тука применето врз власта и врз Парламентот итн., не може да важи принципот на пресумпција на невиност, не може. И, тој како правник, веројатно, тоа би требало да го знае. Тука може да се употреби принципот на пресумпција јуридика. Не би сакал да му го објаснувам сега, веројатно го знае принципот на пресумпција јуридика и веројатно ќе разбере што сакам да кажам. Според тоа, ако не е направено тоа, значи не е правовремено реагирано на еден таков крупен, би рекол скандал кој што засегаше и на некој начин ги испогани фундаменталните демократски принципи во Македонија, неминовно, без оглед од каде и како доаѓало прислушувањето, политичка и морална одговорност мора да сноси Владата, власта.

Повторувам, не може да важи принципот на пресумпција на невиност, така што само врз основа на ова и со вашето ненавремено реагирање вие станувате како претседател на Собранието соучесник во една ваква работа. Тука е вашата одговорност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не сакам да ги двојам сега во овој момент ни Карангелески ни Столе Попов. Тие направија дистинкција во излагањето. Последниот ми одржа разлика помеѓу не вина и вина. И за едното и за другото се одговара за извршено дејствие, а не за претпоставено. Веројатно само во филмовите се прават претпоставки дека ќе бидат убаво примени од публиката, па може така да се прифати. Мора да има одговорност за извршено дејствие. Тоа е прво.

Вториот дел кој го извршил тоа дејствие, во кое време и на кое место. Додека тоа не се добие, нема одговорност, без разлика. Политичката одговорност г. Столе Попов за прислушкување ја водеше, ја создаваше тој учествувал во неа и знае дека има одговорност затоа што сам се прислушкувал. За тоа нема што да зборувам такво му е занимањето. Се бива без докази, без ништо, режија, бесно куче - бесно, нема јас таму да се расправам.

Во однос на другото јас не сакам повеќе да зборувам нека г. Карангелески ако дозволи ние да му ги донесеме фактурите, ако не нека ги донесе самиот, па нека одговори има врска - нема врска. Тие компјутери јас не ги донесов од Кина - Тајван, јас не одев таму за нив. Ве молам, повеќе не сакам да расправам во однос за нивните приговори, имаат право, ги ценам, само г. Карангелески не ми одговори од каде се компјутерите тие знаат, но зошто моралниот чин на договор, ако за две години не успее во власта, ќе го врати мандатот на народот. Тоа не ми одговори.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Сигурно дека г. Стојановски не ја сфати пораката, повторно ќе го прашам дали има потреба да му објаснам околу поимите и принципите на двете пресумпции. Мислам, дали има потреба, но би било депласирано на правник да му одговарам во овој момент и не би објаснувал. Тоа е една работа.

Друга работа, за ставовите и политичката одговорност на Столе Попов, постојат записници и стенограми во Собранието на Република Македонија кои секогаш можат да се погледнат и Столе

Попов стои зад секој изречен збор во своите дискусии и јас својата морална и етичка одговорност во потполност ја носам со себе така што ако сака на таа линија да разговара г. Стојановски ќе мора да ме повика со конкретни цитати што изговорил Столе Попов во ова Собрание за да можам конкретно да му одговорам.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕСКИ:**

Јас реков дека нема да полемизирам со г. Стојановски, меѓутоа, два пати г. Стојановски ја злоупотребува говорницата во Парламентот и ме повикува да дадам оставка, ако како партија и членови на една партија сме имале доблест да потпишеме гаранција после две години за оставка на нашите функции доколку не спроведеме цела или дел од програмата, јас сакам да му порачам една работа токму од причини за да се сруши таков пристап каков го кажува Томислав Стојановски, Карангелески нема да даде оставка на својата функција, бидејќи е одговорен пред своите граѓани, а зборуваме за гаранција која е точно дефинирана на другите функции г. Стојановски.

Токму од причина за да вас ве симнеме, ќе си останам на оваа позиција.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, во име на пратеничката група се чувствувам обврзан да му одговорам на г. Стојановски.

Пратеничката група на ВМРО - Вистинска во интерпелацијата главно се ослони на три сегмента и други споредни елементи кои го чинат за неподобен да биде претседател г. Стојан Андов.

Во првиот дел аферата прислушкување г. Стојановски ми дава за право јавно да ви кажам дека ми наликувате на ној кој ја ставил главата во песок да помине опасноста. Вие денеска воопшто не бевте присутен во собраниската сала кога и јас и останатите пратеници од ВМРО - Вистинска аргументирано со листинзи со стенограми, со факти ги изнесоа сите девијантни манипулации на г. Стојан Андов.

Некој овде со право кажа дека наликува на Дејвид Коперфилд г. Стојан Андов и го делиме мислењето дека тој воопшто не погреши.

Понатаму за кворумот на седниците за презентираните 200 листинзи кога се гласаше за Буџетот на Република Македонија за 2001 година, не се доволен аргумент дека без кворум е изгласан Буџетот на Република Македонија за 2001 година.

Третиот столб или сегмент од интерпелацијата, еве сега ќе ви презентирам ова се поканите од свечената седница. Го молам г. Стојановски да слуша, а не потоа да зборува дека немал аргументи. Се прашувам дали имаше потреба да се свикаат две седници или можеше да се свикаат повеќе седници кога е објавен огласот за избори во Службен весник, па првите избори, па вторите избори, па прва седница, па прва дискусија се е тоа десет години од парламентаризмот. Воопшто не држи да се држат две седници по тој повод кога рековме дека една седница чини 30.000 ДМ и оваа седница, имаше една промашена седница се поради манипулациите на г. претседател на Собранието. Првиот ден одлежавме во Собранието, а без причини е одложена таа седница. Ние можевме да одиме на другите точки, а проектите од Владата да бидат во подоцнежниот дел на дневниот ред. Меѓутоа, плашејќи се од интерпелацијата г. Стојан Андов свесно, бидејќи утре планира да не се работи мислеше дека ние ќе се повлечеме. Пратеничката група на ВМРО - Вистинска опстојува на фактите и аргументите дека г. Стојан Андов ако има и малку доблест треба да си даде оставка заради иднината на македонскиот парламентаризам. Во спротивно ова ќе не следи и понатаму на црното да викаме бело, на белото да викаме црно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, јас ќе искористам сосема кратка реплика на г. Черкезов. Тој предлагаше завчера да минеме на следните точки ако веќе не беше Владата тука, ако немаше претставници од Владата. Господинот Черкезов очигледно седи во погрешна сала. Овде прво треба да се утврди дневен ред, па потоа да се види на кои точки ќе се пријде. Ние не можеме да го утврдиме дневниот ред, бидејќи предлозите на Владата имаа карактер на итност, бараа итна постапка и мораа да бидат тука за утврдување на дневен ред, а после можеме да минуваме на ова или онаа точка. Мислам дека нема смисла такви работи да се наведуваат, тоа само покажува колку навистина не сакате да разговараме ако има некој вистински проблем.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Господине Андов, и самите кажавте веројатно не сум бил во правата сала, навистина кога не води како претседател на Собранието ваков претседател како вие, не е чудо што сме на погрешно место. Само да ви напоменам вие можевте, бидејќи Владата изврши опструкција на наредната седница

да ги поставите нивните точки, а ние можевме по другите точки од дневниот ред да одиме на оваа седница. Тогаш ќе беше 75 или 74 седница за нив, а вие вака манипулирате во име на Владата други приоритетни закони ги ставивте во втор план.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ова е веќе разликата, меѓутоа, ако сте вие претседател како би работеле и јас кога сум претседател, тоа е. Има време, ќе дојдете.

Има збор г. Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Господине претседателе, почитувани колеги пратеници, За аргументите кои се спомнати во интерпелацијата, а поткрепени со докази од листинзите за гласање кога станува збор за прашањето на кворум и со цитати од стенограми за што се залагал од позиција на пратеник ...

(Галама во салата).

Господине претседателе, јас се извинувам меѓутоа мислам дека нема услови за работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Обратете му се малку на г. Черкезов. Тишина малку.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Не треба јас да се обратам, вие треба да побарате да биде мир во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Далеку ми е, не можам да го смирам.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Како и стенограмите кои покажуваат како сте се залагале кога сте биле пратеник во поглед на итноста на постапките, отвореноста на Владата пред Собранието итн., не сакам да зборувам, бидејќи е тоа повеќе од јасно. Пред аргументите се молчи.

Вашата одбрана воопшто не ја земам за валидна, бидејќи беше ноншалантно хумористичко површен однос, повикувајќи се дека нема докази за наводите во интерпелацијата, а дополнително се покажа дека докази има. Значи, сепак станува збор за совеста, за моралот, за политичкиот кредибилитет на г. претседател работите да ги прикажува како кога ќе му одговара и така видливо да изманипулира со работата на Собранието во најтешките моменти за државата тоа е аферата за прислушкување и терористичките напади врз тлото на Република Македонија.

Се согласувам дека нема чиновнички кантар со кој би се измерила вината на г. претседател особено не во ваков застарен, неупотреблив деловник за кој впрочем во два претходни мандати како претседател на Собранието можевте да се залагате да биде променет.

Значи, сепак станува збор за моралните, политичките вредности и кредибилитетот на првиот меѓу еднаквите. Овие вредности лавираат, како што беше веќе спомнато и мислам дека тоа е клучниот момент што ние треба да го преоцениме, не во смисла дека ќе го судиме како што некој напомена, туку во смисла дали ја ужива или не нашата доверба.

Затоа укажувам во името на пратеничката група на ДА дека ќе гласаме за интерпелацијата поднесена од ВМРО - Вистинска за претседателот на Собранието, бидејќи со своите постапки го наруши кредибилитетот, угледот и дигнитетот на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г. Јованов.

Има збор г. Пајковски.

**ЛАТИФ ПАЈКОСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници, веднаш да кажам дека сум целосно збунет од начинот на кој предлагачите на интерпелацијата од петни жили се трудат да го оправдаат текстот и намерата на самата интерпелација.

Исто така сум целосно збунет и од поединци кои се обидуваат да пронајдат аргументи и со тоа да застанат на страната на оние кои ја предлагаат оваа интерпелација. Од сето она што до сега имавме можност да го слушнеме, барем според мене колку успеав да ги следам дискусиите се повеќе сум убеден дека има два контрадикторни аршини односно констатации во врска со образложенијата по повод оваа интерпелација. Едниот навистина незнам од кои причини поедини пратеници потписници на интерпелацијата со прецизно водените активности на пратеникот Стојан Андов всушност покажуваат дека пратеникот Стојан Андов на многу седници иницирал и барал да се стават на дневен ред многу актуелни прашања во тој момент. Искрен да бидам тоа го сфаќам како многу позитивен однос кон пратеникот Стојан Андов и уште една причина зошто во овој момент пратеникот Стојан Андов ја извршува функцијата претседател на Собранието, а се сака да се прикаже сосема нешто друго.

Веројатно ова е многу редок случај, барем јас до сега не сум сретнал, некој да одговара против некој да биде поднесена интерпелација затоа што како пратеник бил многу активен, иницирал прашања, покренувал иницијативи, барал на итни седници да се расправа, а сега како претседател на Собранието имал подруг аршин односно подруг однос кон работата во Парламентот и за тоа треба да одговара. Тоа не знам навистина како да го објаснам.

Инаку, според она што го слушнавме особено од предлагачите, г. Стојан Андов треба да одговара веројатно и за Првата светска војна, за Втората светска војна, веројатно за земјотресот во Скопје, за сушата, но веројатно треба да одговара и за утката што шесттемина ја направија со бегањето од ВМРО-ДПМНЕ или за бркањето на пратениците од ДА, и за тоа можеби ќе треба да му се замери и да одговара.

Прибележав некои работи и сакам да дадам сопствено видување.

Прво, се бара одговорност од претседателот за кворумот кој многу често го немаме во оваа сала. Ве молам, не можеме никој да ги затвориме очите, верувајте мене и на сон почнаа да ми ѕвонат зборовите на г. Андов, ги молам пратениците да влезат во салата и да си седнат на своите места. По сто пати кажани зборови, но некој кој два месеци не сакаа да влезат во оваа сала, туку ѕиркаа како извидници од балконите, за тоа нивно отсаство да не им фали ниту една дневница, да си земаат полна плата и сега го обвинуваат претседателот за немање кворум. Сериозна и крајна дволичност.

Ова е исто така поврзано и со констатацијата дека еве и оваа седница чини 30.000 ДМ. Многу седници чинеа по 30.000 ДМ, но многу седници пропаднаа токму заради не присуството на оние кои сега ја поднесоа оваа интерпелација и на некој начин ја поддржуваат таа интерпелација. Тоа народот го знае, се разбира.

Некој тука се обиде да зборува за некаков патриотизам што нема врска со интерпелацијата, сакам и тоа малку да го прокоментирам особено оние кои за себе викаат дека се вистински патриоти, лојални македонци, патриоти за македонштината, за Македонија. Јас видов многу сличности, многу подударања со дискусијата на г. Харуни, па можеби постои некој меѓусебен договор по тоа прашање.

Имавме можност да слушнеме за мене многу ситни работи за кои ниту во прво одделение не се зборува и за тоа да се бара интерпелација и смена на претседателот како на пример некој два пати барал збор и не му се дало и сега за тоа треба претседателот да се смени.

Потоа се обиде да се злоупотреби паролата како се трошат нашите пари, се разбира народот гледа како се трошат нашите пари и како ги трошат тие кои не присуствуваат на седници, не одговараат на обврските кои ги земале пред сопствените бирачи.

**ЉАТИФ ПАЈКОСКИ:** (Продолжение)

Крајна дволичност е да се критикува претседателот, се разбира во тој контекст и Владата од оние кои што вчера беа баш во таа Влада, кои до вчера сосема друго зборуваа. Јас не гледам битна разлика во однос на водењето на седниците, освен еден степен на подобрување од минатиот претседател и сегашниот. Ве молам, како може да се кажуваат зборови, да се бараат аргументи од почитуваниот пратеник Попов во нешто што нема врска со аргументи. Какви аргументи беа искажани. Аргументи ли се тоа што беа таксативно наброени сите активности на пратеникот Стојан Андов. И сега тој аргумент, некој најде аргументи, заради тоа ќе го менуваме претседателот. Аргумент ли е тоа што некој забележал во моментот кога се свирела химната претседателот не гледал кај знамето. Јас забележав во тој момент господинот Черкезов не гледаше ниту кај знамето, ниту кај Андов, туку ги броеше пратениците во салава. Така ако можеме да дискутираме, така да дискутираме. Инаку, се разбира не ми е намерата да го бранам господинот Андов, ниту можам да го бранам се разбира, затоа што неговите заслуги во развојот на демократските процеси во Република Македонија, во развојот на самата држава, особено после осамостојувањето познати им се на целокупната македонска јавност и мислам дека во секој случај најмалку во овие моменти ни треба отворање на вакви прашања, особено без аргументи и особено прашања кои што се отвораат од пратеници кои што сакаат да се декларираат како загрижени за судбината на оваа држава. Ако е тоа така, тогаш ние имаме многу поважни работи, многу поважни прашања. Не е згодно по повод едно вакво прашање, интерпелација да се отвораат прашања кои што се однесуваат и на територијалниот интегритет и суверенитет на Република Македонија, некој тоа тука се обиде да го направи, меѓутоа, многу лесно е да се зборува од Штип, Струмица и Гевгелија итн. Јас тие ги повикувам кај мене во Жировница

да дојдат, таму да дискутираме за меѓуетнички прашања, таму да дискутираме, да видиме кој како живее во мешаните средини каде што судбината ни била таква заедно да живееме, заедно да ја градиме оваа држава со сите припадници на националностите. А лесно е да се провоцираат одредени работи од страна, од реони, од населени места кои што се многу далеку од местата каде што се случуваа последните настани во Република Македонија. И заради ваквите мои видувања, јас ќе бидам против поднесената интерпелација.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Со оглед на тоа што остануваме до касните часови, не сакам да ви одземам дел од вниманието кое и воопшто го немаме. Мислам дека како луѓе и како пратеници избрани од народот оваа вечер не сме на висина на одговорноста која треба да ја понесеме. Јас сакам искрено да кажам дека кога државата се наоѓа во опасност, да не ја употребувам изреката "село гори, баба се чешла", ние паѓаме на такво ниво да расправаме за сосема неважни работи за водењето на седниците на претседателот на Собранието на Република Македонија. Тој во овој миг е најмалку важен, знаете зошто? Затоа што најголемата важност лежи токму кај нас пратениците. Погледнете се сите и да се погледнеме сите еден со друг за овој период што се наоѓаме во овие клупи колку дисциплинирано ги извршуваме нашите обврски, колку сме присутни, а после да се лутиме, или да му замериме на претседателот на Собранието дали деловнички, процедурално ги водел седниците или не. Народот од нас чека леб, чека промена на законите, чека активирање на фабриките кои се мртви. Ние вечерва зборуваме за неважна работа и мислам дека ја имаме промашено темата. Заради актуелностите на состојбата оваа интерпелација и самите предлагачи требаше да ја иземат од дневниот ред и да одевме на оние точки за кои Владата има приоритетно значење, за кои Република Македонија навистина има приоритетно значење, не чека огромна работа, а ние се занимаваме со површни работи, заради трепките ќе ги изгубиме очите. Ви благодарам многу и затоа во името на она што навистина треба да бидеме премногу сериозни го прекинувам овој говор и сакам на крајот да укажам.

Почитувани пратеници, не може претседателот Стојан Андов да биде крив за донесувањето на Уставот на Република Македонија, не може да биде крив за преамбулата што е во Уставот на Република Македонија. Според ова, овде има пратеници од кои се згрозувам, кои три мандати се и навистина не ја научиле абецедата на парламентаризмот. Навистина до наредните избори кутриот наш народец без разлика на која групација припаѓа, навистина треба да внимава како ќе гласа за овој Парламент. Овде треба да бидат најквалитетни луѓе, а ние го покажуваме обратното, не сите, но голем, или поголем дел од луѓето кои се овде ноншалантно седнати и не разговараат во името на духот и времето во кое се наоѓаме и она што ни гори под нозе.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани колеги, би сакал да го изнесам ставот во врска со поднесената интерпелација на група пратеници. Пратеничката група на СДСМ уште во моментот на избор на господинот Стојан Андов за претседател, јасно, гласно и недвосмислено соопшти дека не се сложува со тој избор и поддржа друг кандидат господинот Абдурахман Алити. Тоа не го направивме случајно, за нас како и за македонската јавност работата на господинот Стојан Андов и како претседател и како човек кој седи во пратеничките клупи во текот на целиот период додека постои овој Парламент е позната неговата политика и токму затоа немаше потреба однапред како во други случаи да влеземе во период во кој би виделе како тој ќе функционира па после да го градиме нашето мислење, или да имаме кредит однапред во неговата работа. Особено заради фактот што наша процена е дека неговото политичко дејствување најчесто се должи на фактот како полесно може да се напредува отколку на фактот како полесно може да се придонесе за позицијата на која се наоѓа. Да кажам искрено малку се зачудивме како пратеничка група кога господинот Стојан Андов во почетокот на своето излагање соопшти дека согласно Уставот интерпелација треба да се толкува дека не може да се поднесе за претседателот на Собранието и дека тоа во целиот свет не се прави така. Малку сме зачудени, мислам дека тоа е сосема погрешно толкување на Уставот и е голем лапсус на претседателот на Собранието и дека мора да се сложи со фактот дека и тој спаѓа во избраните функционери на јавни функции за кои е можно да се поднесе интерпелација и токму заради тоа денес расправаме. Цениме дека обидот да се укаже дека никаде во светот не може да се поднесе интерпелација за работа на претседателот на Собранието е всушност

обид да се минимизира уставното и демократско право на група од 6 пратеници да поднесат интерпелација. Затоа мислиме дека тоа не беше во ред. Имаме впечаток, зборувам во име на пратеничката група дека некако денешнава расправа повеќе се сведе, а и самиот господин Андов во своето излагање по повод одговорот на интерпелацијата даде таков призвук, повеќе се сведе расправа за техничкото функционирање на господинот претседател, односно во начинот на кој тој го спроведува Деловникот на седниците и целата интерпелација всушност полека клизи кон расправа за тоа. Да кажам дека ние како пратеничка група не сме во потполност задоволни и од тоа. Често тоа во текот на работата во ова кратко време се увиде дека често се спротивставуваме на техничкиот начин на кој се водат седниците. Меѓутоа, мислам дека тоа е помалиот проблем и секако проблем на кој треба да се обрне внимание, затоа што во сите државни органи во Македонија таму каде што опозицијата е застапена е единствено Собранието на Република Македонија. Ние не сме застапени во ниеден друг орган и ова е единствената шанса да ги промовираме сопствените ставови и да влијаеме на политичкиот процес во институциите. И доколку на опозицијата тоа со ситни опструкции и се оневозможува, тогаш треба да се подразбере зошто најчесто членови на опозиционите партии токму на тоа реагираат најмногу, затоа што е единствената уставна можност да реагираат соодветно во политичките процеси во државата, на некој начин им се минира, или опструира и тоа создава апсолутно потреба да се соопшти како проблем кој треба да се реши. Меѓутоа, она што мислам дека ние имаме и примери за тоа, незнам дали е соодветно да се набројуваат. Еден пример свеж е последната затворена седница на која сите бевме сведоци кога еден амандман деловнички уставно поминат, господинот Андов се обиде да го преврти целото гласање дека не е поминат, па да се прекине седницата, да се консултира со службите итн., па се случи после да го смени мислењето. Меѓутоа, за тоа беше потребна соодветна реакција од опозицијата која е испровоцирана во такви моменти. Сакам да кажам дека душата на работата на Парламентот е тонот кој го дава претседателот и чувствуваме една ситна опструкција и ние како СДСМ во текот на работата на Парламентот на тоа техничко ниво.

Исто така, ние имаме еден политички став кој може да биде прифатлив, може да не биде прифатлив, тој не е напишан во ниеден закон и во ниеден устав, меѓутоа, тоа е нашиот политички став. Имено, цениме дека претседателот на Собранието заради тежината на функцијата која ја обавува во една од најзначајните, или можеби најзначајната политичка институција во државата, Собранието на Република Македонија треба да е човек кој потекнува од политичка партија која има широк легитимитет во јавноста. Тоа е наш политички став и ние од тоа поаѓаме секогаш дека претседателот на Собранието не може да е пратеник кој потекнува од партија која по број на пратеници во Собранието е седма или осма. Секогаш сме мислеле дека треба да е претставник на партија која има сериозен политички легитимитет во јавноста и претставува една од поголемите партии за да може на тој начин да се оделотвори и волјата на гласачите во Собранието. Меѓутоа, владината коалиција која се состои од ВМРО -ДПМНЕ и ДПА го прифати тој механизам на прифаќање на претседателот една од најмалите политички партии во Парламентот и политичка партија која на изборите кои се одржуваат последователно како што постои ни покажува резултати да може да освои било какво место во изборните механизми, градоначалник, или нешто слично. Тоа го урива легитимитетот на претставникот на таа партија во овој Парламент. Меѓутоа, тоа е наше политичко размислување, не е тоа наше институционално размислување, Уставот не предвидува таква можност. Меѓутоа, на пратениците им дава за право да размислуваат во таа насока.

Уште сакаме да укажеме и на некои други посериозни работи за кои мислиме дека Парламентот треба да води сметка. Имено, ние кога разговараме за избор на претседател на Собрание, или за негово опстојување на политичката сцена во Република Македонија меѓу другото расправаме не само за тоа дека ќе го води Собранието, туку дека екс официо како претседател на Собранието ќе не претставува сите нас како пратеници во некои институции вон од Собранието кои се уставни институции и мислам дека неговата работа, дебатата по интерпелацијата поднесена од ВМРО вистинска, или група пратеници треба да се пролонгира и во тие институции, затоа што работата на пример на претседателот на Собранието во рамки на Советот за безбедност не е легитимитет стекнат никако поинаку освен како

претседател на Собрание на Република Македонија. Значи, екс официо функција. Па на пример ние кога размислуваме за неговото претседателствување со Собранието, размислуваме и за тоа како тој ја врши функцијата, претставувајќи не сите нас, или по Уставот преставувајќи се себеси од таа позиција во Советот за безбедност. Мислам дека во неколку клучни моменти за Република Македонија од она што можевме да го видиме во јавноста, начинот на кој функционираше тој Совет, изјавите кои после секој Совет ги слушавме многу различни од Трајковски, претседателот на Владата, господинот Андов итн., внесуваа еден немир во сите нас, дека оној го бираме ние да биде член на Советот за безбедност постојано е асинхрон со оние кои се врховен командант, или претседател на Влада, министри итн., кои по некои други механизми присуствуваат таму.

Исто така, сакам да укажам на сериозноста на позицијата претседател на Собрание, ајде да употребиме термин, прилично судбоносни времиња во Република Македонија, а тие се такви заради тоа што се случи војната и нејзиниот крај, односно она што се случува екс пост, после нејзиниот крај. На пример во Република Македонија почитувани колеги пратеници сите гледаме дека се водат бурни дебати во врска со тоа дали нашиот Устав ќе опстои на некои од неговите фундаментални позиции. Некако се добива впечаток дека се разбира една од најважните институции која треба да расправа за уставните иницијативи, меѓутоа и за уставните дебати во јавноста е Уставната комисија. Се заговараат или се одобруваат и не се одобруваат разни проекти во врска со Уставот, изложени сме на меѓународен притисок, меѓутоа можеме да забележиме дека претседателот на Уставната комисија кој најчесто екс официо е претседател на Собранието и во овој случај е така, некако не се изјаснува за таа работа. Замислете каков би бил впечатокот во јавноста кога ова Собрание би имал претседател кој на иницијативите за промена на Уставот во некои фундаментални негови работи како што е граѓанскиот карактер, како што е употребата на јазикот во Република Македонија како официјален јазик, наместо да се молчи месец дена од таква битна позиција претседател на Уставна комисија, би се имало јасен став, претседател на Уставна комисија да соопшти свој став. Тоа во јавноста прво би ги насочило мислењата за Парламентот во еден правец. Вака и самиот Парламент е доведен во ситуација на колебливост. Она што сакам да укажам е и на бројни други примери, можеби нема потреба за сето тоа да се дебатира предолго е дека позицијата претседател на Собрание покрај тоа што учествува во многу битниот технички аспект на водењето на Собранието, исто така учествува на многу високо политичко ниво во креирањето на политичкиот живот во Македонија каде што и молчењето најчесто значи креирање на мислење. На пример јас би сакал да бидам член на Парламент каде што претседателот на Парламентот после месец или два, дебата од разни страни дури и надвор од Македонија за Уставот ќе има свој јасен став во врска со Уставот. А сега има позиција да сите имаат став освен тој кој по мене е најповикан да го соопшти тоа, затоа што на крајот на краиштата ова е домот каде што Уставот е донесен и ако некој сака да го менува, треба да дојде да го менува.

Втората работа што сакам да ја соопштам, иако мислам дека во овој случај најмалку ќе се однесува само на господинот Андов, меѓутоа, мислам дека е една хронична болест на овој Парламент на која господинот Андов не успева сепак да најде лек, а во овој момент ние не можеме да очекуваме од друг, освен од него да бара лек, дефакто дека нашиот Парламент и по неговиот избор останува сериозно инструментализиран од страна на извршната власт. Јас знам дека пратениците колеги од владините партии нема со тоа да се сложат, меѓутоа, исто така сум уверен интимно дека ќе се сложат со фактот дека нашиот Парламент е претворен во технички сервис на Владата. И тоа се случува во скоро сите поранешни години од 1990 година наваму, со чесни исклучоци, меѓутоа тоа не значи дека ние треба и понатаму да избираме и толерираме претседатели на парламент кои тоа ќе го овозможуваат. Ние сме тука помеѓу другото за да го зачуваме прво дигнитетот на овој Парламент, а второ, тој дигнитет да овозможи Парламентот да расправа. Примерот да не одиме во поранешните месеци од овој мандат, да завршиме со оваа седница. Вие бевте сведоци вчера дека Владата успеа по итна процедура, или по скратени рокови, или по незнам какви други механизми да го напумпа овој дневен ред со уште 10, 15 клучни закони кои ни се доставуваат ад хок. Владата преговара со ММФ, со Светска банка, со меѓународни институции, со експерти, со месеци, со години за да дојде до едно решение и после бара од нас тоа решение да го разгледаме и да гласаме во рок од два дена. Јас очекувам претседателот на Парламентот да е првиот

кој на тоа ќе се спротивстави и да бара процедура од Владата во која ќе се дозволи комисии да работат, да го разгледаме. Јас се изјаснив дури и за спогодбата со Европската унија.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Колку што видов на екранот, мислам дека едногласно го изгласавме и нема никаков спор. Меѓутоа, апсолутно немаше потреба претседателот на Собранието да ја прифати иницијативата потпишаниот договор во понеделник да ни го дистрибуира во средата за да гласаме по него во четвртокот, затоа што секој од нас меѓу другото има дигнитет, сака да прочита што пишува на тие триста страници. Јас ве уверувам дека никој од нас не успеа да го прочита до крај. Претседателот на Собранието очекувам да го штити Парламентот на таа позиција, да не овозможува да ни се доставуваат такви закони. На пример јас се обидов денес да го консолидирам дневниот ред за оваа седница, ова е некаде на половина. Овде има над 1000 и повеќе страници. Ние не можеме како Парламент да работиме под ваше водство, г-дине Андов, се додека ни доставувате дневни редови на кои имаме 1000 страници затоа што ние ефективно не можеме ни да ги прочитаме, а камоли да ги разгледаме сериозно за да можеме да одлучуваме. Ако е веќе така, јас ве уверувам дека тоа е најлесниот начин да се инструментализира Парламентот.

Она што сакав да го укажам е дека има некои подлабоки политички прашања за кои треба претседателот на Собранието да се корегира во својата работа, за да овозможи Парламентот соодветно да работи. Меѓутоа, како пратеничка група на СДСМ не гледаме дека има волја во тој правец. Напротив, мислиме дека сервисната улога на Парламентот продолжува и се продлабочува во однос на Владата и тоа е само уште еден доволен аргумент за да размислуваме во тој правец.

Со оглед дека работиме скоро цел ден да не продолжуваме понатаму. Она што сакавме да го укажеме со сето ова е фактот дека од наш агол гледано интерпелацијата, заедно со многу други размислувања на пратеници овде кои не беа пишани во самиот текст на интерпелацијата, е основано и дека Парламентот на РМ треба да има поинаков претседател. А пак на крајот на краиштата да додадеме и дека некои актуелни политички случувања во државата ни даваат право да размислуваме дека оваа интерпелација на господата од ВМРО - Вистинска може да е сосема ирелевантна и невалидна, без разлика како ќе ја изгласаме, затоа што некои други политички процеси и договори кои се случуваат во јавноста меѓу политичките партии може многу брзо да исфрлат на површина и некаков сосема друг политички распоред, па и оваа интерпелација за неколку дена, или 10-тина дена или недела, две ќе ја сместат во доменот на ирелевантните односи на Собранието заради некои поинакви политички договори.

Значи, врз основа на тоа ние ќе гласаме афирмативно за интерпелацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Филип Петровски.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Дами и господа, еве да се вклучам кратко во дискусијата. Би сакал по повод оваа интерпелација да ги кажам моите ставови, иако мислам дека моментот во кој се наоѓа државата навистина со себе носи побитни политички случувања, но со оглед на тоа дека интерпелацијата е од поодамна поднесена мислам дека треба да се произнесеме по неа и еднаш да завршиме со ова прашање, посебно затоа што често во јавноста се употребува односно се изнесува тезата дека некој сака да опструира. Јас мислам дека ниедно прашање во Собранието, посебно не една ваква интерпелација нема зошто да биде опструирана и да не биде ставана на дневен ред и некој од тоа извлекува подолг политички живот, односно на некој начин со тоа да се заштитува себе си. Мислам дека е многу нормална оваа работа да расправаме за оваа интерпелација, да не прејудицирам да ја отфрлиме и да продолжиме понатаму со работата на Собранието затоа што на оваа седница има навистина битни точки.

Мислам дека ќе успеам да бидам краток. Би сакал во оваа дискусија без провоцирање или предизвикување на било какви реплики да го истакнам ставот кој што е принципиелен и во тој став би сакал да се задржам на два моменти, затоа што внимателно ја читав интерпелацијата и навистина неможев да најдам повеќе од два моменти, на кои што принципиелно би можел да одговорам односно да дискутирам и да изнесам свој став. Другите работи сметам дека се ирелевантни и нема да ги спомнувам.

Прво околу најтешката теза односно носечкиот став во интерпелацијата дека се прави опструкција односно е правена опструкција во свикувањето на итна седница по повод аферата прислушување. Најмногу и затоа се јавив за збор затоа што

сум член на Комисијата која го подготвуваше овој материјал и многу добро се сеќавам и знам дека барем онака колку што ја познава и како што ја познавам работата на ова Собрание, претседателот на Собранието ги даде сите потребни налози и инструкции, бараше да се запази процедурата во врска со оваа афера и што е најбитно од се, мислам дека не направи во ниеден момент опструкција, очекуваше материјали од нас, ние како Комисија работевме во повеќе продолженија и кога бевме подготвени да го изнесеме материјалот, го доставивме, седница беше свикана и ние расправавме по ова прашање.

Претседателе, ве молам ако сакате да обезбедите атмосфера, бидејќи не се слушам ни сам кога зборувам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, нека седнат пратениците.

**ФИЛИП ПЕТРОВСКИ:**

Ако треба да станам, затоа што не слушам што зборувам.

Значи, сметам дека не е направена опструкција, мислам дека работата е извршена многу прецизно и на единствен начин кој што е возможен во Парламентот, а тој начин е во врска со Деловникот за работа на Парламентот и во врска со законската определба, односно дефиниција како може да функционира Комисијата која беше единствено надлежна во овој случај. Сега тој случај до каде е што е не е наша работа во моментот оти други надлежни институции не се произнесуваат баш јавно. Меѓутоа, мислам дека она што го направи Комисијата и Парламентот во рок од 45 дена со еден таков случај кој што има да не речам митолошки димензии и огромни димензии во врска со поновата македонска историја, посебно во врска со функционирањето на безбедносните структури и тајните служби, мислам дека не постоеше попрецизен и побрз начин. Комисијата тоа го направи, Собранието веќе расправаше по овој случај.

Затоа, мислам дека првата теза дека е направена опструкција во врска со свикување на итна седница не држи. Ние држевме седница и апсолутно мислам дека овој момент од интерпелацијата нема своја солидна објективна поткрепеност во врска со реалноста или во врска било какви факти.

Како што реков, јас несакам да провоцирам, несакам да се повикувам на примери како навистина некој пат било во посовремената македонска историја, но би сакал само како еден лајт мотив да посочам а оние што се заинтересирани можат да проверат како било тоа во примерот "Сина птица", колку време траела процедурата, колку време Собранието чекало на седница, колку време целата процедура во која што исто така имаме прислушување, злоупотреба на тајни служби е одолговлекувана од еден македонски Парламент односно од првиот состав на Македонскиот Парламент. Ако се направи било каква и површна споредба, се гледа дека брзината ставена во некакви рамки, брзината со која работеше овој Парламент, да не вулгаризирам, меѓутоа беше брзина на светлина. Во таа насока, мислам дека неможе да дискутираме дека опструкција е направена во врска на свикување на итна седница.

Дами и г-да, јас дискутирам принципиелно затоа што мислам дека со оваа интерпелација не е допрен само претседателот на Парламентот туку се допрени и сите што го поддржуваат претседателот на Парламентот. Во овој случај посебно сум допрен и јас затоа што учествував во работата на таа Комисија и не можам никако да се согласам дека таа Комисија правел опструкција односно дека ете некој на нас ни дал можеби некакви инструкции да задржуваме време, па можеби сме го штителе претседателот на Собранието или тој измислува нова процедура. Процедурата беше многу јасна, постојат стенографски белешки за работата на таа Комисија. Целата работа е завршена многу прецизно и многу проверливо. Секој што се сомнева во работата на таа Комисија или во подготовката на таа итна седница во врска со случајот прислушкување може многу лесно да ги провери сите работи и многу лесно да дојде до свој став барем по оваа точка дека оваа интерпелација не држи.

Има уште една работа за која сакам да дискутирам при што повеќе би сакал да се смета како мој личен став а не како апологија на претседателот на Собранието, односно една потреба на мнозинството да го брани претседателот на Собранието оти работата е многу чиста. Се зборува за донесување на закони и одлуки на Парламентот во кои немало доволен број на пратеници односно, барем така е наведено во интерпелацијата, дека со тоа се доведува во прашање легитимноста на тие одлуки и закони. Ова секој што ќе го чита внимателно ќе сфати дека не е насочено само кон или за интерпелација на г-динот Андов, туку станува збор за омаловажување на сите одлуки и закони донесени во еден период,

односно омаловажување, дезавуирање или доведување во прашање на ставови и одлуки кои што ги носи владиното мнозинство, односно 65-70 пратеници кои ја поддржуваат Владата, индиректно на тоа надоврзано барем јас така размислувам и на сите одлуки кои што ги имала Владата во тоа време. Мислам дека на сите нас ни е јасно како функционира овој систем, дека може да се злоупотребуваат картичките, но на сите нас присутни во тоа време во Собранието кога се донесуваа тие закони, кога ја имавме последната политичка криза односно сега во овој момент претпоследната, знаеме и јас барем стојам зад тоа дека прво јас како пратеник не би можел да прифатам некој закон да се донесе со помалку од 61 пратеник присутен во салата. Добро се сеќавам дека претседателот на Собранието ги броеше односно ги повикуваше службите после секое гласање да проверат дали има 61 пратеник во Собранието. Еве да речеме и во тоа се сомневам, меѓутоа, јас имам свои сетила за слух и вид и самиот проверував дали има 61 пратеник. Сега во една ваква ситуација се омаловажуваме сите ние, се доведуваме во една ситуација дека ние тука фингираме или глумиме мнозинство дека Владата - еве бидејќи е стара интерпелацијата неколку месеци, во тоа време, глумела мнозинство и дека државата не функционирала. Мислам дека ова е опасна теза која мора да се отфрли оти ниту му оди во прилог на тој што ја прилага интерпелацијата, ниту му оди во прилог на тој што ја брани интерпелацијата, ниту на ниедна институција на системот. Замислете каков преседан е некој да излезе да каже, некој донел таму закони, законите се објавени во "Службен весник", тие предизвикуваат правно дејство на македонскиот систем, а тие немале уставна подлога, односно не се донесени со 61 глас. Сметам дека тоа навистина е опасно и бидејќи бев присутен и сум современик на сите тие случаи можам да кажам една работа: апсолутно како пратеник сакам да го отфрлам овој момент дека нема своја соодветна тежина не како пратеник што сакам да го бранам г-динот Андов, туку како пратеник кој што го почитува и респектира сето она што го работи во Собранието, а ние не работиме тука нешто што на нас случајно ни текнало. Во прашање е доверен мандат, кој мандат на некој начин мора да биде сериозен пред гласачите.

Тоа се тие два моменти што сакам да ги истакнам. А сега да дадам некои кратки забелешки во врска со некои дискусии претходно, бидејќи мислам дека треба да се спомнат и повеќе зборуваат за политички приод на една ситуација.

Беше спомнато дека г-динот претседател на Собранието не се произнел во врска со своите ставови околу промената на Уставот, односно беше спомнуван како претседател на Уставна комисија. Јас нема да навлегувам во тоа какви се ставовите, оти неговите ставови се негови, кога цени дека треба да ги изнесе ќе ги изнесе. Меѓутоа, ова што ќе го спомнам сметам дека оди во прилог на она што го бранев како момент дека итната седница не можеше да биде закажана без соодветни ставови на Комисијата за контрола на тајните служби. Беше спомнувано Уставната комисија и дека целиот напор односно целото Собрание во овие критични моменти, чудни моменти, вака интензивни моменти во политичкиот живот, ние очекуваме таа Комисија што ќе каже, дали ќе каже, дали ќе се состане. Значи ние навистина некои дискусии на опозиционерите признаваме дека комисиите имаат свое значење во работата на Собранието, дека неможе Собранието да се произнесе пред да даде свои ставови или соодветна Комисија на прашањата кои што ја побудуваат јавноста. Ако можеме ние да тврдиме дека таа Комисија има свое значење или подготовка или било што во врска со Уставот, тогаш мораме да признаеме дека во врска со подготовката на итната седница во врска со аферата прислушување Собранието мораше да има подготвен или соодветен материјал, ставови, заклучоци од Комисијата за контрола на тајните служби. Значи, го користам она што беше изнесено од одреден опозиционен пратеник како потврда на мојата теза дека нема опструкција на итната седница во врска со свикувањето на таа седница и мислам дека тоа соодветно држи, оние што треба да го проценат тоа, македонската јавност ќе знае како навистина тоа да го процени.

И уште една работа. Незнам ниту сакам да го проценувам легитимитетот на Либералната партија, незнам колку гласачи има, не сум правел никакви истражувања, меѓутоа, Либералната партија има тројца пратеници кои се во легитимна коалиција со ВМРО-ДПМНЕ влезени. Во таа коалиција се донесени одредени договори, а тие договори меѓу другото значат дека г-динот Андов е претседател на Собранието. Не сакам да потсетувам како гласаше опозициона структура, меѓу другото и предлагачите на интерпелацијата. Сите ние добро знаеме, а несакам оти несакам да ја разгорам

атмосферата, несакам некој да предизвикам дека е предавник, па да ми одговара не сум јас предавник, друг е предавник, па овие се легитимни ставови, а оние не се легитимни ставови. Сакам општо да зборувам дека едноставно една коалиција донесува договори и апсолутно е ирелевантна бројката и во еден момент апсолутно може да се смета било што друго освен дека на една Влада и треба 61 пратеник во Собранието да ја поддржи за да може институциите на системот да функционираат соодветно и согласно Уставот на РМ. И тука застанувам само наведувајќи дека повеќе пати и Партијата на зелените во Германија и претходната партија на Клаус Кинкел имаа соодветно мала застапеност во Собранието, а ја носеа функцијата министер за надворешни работи. Г-динот Фишер и денес ја носи таа функција, а има несразмерно мала застапеност во Германскиот бундестаг, а вицеканцелар. Така што мислам дека не можеме да употребуваме во нашите тези и дискусии некаква споредба дека извесен г-дин нема 30 пратеници, затоа неможе да биде претседател на Собранието. Целата коалиција го поддржува тој избор, јас го поддржувам тој избор, јас ја отфрлам оваа интерпелација во личните ставови и мислам дека бев доволно јасен зошто.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Досега многу души ми се обратија дека треба да бидам пократок. Јас ќе бидам краток онолку колку што чувствувам потреба да бидам краток и онолку до колку претседателот на Собранието смета дека треба да работи ова Собрание согласно прописите.

Јас чувствувам потреба да се искажам, навидум, по ова безначајно прашање. Многумина тука рекоа од говорницата дека Парламентот расправа во ваква состојба, во каква што била сега државата Република Македонија, во некои кризни, или незнам какви други состојби се изродија. Всушност, нередовни состојби, небезбедносни состојби, со сите случувања што се случуваат во последно време во државата, дека Парламентот расправа за некои безначајни прашања, односно за технички прашања, во однос на тоа како претседателот на Собранието си ја врши својата функција.

Јас мислам дека таа теза е погрешна, односно погрешно поставена. Нема да кажам дека таа е намерно поставена, или дека е од незнаење. Но тврдам дека е погрешно поставена. Мислам дека работата на претседателот на Собранието, вклучувајќи ја работата на вкупното Собрание, на Парламентот на Република Македонија е едно исклучително важно прашање. Конкретно зборувам за овој Парламент и зборувам за ова Собрание на Република Македонија и во овој состав, изразено особено, а изразено во последно време, со она што е јасно и од "авион се гледа" дека Собранието ни е на некој начин на маргините на случувањата во Република Македонија, дека процесите на течење на демократскиот и политичкиот живот во Република Македонија се изместени надвор од институциите на системот, ако сакаме да кажеме од вкупните институции на системот и тоа можеме да го елаборираме со голем број примери што се случуваат во последно време: како за Парламентот, така за Владата, така за претседателот на државата, така за судската власт, така за Републичкиот судски совет итн. Така и за многу други важни институции во Република Македонија кои ја имаат својата положба дефинирано со Уставот на Република Македонија и најчесто дополнети овластувања, согласно другите законски прописи.

Човек не мора секогаш да инсистира на идеален модел на функционирање на институциите на системот. Може да има амплитуди во одредени моменти, во зависност од состојбите, од капацитетот, случувањата итн., но овде не се работи, ни за каква случајна појава, од замор на материјалот на институциите во системот, туку се работи веројатно, од едно дефинитивно изместување на институциите на системот, согласно Уставот што е дефиниран на нивната положба. Тоа е мое мислење. Нешто слично треба да се прави во таа ситуација. Јас да ви кажам, интерпелацијата на господата пратеници колеги, што ја имаа поднесено во врска со ова прашање, го гледам во рамките и на тие настани. Инаку, не би имал потреба да станувам да дискутирам, ако мислам дека интерпелацијата е од чисто технички карактер, или е некој случаен хир на одредена група пратеници итн., во однос на некоректно однесување на претседателот на Парламентот во текот на водењето на седниците, или по постапување по одредени прашања, регулирани со Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Јас лично сметам дека оваа моја констатација ја делат поголем број пратеници. Мислам дека ја дели и претседателот на Собранието, затоа што не

ја потценувам нивната способност и можност да ја проценат ситуацијата во Република Македонија и конкретно да проценат што всушност се случува со Собранието на Република Македонија.

Јас мислам дека има таков интелектуален и политички и искусен капацитет, таа работа да ја согледаат многу порано од мене и на некој начин да се согласат во тоа прашање. Но реагирањето за барање лек во таа насока, за дефинирање на таквата состојба изостанува во последниот период и на некој начин, верувајте, или не, имам чувство дека е препуштено повеќе на странските фактори да се загрижуваат што се случува во Република Македонија, а во контекст на случувањата на последните настани и да преферираат одредени можности за понатамошен демократски развој во Република Македонија, за кој јавноста не е запознаена, туку може да наслутува дека нешто крупно се случува, но што е тоа крупно што се случува, останува во сферата на недефинирана состојба и на некое очекување.

Во таа смисла, мислам дека конкретно кога е на дневен ред оваа точка, треба посериозно да се разговара и за тие пошироки состојби. Инаку, самата интерпелација не би имала ни смисла на некој начин.

Оттаму, без разлика каква ќе биде одлуката и судбината по однос на гласањето во овој Парламент денеска, по однос на интерпелацијата, а таа е извесна дека помал број пратеници ќе ја поддржат интерпелацијата, а поголем број на пратеници ќе ја отфрлат. Состојбите ќе останат исти и ќе се продлабочуваат во негативна смисла, доколку самиот претседател на Собранието не ја сфати пораката пошироко што можеше, или што до сега му се испрати со интерпелацијата што се виде низ дискусиите на пратениците, всушност, тоа незадоволство ако го сфати како објективност за она што се случува и оценките што ги даваат пратениците, а не како нивен субјективен одраз на некое поединечно незадоволство од неговата работа.

Јас мислам дека доколку овие најавени настани што ќе следат натаму му овозможат понатаму на претседателот на Собранието да ја обавува понатаму функцијата претседател, таа лекција ќе треба добро да ја разбере. Всушност, тој имаше и добра шанса, уште кога беше избран од ова Собрание, на начин на кој што беше избран на демократски начин, без оглед на тоа што имаше уште еден кандидат и кој како се залагаше во овој Парламент за изборот и што претходно се случувало итн., имаше една сјајна шанса претседателот на Собранието навистина да покаже како се обавува барем претседателската функција на Собранието, затоа што за тоа има и уставна поткрепа дека претседателот на Собранието, без разлика на неговата политичка припадност, треба да ја "замрзне" својата политичка припадност и треба да ја обавува функцијата согласно Уставот и Деловникот, за кои понатаму сакам да кажам нешто, кои многумина овде, или редовно сите го нарекуваат: "каков е таков е" и навистина се покажа една огромна поддршка на работата на претседателот на Собранието, без разлика од која политичка припадност е од тие 120 пратеници што се овде во Парламентот.

За жал, видливо е дека во овој краток период, иако претседателот на Собранието, господинот Стојан Андов повеќе пати му беше реално укажувано, и од моја страна, за некои негови однесувања во однос на вршење на својата претседателска функција, мислам дека сериозно не разбрал, или, лично имам размислувано околу тој проблем дека човекот на некој начин лично беше оптоварен, поради неговото несоодветно однесување до крај во ова Собрание према најголемата пратеничка група ВМРО - ДПМНЕ во првиот мандат, па сега имаше некоја грижа на совеста, што таа го донесе на таа функција, дека на некој начин сака ситно да и компензира. Таа грижа на совест покажа што значи тоа, бидејќи ја изгуби општата доверба во Парламентот, а мислам дека и кај добар дел од пратениците на ВМРО - ДПМНЕ, кој вечерва ќе гласаат за негова поддршка, а исто така, може да се случи за пет - шест дена да гласаат да се смени од таа функција. Тоа би било само таа појавна форма, а вистинската поддршка навистина ќе ја имаше ако ја заработеше од сите нас, без разлика кој како ќе дигнеше рака во дадена ситуација, дали ќе остане на функција или нема да остане на функција, па ќе дојде некој друг да ја врши. Досега таквата поддршка ја изгуби претседателот на Собранието, без разлика како математички тоа ќе се покаже, иако знам и убеден сум како математички ќе се покаже, но јас би бил многу среќен доколку наредните настани покажат дека овој Парламент треба понатаму да го води претседателот на Собранието Стојан Андов, дека таа шанса треба да ја искористи, затоа што и самата позиција, онака како што е

дефинирана за претседател на Собранието во Уставот на Република Македонија, Македонија најмногу му го овозможува, за разлика од голем број функции, дури и од функцијата претседател на државата на Република Македонија.

Лично сметам дека има таква перспективна можност, таа функција претседател на Собрание да се обавува на таков непристрасен и елегантен начин, што може да се добие поддршка од огромно мнозинство во Собранието.

Во таа насока, не би сакал да давам лекции, мислам дека тоа е моја оценка и заедничка оценка на сите нас овде во Собранието.

Инаку јас уште нешто би сакал да кажам. Една објективна пречка, еве ќе го потсетам и претседателот на Собранието, за функционирањето на Собранието, нам ни треба, навистина да донесеме Деловник на Собранието. Ние работиме врз основа на Деловник кој беше донесен врз основа на Уставот на Република Македонија од 1974 година, иновиран со Привремениот деловник за работа на ова Собрание, кој беше донесен, пред да се донесе Уставот на Република Македонија од ноември месец 1991 година, кој е прилагоден на новонастанатите состојби, врз основа на амандманите на Уставот на СРМ од 1990 година, врз основа на кој се одржаа првите парламентарни избори.

Тврдам дека секој претседател, кој ќе седне на тој стол, врз основа на тој пропис, кој не е до крај усогласен и прецизиран, согласно одредбите на Уставот на Република Македонија, доколку нема доволно доблест, или да не речам дека има лоша намера да сака да манипулира со работата на Собранието, тоа може да го прави на перфиден и перфектен начин. Тоа сегашниот пропис на привремениот деловник за работа, не дефинирајќи до крај голем дел на институции и институции од работата на Собранието на Република Македонија, кои се дефинирани со Уставот на Република Македонија од 1991 година, тој пропис на Деловникот го донесува често се истакнува, се правеја неколку обиди во овој минатогодишен период дека пречка е, јас сакам претседателот на Собранието да го потсетам, господине Стојан Андов дека во 1991 година, кога стана претседател на Собранието, веднаш после бурните седници во Парламентот, кој почнаа да се одвиваат, превзеде еден метод на работа, единствен тогаш што го употреби за целиот период додека беше претседател и во првиот и во вториот мандат и сега, во третиот мандат, ги потсети пратеничките групи, веројатно, прво ВМРО - ДПМНЕ, а потоа дојде и кај нас и бараше мислење што е тоа што може да придонесе и на кој начин да профункционираме подобро во Собранието. Јас тогаш се обидов од тоа скромно мое искуство што го имав, господине претседателе реков, ние нужно треба да донесеме нов Деловник за работа, кој ќе биде адекватен, барем на тогашните амандмани на Република Македонија, кои беа за изменување и дополнување на Уставот, кои направија радикални промени, за да се обават првите повеќе партиски избори. Мислам дека претседателот на Собранието не обрна доволно внимание на тоа и рече дека во вакви нервозни состојби, тешко дека било каков Деловник може да не спаси, или отприлика така нешто. Таа состојба трае веќе десет години, што е недозволиво.

Лично сметам дека овој Парламент не смее да се распушти по мене, по моето искуство што го имам, барем да оставиме нешто во поголем чекор во наследство, доколку покрај прописите, законите од изборна регулатива, за кои имаме искажано политичка намера дека треба да ги донесеме, да работи понатаму Собранието и воопшто, општествено - политичкиот живот во државата, е нужно да го донесеме и Деловникот за работа.

Јас не верувам во приказната дека пречка се албанците, за тоа што бараат да се регулира прашањето за зборување на албански јазик од оваа говорница, дека тоа е пречката што може понатаму да не држи во опсесија дека ние не можеме да го донесеме основниот акт за работа на Собранието на Република Македонија.

Ако ние не можеме тој акт да го донесеме, тогаш што се занесуваме дека ќе ги решиме другите проблеми во државата, па ако сакате и од сферата на меѓуетничките односи. Нужно и неизбежно треба ние тој акт да го донесеме, а доколку не го донесеме, секогаш ќе се јават доволен број квалификувани манипуланти, кои ќе ја користат таа нормативна правна празнина што ја имаме на некој начин. Спрема политичките потреби и некој овде зборуваше за императивните можности што ги пружа функцијата за жал, во Република Македонија.

Господине претседателе, јас се надевам дека кога тој Деловник ќе се донесе, ќе се дефинира солидно положбата дека и понатаму вие ќе имате интерес да го раководите Парламентот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на господинот Наќе Стојановски.

За збор се јави господинот пратеник Звонко Мирчевски.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, иако иницијативата за свикување, односно за ставање на оваа точка на дневен ред е од нашата пратеничка група и таа иницијатива датира од 25 јануари оваа година, јас мислам дека свесно, или несвесно од ваша страна господине претседателе, оваа точка се најде со големо задоцнување и можеби изгуби од актуелноста и значењето, со оглед на значајните политички и други моменти, кои ја потресоа Македонија овие два - три месеци.

Вие добро знаете дека во Уставот на Република Македонија пишува дека Собранието е во постојано заседание. Помеѓу другото, зборувам за функцијата, како институција претседател на Собранието на Република Македонија и претседател на Советот за меѓунационални односи.

Мислам дека требаше поодговорно да се однесувате, да ја следите актуелната политичка и безбедносна ситуација во земјата и соодветно на тоа да реагирате и да му овозможите на Собранието да работи и да се изјаснува по однос на состојбите кои што се случуваа во државата.

Трите наведени причини кои што се во интерпелацијата јас ги поддржувам и ќе се изразам афирмативно за интерпелацијата. Имам доста да дискутирам, но мислам со оглед на тоа што во нашата земја во овој момент присуствуваат странски високи делегации и за крупни прашања се разговара, јас мислам дека актуелноста денеска да се расправа за вас и вашата работа како институција - претседател на Собранието е малку амортизирана.

Вешто се искористи позицијата да се амортизира и да се иступи острицата на опозицијата во однос на наведените точки во однос на интерпелацијата. Имавме повеќе иницијативи, настаните непосредно по случувањата во Теарце, потоа заташкувањето на аферата со прислушкувањето, која што ја потресе цела Република и пошироката јавност каде што беа засегнати претседателот на државата, странски дипломати, сите пратеници од Собранието на Република Македонија и најмногу, најмногу во периодот кога се расправаше за многу парламентарно мнозинство, најмногу беше слушана пратеничката група на ВМРО - Вистинска и од овде, од оваа говорница најодговорно тврдам дека аферата за прислушкувањето го минира формирањето на, го блокира формирањето на новото парламентарно мнозинство.

Во сета таа ситуација едноставно кога се гледаше дека таа Влада е разнишана заради добро познатите состојби во државата Либералната партија се најде како профитер и искористи во таа ситуација да влезе во шема со партиите кои што беа обвинувани заради таквата состојба која што се случи во државата. ВМРО - Вистинска се вчудоневиде од вашата незагриженост за ситуацијата и од вашето влегување во тие моменти во таа коалиција со едно просто образложение дека ќе се обидете во тешките економски моменти да и помогнете на земјата. Досега барем тие напори не вложија некој плод, исто така како што не роди и плод, ниту господинот Анте Марковиќ кој што порано беше во тие Реформски сили итн.

Иако се бараше итна седница на Собранието се употребуваа разни конвенционални и неконвенционални методи за да не дојде до неа, да се формира ваква или онаква анкетна комисија, па потоа да се најдат материјали за прислушкување, па да се изврши упад кај овој или кај оној со цел да се обезбедат докази и материјали, па да се упаѓа со полиција итн.

Јас целосно се согласувам и огромен дел од она кое што имав намера вечерва да дискутирам моите колеги од ВМРО - Вистинска и дел од пратениците кои што зборуваа навистина доста солидно ја разработија оваа проблематика и со аргументи ги кажаа нивните мислења.

Значи, одговорни сте заради тоа што го дезавуирате Собранието и институцијата пратеник и ги ставате во подредена положба во однос на извршната власт со манипулирањето на законодавниот дом, неможејќи да се обезбедат услови за работа, а исто така се крши и Деловникот, значајни проекти кои што се предлагаа од страна на Владата се донесуваа со сомнителен кворум. Тоа впрочем беше јасно забележливо, бидејќи се броеја картички наместо да се бројат пратеници во празната сала, што всушност и македонската јавност преку телевизијата можеше да го види.

На очиглед на целата македонска јавност со 43 пратеника, па со 59 пратеника се констатираше дека Собранието има мнозинство валидно за одлучување и да

носи одлуки и се донесе Буџетот, се вршеше избор на судии во основните судови, се направи упад во судскиот систем на Република Македонија.

Исто така вашата умешност за водење на седниците кулминираше кога во временска разлика од три до четири секунди констатиравте мнозинство во Парламентот, а при електронското гласање вкупниот број беше 56 или 57 и помалку. Исто така при вакви состојби беа констатирани верификации на одлуки на Парламентот и сосема обратно при ваше директно визуелно пребројување констатиравте дека немаше кворум и од стручните служби баравте да се преброи состојбата дали има кворум за да работи тој Парламент.

Исто така се употреби електронскиот систем за гласање со тоа да пратеници кои што не беа присутни во салата се водеа како да се присутни тука броејќи ги нивните картички.

Еве вака во глобала ова е една карактеристика на работата скоро на секоја една седница се додека ние не влеговме во Собранието, а за нашето невлегување во Собранието образложени беше дека имаме интересни точки кои што беа предложени и кои што цело време беа отфрлани да не дојдат на дневен ред.

Јас мислам дека сепак треба да имате политичка одговорност и мислам дека во вакви состојби во кои што се наоѓа нашата држава нетреба да преовладуваат личните и други партиски интереси.

Јас мислам дека во една демократска држава каква што е Република Македонија каде што сеуште функционира јавното мислење и медиумите и тие забележаа дека се мачеше мака за обезбедување на услови за работа во Собранието.

Вакумот во работата на Собранието власта ја искористи за купување на време, а исто така за да ја зацврсти својата позиција во однос на обезбедување на потесно мнозинство во Собранието.

Во меѓувреме се случија неколку нови настани, се случија штрајкови на судството, не функционираа институциите на државата буквално на цела територија на Република Македонија. Се случи криза која што кулминираше со судири на дел од територијата на Република Македонија, која што криза кулминираше, а ме зачудува фактот што вие како претседател на Советот за меѓунационални односи со влегувањето во коалицијата со Владата која што тврдеше дека се релаксирани меѓуетничките односи не констатиравте дека има криза во меѓуетничките односи, па се случија такви конфликти. Сето ова ми се чини дека ја зголемува тежината и одговорноста заради тоа што требаше да биде свикана таа седница.

Не сакам да се враќам наназад во изминатиот период за работата, само сакам да кажам дека од градот од кој што доаѓам доста граѓани со кои што разговаравме после вашето влегување во коалицијата беа разочарани, а особено после вашата кандидатура за претседател на Република Македонија за претседателските избори во 1999 година кога бевте најголем критизер на коалиционата Влада и господинот Трајковски и навистина мислев дека како зрел политичар дека ќе си достоите на зборот, дека ќе се посветите на семејството и дека повеќе на такви функции не ќе влегувате, а вие сепак го исчекавте моментот и влеговте тогаш во таа коалиција токму во времето кога беше нашата голгота од ВМРО - ДПМНЕ.

Би сакал да ве замолам да бидете доследен, јас колку што се сеќавам едно време од ваша страна имаше еден добар предлог во контекст на актуелните политички состојби кои што се случуваат во Република Македонија во сферата на меѓунационалните односи. Имавте Предлог - декларација за правата и состојбите на нашето етничко малцинство во Република Албанија. Еве сега право време, бидејќи вие покрај тоа што сте претседател во Собранието, вашата Либерална партија е партиципиент во извршната власт, па се надевам и ве замолувам ова прашање да го отворите до крај.

Инаку, за време на нерботењето на Собранието, чисто колку да знае јавноста, нашата пратеничка група во повеќе наврати контактираше со господинот Стојан Андов, но со цел да се запознаеме со актуелната политичка безбедносна состојба ние бевме задоволни од вниманието што ни го посвети господинот Стојан Андов, но сепак јас мислам дека овој парламентарен дом е местото каде што треба да се расправа, оние разумни политичари и мажи кои што се избрани од народот на Република Македонија овде во оваа сала треба да ги отворат и најчувствителните прашања, па ако треба тогаш и овде да се развијат и најжолчни расправи, па ако треба и ќе се степаме во овој Парламент, но да не излегуваат работите надвор.

Јас од ова место овде, од името на ВМРО - Вистинска изразувам сочувство спрема жртвите во судирите кои што

настанаа без разлика на која етничка, верска или друга припадност припаѓаат политички.

Во овој момент јас мојата дискусија ќе ја прекинам во интерес на времето, знам дека сме сите уморени и секако дека афирмативно ќе гласам по однос на интерпелацијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам на господинот Мирчевски.

Последен пријавен е господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Интерпелацијата е депласирана работа во овој момент. Не станав да го бранам господинот Андов ни најмалку. Јас сум еден од тука многумина малку пратеници на кои во овој Парламент ми биле претседатели господинот Андов, Тито Петковски и господинот Саво Климовски.

Она што посебно ме иритираше, тоа е што се читаат тука бајати текстови од господата предлагачи кои им се подметнати од СДСМ.

Она што посебно стои како отворено прашање пред мене е тоа што овие шест пратеници не заслужуваат да го користат светото име ВМРО. Дали се вистински ажурни, јас кажав дека се лажални, а ќе потврди историјата. Во написите што го читаат како интерпелација, за кое господинот Черкезов ни читаше тука за криминал, корупција, мито јас би го прашал господинот Черкезов што е во тој дел корупција, мито и во она што доаѓа како постапка, дали е кршењето на Деловникот, или е кршењето на Уставот.

За господинот Стојменов, мислам дека неговото настапување, инаку сум го ценел, беше примитивно. Го потцени претседателот и дигнитетот на сите пратеници и Собранието и мислам дека беше конфузен. Тој и самиот тоа што го дискутираше не можеше да се разбере. Тоа му се случи исто и кога ја потпишувавме Спогодбата за асоцијација. Стана Стојменов, незнам од кои причини, сите во салата се прашуваа, целиот дипломатски кор, што му е на тој човек. Самиот тука нешто прокоментира, а на никој и до ден денес не му е јасно што му значеше тој чин при потпишувањето на ратификацијата на Спогодбата од страна на Парламентот. При дискутирањето на господинот Стојменов компликациите ги претвори во комплименти, за господинот Андов.

Она што како забелешка сакаа да го укажат предлагачите на интерпелацијата која во принцип, ако јас лично се прашувам како Слободан Даневски, како институт или механизам, јас сум да постои интерпелацијата. Не е ништо страшно да се дискутира за работата на секој поединец, да се дискутира за носителите на јавните функции. И сум против да не постои интерпелацијата.

Она што посебно се дискутираше и се сакаше да се наметне како најголем аргумент дека при носење на Буџетот, како еден од актите кои имаат големо значење, како за макроекономската политика, за Парламентот, за Владата, за сите збиднувања во економскиот ток и во живеењето на државата, дека се злоупотребува функцијата со тоа што со 58 или 60 гласови, мислам дека беше смешно и трагикомично. Како "маппед шоувци" се јавуваат таму три-четворица од таа пратеничка група и ги броеја. Зошто кога ќе се свртеше камерата бегаа. Беа присутни тука, во самиот момент влегуваа и излегуваа. Тоа се фактите.

Она што посебно го слушнавме ова вечер беше новото пишување на правилата на однесување или политичката желба на СДСМ од младиот, така го викавме во минатиот состав младиот Никола Поповски. Мислам дека тој ги изврте тезите, за среќа или за жал бевме ние пратеници во изминатиот состав. Кога од оваа говорница дискутирав немојте да правите злоупотреби, вакви и вакви злоупотреби се прават, вакво носење на законска регулатива, почитувајте. Тогаш се смееја, не се сакаше да се дискутира, знаеме како беше и однесувањето, се исклучуваа камерите, се броеја гласови, со 40 гласа се одеше. Но, да не повторуваме, тоа е минато. И да не се повтори тоа. Но, брзо еволуиран господинот Никола Поповски.

Она што направи грешка, што сакаше да направи порака во овој Парламент, му испадна на малиот Никола, тоа што кажа дека СДСМ ќе влегува во проширена коалиција да го менува Уставот. Тоа му избега на младиот Никола. Тоа е опасната работа. За она другото, дали и како треба да работи претседателот на Собрание, дали ги кршел нормите, од која политичка партија е, која е, каква е, мислам дека можеше и да нацрта кој треба да биде претседател на Собранието. И во ова држава е се страшно ако СДСМ не е во власта. Тоа е најстрашната работа. Со тоа

не можат да се помират. Од говорница јас повеќе пати сум кажувал на пратениците од ПДП. Знаете вие со кого играте? Со СДСМ. Тоа што се надеваат овие шест пратеници, подносители на интерпелацијата, знаете каква е кујната на СДСМ?

Знаете, тие имаат менза. Вие никогаш нема да бидете во мензата. Вие секогаш ќе бидете судоперачи, ќе перете таму. Нивниот систем знаете каков е. Секој што ќе се залепи за СДСМ нема перспектива. Немој да мислите, тоа е завршен чин. Нивниот систем е систем Милошевиќ, лимон систем, фати, исцеди, фрли. Нема веќе перспектива.

Знаете како му доаѓа тоа, кога зборуваше Никола Поповски. Тоа му доаѓа исто како кога го осудија претседателството да поднесе колективна оставка за Нано Ружин, наводно ги издал, отишол во амбасадори. Или г-динот Бучковски кој секоја вечер го напаѓа ПДП, ги прави терористи и незнам што, сега ги внесува во власта и СДСМ го предложи Абдурахман Алити за претседател. На кого да веруваме. Како да им веруваме на овие луѓе, кога Бучковски секоја вечер како "Гаргамел" ги плаши македонците, ова ќе се случи, место да гледа таму што зема плата 2 илјади марки во Градско собрание, а ќе не изедат кучиња во Скопје, во ѓубре сме затрпани. Место неговата работа да си ја врши, сега он ни дели лекции.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ама не расправаме за Бучковски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Она на што ќе се сведе оваа вечер е дека Стојан Андов е најголем виновник затоа што е главен и одговорен виновник за носењето на Уставот на РМ. На тоа се сведе поентата. Виновен е затоа што го донел Уставот на РМ.

И она што сакаше да се наметне во овие услови кога не работеше Парламентот. Не работеше парламентот прво заради неприсуството на најголемата опозициона партија. Беше многу поопасно да работи Парламентот во такви кризни услови. Тоа беше равно на атомска бомба, неголи она што се случуваше на Калето во Тетово, затоа што она што можеше да направи и некој побаруваше да се запалат страстите во Парламентот, беше многу поопасна работа. Јас во два три наврати сум рекол, Парламентот е многу поопасна работа отколку тоа што е на теренот. Некој сакаше тоа да се запали. Но не успеа. Можеби за тоа е виновен Андов, но ќе покаже времето и ќе видиме кој бил во право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Наќе Стојановски се откажува од дискусија.

За реплика се јави г-динот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, имавме можност да слушнеме еден лош адвокат како го брани г-динот Стојан Андов.

Ако г-динот Даневски ја злоупотреби главната говорница со викање и наведување на пратениците без аргументи, не значи дека му даде квалитетна одбрана на г-динот Андов од неговата партија. За него аферата прислушкување која до ден денес не е завршена е никаков аргумент за интерпелација за г-динот Стојан Андов. Ќе ве молам, оваа афера веќе оди во заборав. И ден денес сите ние се чувствуваме не безбедни. Сеуште сме прислушкувани. Политичка одговорност за сторителите сеуште немаме, а за Даневски тоа е ништо. Излегувањето на шесте пратеници за г-динот Даневски е ништо.

Г-дине Даневски, ние ги уживавме сите привилегии. За ваше сознание јас од таа Влада бев ставен за повереник на општествениот и државниот капитал во ЗИК "Црвена Ѕвезда" - Штип. Ми се нудеа одредени привилегии и пред и после тоа. Ги откажав сите привилегии кога видов дека оваа власт ја разнебитува мојата земја. Сите сегменти и столбови за функционирање на државата се уништени. Социјалната тензија е нешто невидено за европски размери, кај македонскиот граѓанин. Многу видни граѓани се борат за гола егзистенција, а вие се борите без една германска марка да уплатите, да приватизирате месна индустрија. Тоа го кажаа вашите сограѓани. Измислувате дека политичка партија ви организира линч. Да не кажам тука, да се смее цела македонска јавност, зошто ве линчуваше човекот и ве напаѓаше дома. Немојте да злоупотребувате дека политичка партија организирала мавање на вашиот дом. Зошто не кажете дека вашата сопруга е мавана, туку вашите деца. Тука се крие вистината г-дине Даневски. Треба чесност. Ние излеговме, вие влеговте во власта, за привилегии. Ние ги напуштивме тие привилегии. И сега ни се нудат привилегии. Во ваква власт не влегуваме г-дине Даневски. Вие со дваипол пратеника добивте толку привилегии. Се прашува

македонскиот граѓанин која е вашата тежина, која е вашата одговорност, од говорницата, без аргументи да го браните г-динот Андов. Што кажавте во контекст на интерпелацијата. Кажете еден збор што побивте. Еден збор, аферата прислушкување за вас е ништо. Двојна седница за вас е ништо. Почит спрема знамето на Македонија не е за вас ништо. Па ќе ве молам, младите генерации од кого ќе се учат, ако не како се однесува г-динот Стојан Андов. Зборовите на химната за Македонија ги немаше. За вас тоа е ништо. Каде е вашиот однос, вашиот патриотизам спрема оваа држава. Зборувам како граѓанин. Ништо не го одбранивте, само во жив песок го ставивте г-динот Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика има г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

На г-динот Черкезов би му порачал да ги остави децата и неговите и моите и за жените да не дискутираме.

Во однос на тоа, како случајни минувачи во политиката, кој минува во овој момент како случаен минувач во политиката, јас го разбирам. Го апна апчето, им наместија игра, се упецаа на интерпелацијата. Нема никаков основ. Тоа е депласирана работа.

Она што значи, како мене ме прифаќаат во Свети Николе, јас ќе му кажам на г-динот Черкезов.

Слободан Даневски од 1990 година кога бил во ЗИК "Црвена Ѕвезда" така рече, незнам кај работел. Слободан Даневски три пати го избираа едно по друго граѓаните на Свети Николе. Знаете кој е трипати избран на непосредни избори? Многу малку. Кога вас ќе ве изберат три пати, тогаш вие ќе бидете рамни со мене да дискутирате за тоа дали ве сакаат и почитуваат во градот. Вие и Стојменов ако соберете сто гласа, бидејќи јас секојдневно комуницирам во Штип, вие сте завршени за политиката во Штип. Знаете Штип како е софистициран како политичка средина.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова сепак прераснува во семејни и лични расправи.

Ако можеме да го намалиме барем тој дел.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Да завршам. Никогаш Слободан Даневски не рекол дека поддржува или оправдува прислушкување. За волја на вистината да му кажам колку Слободан Даневски е прислушкуван и ред други работи, нема место. Зошто не го прислушкувале г-динот Черкезов тоа е друга работа. Значи не е важна персона.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика за г-динот Миланчо Черкезов.

**МИЛАНЧО ЧЕРКЕЗОВ:**

Се согласувам со вас претседателе да не ја оддолговлекуваме седницата.

Само едно ќе му реплицирам на г-динот Даневски.

Од оние стенографски белешки што ги видовме за прислушкуваните лица, на три стенограми моето име стоеше, јас сум прислушкуван.

Но г-динот Даневски го нема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика за г-динот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Што да се каже после ваквите вулгаризми од страна на г-динот Даневски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Внимавајте во формулациите.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Г-дине претседателе требаше него да го опомените кога го спомнуваше малиот Никола, лажовна или вистинска, судоперачи и вие баш не интервениравте.

Дозволете сега да му одговорам на овој што толку протежира, место закони, од говорницата за судоперачи, вулгаризми, примитивизми. Тоа е практика на г-динот Даневски која се провлекува седници и седници. Јас на почетокот кога бев неискусен, како што кажа тој пратеник, мислев дека има говорна мана. Имаше проблеми со изговорањето на презимето на Шеќеринска, па на г-динот Зибери, па ги вулгаризираше нивните презимиња и сето тоа јавноста го дочека со една индигнација, не сакаше да гледа какви примитивизми во Парламентот. Меѓутоа искусниот трипати избран пратеник очигледно ништо не научил во овие три мандати, освен да навредува, да употребува примитивизми и навредливи зборови од оваа говорница. Јас мислам дека навистина е симнат дигнитетот на Парламентот со вакви пратеници кои место да се борат со аргументи и со дискусии, употребуваат измислени надимци на партии, измислени имиња на партии и навистина тоа го отфрлам со голема индигнација и му препорачувам на г-динот Даневски да не не повикува на вакви ниски реплики или одговори, бидејќи ова

навистина е ниско ниво. Јас незнам дали треба сега да му одговори г-динот Никола Поповски, на малиот Никола. Што му значи, која е целта на таа ваша дискусија. Со кое право го вреѓате вие овој пратеник овде само затоа што со аргументи ја нападна работата на претседателот на парламентот. Или, вие ја нарекувате лажовна ВМРО само затоа што даде интерпелација за работата на овој претседател на Парламентот, чесно и онака како што мислеше на хартија. Дали е тоа во ред г-дине Даневски. Дали е тоа начин на однесување на пратеник. Со кое право го правите. Со кое право ги менувате презимињата на пратениците. Ова е вулгарна ига и јас навистина верувам дека вашиот потпарол сега гледа да види што е високо ниво на политичка култура која ја презентирате овде од овој Парламент.

Ме прозивавте за Спогодбата за асоцијација и стабилизација.

Јас, во разговорите со сите пратеници видов дека ме разбрале. Вие имате проблем да разберете некој работи што сум ги зборувал и затоа еве за вас ќе повторам. Го поставивте тоа како директно прашање и сега ќе ви одговорам во што е проблемот.

Оние законски проекти кој беа наведени од потпретседателот на Владата во тој момент како приоритетни, не се расправаа на таа Комисија туку се расправаше за други законски проекти кој не беа приоритетни и приоритетно наведени во Спогодбата. Ако имате проблем да ги разберете дискусиите, тоа е ваш проблем. Меѓутоа, не го малтретирајте целиот Парламент на РМ со тоа што не сте разбрале нечија дискусија. Тоа е ваш проблем. Тоа е проблем конечно кој треба да си го разрешите.

Нашето излегување од пратеничката група на ВМРО - ДПМНЕ е еднаков демократски чин како и вашиот демократски чин кога излеговте од ЛДП во ЛП, за време на ова Собрание. Така да пак, тука се обраќам и до г-динот Пајковски, не можете да го употребувате зборот утка. Сепак тоа е ниско и вулгарно, жално ниско и жално вулгарно. Го доведувате Собранието, не доведувате сите пратеници во состојба да комуницираме на едно многу ниско ниво. Дај да зборуваме за аргументи.

Еве вака јас ќе ви кажам: Ако го сметате за утка тоа што не сме во власта и не сме во коалиција со власта, тоа нека е утка. Меѓутоа ако на вас ви е императив во животот да не направите ниедна утка, секогаш да сте со власта, вие не направивте утка, бевте во власта со г-динот Црвенковски и тогаш не ви сметаа тие што ги прават сите судоперачи, од таму добивте доста привилегии. Сега сте во оваа власт, пак не направивте утка. Тоа се големи работи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Помина времето на репликата.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Сега ќе завршам. За да не го прекршувам времето во овие доцни часови, само на крајот ќе кажам нешто, една реченица ќе кажам.

Ме изненадува паниката што денес ја покажавте од интерпелацијата, пратеничката група на ЛП. Веројатно, ние имаме чувство дека се работи за некоја доприватизација која треба да се случи некаде наскоро, или некој голем бизнис кој треба да се случи, па еве да останеме уште малку, да ја одржиме коалицијата, да се остварат сите тие работи и да не направиме утка. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика има г-динот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Колку Слободан Даневски има фајде од бизнисот во време што сум во политиката, толку среќа пожелувам да има г-динот Стојменов.

Да му кажам и тоа дека Слободан Даневски е либерал во Либералната партија. За него многу работи тука се нови, се учи. Нека тренира детево.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Реплика за г-динот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Ова нема да биде реплика. Сакам само да кажам дека г-динот Даневски го потврди нивото, кое го кажав од говорницата и со овој настап.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, добро потврдување.

Збор има г-динот Воислав Стојановски.

**ВОИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас мислев малку поинаку да разговарам. Меѓутоа, бидејќи се изнаслушав доста аргументи, а по мое неаргументи, на оваа седница, за поднесената интерпелација. Имено јас би почнал да го искажам мојот став во однос на поднесената интерпелација од група пратеници на следниот начин:

Овие пратеници, а и тие што не ги поддржуваат се сосема во право г-дине претседателе. Во право се затоа што вие седниците ги водите баш така како што треба, што би се рекло по Деловникот за работа на Собранието, а не така како што тие сакаат, хаотично и без никаков ред. Во право се, исто така да ви се лутат, да бидете претседател на Собранието, на оваа коалиција, бидејќи кога бараа да соберат мнозинство за соборување на оваа Влада, ви го нудеа истото, да бидете со нив и сто посто да бидете и претседател на нивното Собрание. И самите тоа го знаете верувам.

Вие бевте добар претседател кога бевте во коалиција со СДСМ. Но штом излеговте од нивната коалиција вие за нив не сте ниту добар претседател, ниту добар политичар, па ниту добар човек. Се на се, и г-динот Саво Климовски, кој посебно го почитувам, не беше добар претседател додека беше во коалиција со нашата партија. Поднесоа интерпелација и за него. Но мнозинството не го делеше нивното мислеше и тоа им пропадна.

Убеден сум г-дине претседателе дека и овој пат ќе има повеќе истомисленици кој ќе бидат против оние кој ја посакуваат Вашата смена и верувајќи во тоа јас си дозволувам уште од сега да ви посакам успех во понатамошната работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ненад Ристевски.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, во врска со интерпелацијата што ја поднесе пратеничката група на Вистинска Македонска Реформска Опција, дозволете да ви го презентирам моето гледање и аргументите, што се дел од аргументите на пратеничката група. Оваа интерпелација во стартот беше од ваша страна означена како несериозна, неписмена, несоодветна и со сите други квалификации, што немаа никакво друго значење, освен значење со цел некој директно да се навреди без да се одговори на наодите по посебните точки од интерпелацијата. За волја на вистината ние тука поднесовме доста документи дека ваква интерпелација со слични точки што ги прочита мојот сопартиец господин Златко Стојменов спрема вас беше поднесена и во првиот состав тука во Парламентот има луѓе кои беа во првиот состав. Мислам освен другите што тука не се Ѓулистана Марковска, Кирил Ковачевски, да не ги читам сите со исто неписмен стил спрема вас, исто неаргументирано со такви некои квалификации што тогаш немавте доблест или подобро ги расудувавте работите, така да не ги означите, па затоа ние и ги прочитавме делови од првата интерпелација.

Мојот сопартиец не прочита нешто што јас ќе го прочитам од истата интерпелација што беше претходно за вас пренесена од првиот состав, бидејќи луѓево што сега ве поддржуваат, кои ја потпишале оваа интерпелација, еве ние ќе им дадеме да се потсетат што правеле. Како причини навеле дека бараат од Собранието да ја прифати интерпелацијата за работата на вас како претседател на Собранието, бидејќи се убедени дека на тој начин ќе ги отстранат една од кочниците за демократскиот парламентаризам кои ја гледаат во вашата личност. Толку за тоа колку ве ценат истите луѓе што сега велат дека треба да бидете поддржани.

Морам да одговорам и на некои изјави од претходните соговорници, бидејќи упорно додека баравме реплика, дали по грешка на системот или по грешка на луѓето, вие контролирано со цел да ја насочите оваа расправа во некоја несакана или за вас сакана насока на луѓе посебно што мислевте дека ќе придонесат да се разводни целата работа. Пред прекин на оваа седница господинот Даневски даде некои изјави кои дури ме спомна и со име, јас затоа и барав реплика, што не беше одобрена, спомна дека мојата процедурална забелешка била од некој кумановски, така разбрав деловник кој не постоел. Јас да го информирам дека Куманово е дел од Македонија, не постои кумановски деловник туку постои деловник за работа на Собранието на Република Македонија, кој што јас ви го цитирав со страна кај што се одредени забелешки, процедурални на кршење на процедурата од оној спрема кого е поднесена интерпелацијата, ви дадов документ, овластен документ, а вие мислам реагиравте како што реагиравте. Мора да ви прочитам нешто, бидејќи гледам дека вие немате аргументи, туку во одбрана на господинот Андов т.е. и во своја одбрана, место со аргументи спрема нас се служевте со навреди. Иако интерпелацијата како правен некој систем треба да се државте на оние точки по кои што ние во интерпелацијата го обвинуваме господинот Андов за злоупотреба на должноста спикер на Собранието. Паметно правевте, мислам со цел да ја разводните работата, земајќи било какви теми, освен темите на интерпелацијата. Да ве потсетам нешто, ќе ви читам од истава книга, можеби за вас

викате некоја стара литература, да ве потсетам од април 2000 година, што би се рекло за време на овој собраниски состав и образложението. Повеќепартискиот живот во Република Македонија е во почетокот јануари 1991 година. Но, овој деловник за работа што ние сега го имаме и ќе биде прав Деловник за работа, се додека не се донесе нов деловник, датира од стариот систем. Се донесе Устав меѓу време и беше постигнат договор, бидејќи некои делови од деловникот беа во самото донесување на Уставот спротивно со истиот деловник да се направи една пракса и каде што се спротивставува со Уставот, да се користат одредбите од Уставот, а каде не, да се користи стариот деловник. Затоа што по разни причини ни по ваша, ни по наша вина нов деловник за работа, кој сигурно би ги средил состојбите, не е донесен. Но, затоа, за да не настанат некои други проблеми беше договорено дека во собранискoто работење се наметнати дилеми, различни ставови и мислења во однос на толкување на деловникот и затоа беа дадени насоки како да се толкува Деловникот. Да ве потсетам, во редакцискиот одбор преку издавачкиот совет се извинувам...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Ристевски вие овде читате книга.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Не читам книга, туку ги образложувам работите, а вие дозволете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие читате книга, некој што објавил книга и вие ја читате.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Ве молам, дозволете. И треба да ја читаме, бидејќи ние сме должни да ја спроведуваме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, оставете ги тие работи.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Господинот Харуни зборуваше за работи сосема несоодветни на оваа интерпелација. Зборуваше за промени на Уставот, зборуваше се, само што не е цел на оваа интерпелација, вие си молчевте бидејќи ви одговараше темата. Темата одеше спротивно од нападот на вас како личност и како претседавач на ова Собрание. Сакам да кажам дека тука сите се потпишани, тука е Чедо Кралевски, како координатор на една пратеничка група, Замир Дика, Саво Климовски, тогашен претседател и да ве потсетам на правните норми. Кога постои различно толкување на разни норми, ако се работи за закон тука е ЗПК да даде толкување и од тогаш еднаш протолкувано по еден начин, тоа е правило за понатамошното делување. Ова е овластен документ, мислам правило, повелете од тука и она што ние го цитиравме како прекршување на една установена процедура, го базираме тука. Ако некој мисли дека ние грешиме, а оставам простор и да грешиме, нека се повика на определена законска или друга норма и со тоа, на пример, одредени наши согледувања, не претендирам да се точни, да ги повлече. Толку мислам по тоа прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа ваше тврдење веќе го ставивме на изјаснување на Собранието.

Собранието по тоа се изјасни.

Ова навистина нема смисла што го правите.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Ова е дел од мојата дискусија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Собранието по тоа има веќе став.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Господине Андов, јас ве молам да дозволите, како што дозволивте на маса други излагачи по оваа тема да го кажам моето.

Ние сакаме да докажеме дека вие ја злоупотребувате функцијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Убаво сакате да кажете, но тоа го тврдевте и беше спор.

**НАНАД РИСТЕВСКИ:**

Не ми се мешајте ве молам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па, како да не ви се мешам, јас ја водам седницата. Морам да се мешам.

Вие тоа го изнесовте како проблем во Собранието, деловнички се изјасни Собранието и вашиот став ви се отфрли.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Јас му одговарам на господинот Даневски.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие на Даневски можете да му одговорите надвор по тоа прашање.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Вие не ми дадовте право на реплика и со тоа ја прекршивте процедурата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакате Собранието да биде добро водено. Како е воопшто можно тоа?

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Дозволете дали вие сакате, освен вас никој друг да нема право да зборува во ова Собрание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Па, ако Собранието по спорот се изјасни, никој нема право, па и во тоа е суштината, тоа е Собрание.

**НЕНАД РИСТЕВСКИ:**

Дали ќе дозволите да продолжам. Тука беа кажани некои невистини и морам да ги кажам, бидејќи една кажана лага ако не се реагира на нејзе, тоа може некој да ја сфати како и прифаќање на истата. Господинот Љатиф Пајкоски сакајќи во онаа безумна одбрана, без аргументи не обвини дека сме ги зеле сите дневници, а ние сме биле тие што сме ја блокирале работата на Парламентот. Да ве потсетам дека опозицијата во секоја земја има право и го користи тоа право на оние што се на власта да ги користи нивните грешки и не е должна да му обезбедува кворум. И, ако една влада има над 61 пратеник кои ја поддржуваат да се избере таа влада, а го нема тој број на пратеници за да изгласа Устав, закон, тука е проблемот. Бидејќи вие ако ја поддржувате таа Влада право вие морате и на таа Влада да и обезбедите кворум, а за кворумот не се виновни никој друг, освен оние што ја поддржуваат таа Влада. Со самото тоа што се одложени маса седници, поради непостоење на кворум, а сите рековме дека се работи за голема сума на пари по секоја седница, дали 30-тина илјади марки, незнам точно, но таа цифра се врти, тоа значи дека оние што ја поддржуваат таа Влада и нејзините предложени закони, тие ја блокирале работата, затоа што го имаат потребниот кворум. Дали кворумот треба да биде само на денот на избирање на Владата и после тоа да немате никаква обврска, а некој што не ја поддржува оваа Влада, некој што не го поддржува законите што таа влада сака да ги донесе или одредбите на таа Влада, дека мора да биде присутен во Собранието. Вие знаете, ние бевме во Собранието, не бевме во салата, тоа е демократски начин. Јас мислам дека има еден спикер во Собранието и се извинувам претседателе, мислев во добра конотација, не мислев ништо лошо. Бидејќи цело време еден од наводите во интерпелацијата е донесување на закони без потребен кворум, а бидејќи немавме добри одбрани од оние што мислеа дека го бранат актуелниот претседател на Собранието, нас ни се префрлаше дека сме биле тука, а не сме биле внатре и поради нас немало кворум. Тоа ни беше и целта да докажеме дека вие немате квалификуван кворум за работа, и целта ни беше да докажеме и покрај тоа што немаше доволен број на пратеници во салата, битни закони кои што се во функција имаат правна важност, беа донесувани. Ние ги приложивме записниците, а вие можете да затворите очи пред нашите аргументи, но тоа се аргументи. Дека некој закон е донесен со 56 гласа, со 57 итн., ние, господинот Черкезов ги презентира, а може и така и онака да се мисли по нив. По другите точки на оваа интерпелација, по несвикување на итните седници, во манипулацијата со истите, може само да го повторам што голем дел од претходните дискутанти и го кажаа. Некој тука кажа дека има голема разлика помеѓу тоа да бидеш пратеник и претседател на Собранието. Тоа е точно, има разлика во она што се вели важноста во смисла на разните бенефиции, но секаде тоа оди и со поголема одговорност. Не значи дека оној момент кога ќе бидете функционер дека немате одговорност, ни кога сте пратеник немате одговорност за она што е направено.

Од страна на други соговорници во одбраната беше кажано дека ние сме несериозни во моментите додека државата гори, додека се војува, додека имаме некои кризни состојби се бавиме со некоја неважна работа. Неважна работа било како работи претседателот на Собранието. А, ако тој претседател на Собрание е генератор на разни односи кои што доведуваат до вакви состојби, ве прашувам дали вие треба покрај вашата желба да реагираме онака како што вие ќе сакате. Бидејќи, една влада која е веќе длабоко завлезена во корупциски афери, кога е длабоко завлезена во аферата за прислушкување, поради тоа што од одредени претставници на актуелната власт имаме и конкретни признанија за инволвираност на определени структури. Да ве потсетам дел од тоа на излагањето на премиерот, иако од истиот претседател на Собранието јавно изречена афирмативно кажано дека ќе ја доведе аферата до крај, а сега гледаме дека аферата застана, бидејќи власта се лизна на она што беше доказната постапка. Ние немаме друг начин, освен некои работи да ги кажеме преку ваков веќе установен во парламентарната демократија инструмент, а тоа е инструментот интерпелацијата. Ако ние сметаме дека дел од власта, без разлика кој на кое место се наоѓа во институциите не ја врши својата работа и со тоа доведува до рушење на базата и на целиот систем на државата, дали треба според нечие мислење да не се бавиме според некои за некого

неважни прашања. Неважно е ако сметаме дека оние што ја носат власта во овој момент спрема изворите на берзата имаат стекнато имот партијата ВМРО - ДПМНЕ 91 милион и 513 илјади марки, а ДПА 31.200 илјади марки за кои што би требало да платат даноци во износ ДПМНЕ за 18 милиони и 700 илјади денари, а ДПА 6 милиони и 300 илјади денари. Дали никаков, додека вие не оцените дека можеме да разговараме за некои други теми да мора да разговараме за теми што ќе ни ги наметне определена сега позиција, ама сметајте дека секогаш позицијата може и да помине во некоја друга ситуација. Јас мислам, мојата главна забелешка е што ние го рушиме парламентарниот систем. Ние донесуваме закони по итна постапка, кои не се потребни да се по итна постапка. Да се потсетиме колку закони поминат по итна постапка. Така беше Законот за лилјаците добро обработен. Со таа работа Владата сака воопшто да не ни даде увид во нејзината работа да неможе да ги погледаме истите закони, да не можеме да се изјасниме по нив, додека многу битни теми кога ни е нападната државата, кога имаме дел од територија кој не го владееме како правна држава, кога имаме и други теми што ние ги спомнавме и кои беа причина за да побараме итна седница од ваша страна беа тотално игнорирани. И, вие наместо да ги користите законските и парламентарните норми, ја користевте силата. Со 61 пратеник вие не треба ништо да работите За една иста работа за истиот човек што до вчера бил на другата страна фрлавте дрвја и камења. Сите знаеме во овие пратенички групи какво беше мислењето за Стојан Андов до денот кога беше избран, а каков беше после. Се работи за чисто голо преживување во власта, бидејќи на сите ни е јасно дека одредени луѓе во овој состав за ова практикување на власта што веќе го покажаа треба да одговараат. Да ве потсетам малку треба да погледнеме во околината што се случи во Хрватска, што се случува во Србија и јас мислам и знам дека тоа ќе се случи и тука.

Институтот интерпелација, ние рековме дека бараме правилно за некои прашања како опозиција да ни се одговори. Ние не претендираме на наша вистина, бидејќи тоа би било од наша страна и по малку нескромно. Но, пак, неможе некој со самото тоа без да даде аргументи да каже јас имам 61, па нека направи човеков што сака, нека ја продаде државата, нека прави што сака, тој има 61 и има да прави што сака. Оној момент кога сите парламентарни механизми ќе ги уништите, кога на опозицијата не ќе и дадете право да зборува, кога не ќе дадете право да дава интерпелација, вие можете да ни ги оспорите аргументите и тоа прифаќам, но правото, тоа неможете да ни го оспорите. Оној момент кога ќе ни оспорите и други демократски права, вие сите нас не терате на улица и на друг начин на остварување на правата кој по правило би требало ние да ги решаваме тука. Што е проблем ако господинот Стојан Андов има интерпелација. Нас тука, прво, не караа зошто сме се дрзнале на еден носител на јавна функција да дадеме интерпелација. Во парламентарната демократија власта го отсликува Парламентот. Во парламентарната демократија Парламентот го бира претседателот. Во парламентарната демократија Парламентот ги бира и вие во она што се вели дел од судските органи. Ако во парламентарната демократија не работи Парламентот овие институции кои што треба да се еден столб од она што се вели делување на државата, биваат независни институции, се ставаат над државата и притоа се укинува она што се вика парламентарна демократија. Десет години таа макотрпно се право во Република Македонија и нејзиното имплементирање не е само наше, мислам наша заслуга, туку заслуга на сите што беа тука. Со неработење на Парламентот му се остава простор на некој што не е задолжен за разни прашања, суспендирајќи го Парламентот да донесува одлуки позади кои што не стои Парламентот. Значи, несвикувањето на итни седници е сериозна политичка грешка и зад тоа ние стоиме. Да не се бавиме само со тоа дали можел или пак тоа што можел и го направил. Бидејќи, ако само гледаме дека ако скршил некој норма и тоа да биде единствена причина за да се поднесе интерпелација ние го губиме политичкиот момент на една интерпелација. Ние сметаме дека со манипулациите што беа и документирани од наша страна, без разлика дали вие ќе затворите очи на овие, од наша страна, докази за ова работа, ние сметаме дека беше направена опасна политичка манипулација.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:** (Продолжение)

Моментите кога се кршат некои работи во РМ, сметаме дека и самата држава е ставена во опасност, па овој Парламент требаше да заседава. Ако некој не сакаше да излезе надвор она што сакаме да кажеме можеше да бара затворена седница. Парламентот беше должен да заземе ставови кои Владата ќе ги почитува по

однос на овие прашања, а и по други прашања Парламентот треба да заземе став до каде може Владата во разни преговори и во разни ситуации да оди.

Јас знам дека Интерпелацијата ќе помине како што ќе помине и г-динот Андов ќе биде бранет без аргументи, бидејќи ние не видовме аргументи на она што ние го кажавме до крајот ќе одлучи простата бројка само ние нашето, со оваа интерпелација, си го направивме, ние ги лоциравме проблемите, ги дадовме нашите аргументи, вие може само да не надгласате и да ја преземете одговорноста за она што се прави. Ние за тоа веќе не можеме да одговараме. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Овде е пријавен само уште господинот Флоровски.

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Сте чекале 10 саати, па можете да почекате уште 5 минути, никој нема право да ми го одземе она што сметам дека треба да го кажам и тоа треба да се изнесе и воопшто не ме изненади што од 11,00 часот дискусијата течеше во еден ваков правец, во еден ваков момент во кој се наоѓа државата, мора да се признае, деликатен и тежок каде ни треба обединување на сите здрави сили пред се македонски сили. Ова го велам како Македонец и пораката е јасна која ја праќам и не случајно таа македонска мудрост која се влече station наназад 200-300 години кога комшијата го прашал својот комшија кој ти го извади окото толку длабоко, кажал дека тоа го направил неговиот брат.

Ваквата дискусија во вакви моменти ме потсеќа токму на оваа народна мудрост, но очигледно се нема политички сенс, или се работи политичка дезориентираност во време, простор и личности господа.

Да не употребам некој потежок термин, сметам дека не е време да се препукуваме меѓу нас, туку да се здружиме и да ја сочуваме македонската држава со сите здрави македонски сили и со сите здрави останати сили кои и мислат добро на македонската држава, без да двојам некоја националност на страна. Значи, говорам за здрави сили во македонската држава.

Но, немањето на политички сенс или чувство може би е личен проблем на одредени наредбодатели и тие што го презентираат тоа што го презентираат овие десетина саати, а имавме што да слушнеме, а најмалку лично слушнав аргументирани, документирани, како што некои кажаа, затоа што мене како Флоровски воопшто не ме убедија дека тоа се аргументирани.

Господа, правевте паралела со интерпелацијата од 1993 година, јас не сум потписник на таа интерпелација, но активно учествував во таа интерпелација, истиот господин Андов стоеше зад мене и ние како политички субјект тогаш не баравме да излезе, едноставно сакавме тука да биде зад нас и да ги слуша нашите ставови што е тоа што ние го сметаме дека еве на некој начин не него работи добро и работи, што е најбитно, спротивно на деловникот на Собранието.

Тогаш СДСМ, денеска не ги слушам освен еден или двајца дискутанти, беа на страната на г-динот Андов, ние бевме на спротивната страна и се случи она што се случи по пат на гласање не успеавме во нашите намери и тука нема лутење. Сега не треба да се лутите ако мнозинството му даде поддршка. Впрочем, овде треба да се слушне гласот на мнозинството, а тоа е 61 глас. Секоја демократска држава работи на тој принцип и ние како демократска држава која веќе 11 години чекори по тој пат, го прифаќаме тој принцип. Ако може да понудите нешто ново, нешто што е подобро би го прифатиле, тоа што е во интерес на македонската држава.

Велите дека се лутите на она што некои наши пратеници она што како интерпелација го понудивте, го квалификувате како несериозно, несоодветно. Тоа се ставови на пратеници, тука нема што да се лутите, тоа е парламентарната борба да се прифати она што го презентирате или да се одбие, на ваков или онаков начин. Таквите квалификации кои ги дадоа не се толку страшни ако веќе чувствуваат дека тоа е така. Јас повеќе имам чувство дека вие сте надредени во вокабуларот на одредени наши пратеници отколку во вистинитоста на вашите аргументи. Јас такво чувство носам во себе, можеби грешам, ако грешам претпоставувам дека ќе ме исправите и повторно тука нема лутење. Тоа е политичката борба која ја водиме овде и добро е што ја водиме овде, што не ја водиме на улица, како што некој спомна, дека може да се случи да се води на улица. Впрочем, во Парламентот треба да се водат битките на мислења и спротивставени ставови. Ако веќе се префрлиме на улица ќе биде многу лоша работа и за едни и за други. Нормално, говорам за тие што ја спомнаа улицата како можна варијанта на решение кое никој нормален не го посакува.

Еден од главните аргументи, колку што успеав да фатам некои секвенции од говорниците на ВМРО - ВМРО дека многу битни закони, а за мене сите закони се битни и нема градација на закони. Значи, нема закон од помало или повисоко значење. Сите мора да се донесат со 61 глас и тоа ние го почитувавме. Обвинувањата дека многу од законите не се донесуваат со квалификувано мнозинство воопшто не држи, затоа што многу пати кога гласавме, а бројката беше на работ на кворум, г-динот Андов инсистираше на пребројување по пат на гласање со рака. Тоа е факт кој сите можат да го потврдат.

Таквите обвинувања мислам дека воопшто не држат вода, иако и целокупниот материјал кој го понудивте воопшто не држи вода, говорам за овие моменти без да ви се одземе правото да поднесете интерпелација. Тоа е право на секоја пратеничка група и од тоа нема бегање. Значи, тоа право никој не ви го оспорува, ниту сум слушнал некој од пратениците од ВМРО - ДПМНЕ, а и никој друг од оние што се пријавија дека тоа право ви се оспорува. Немаме право на тоа и не е добро да се оспорува, впрочем, тоа е она што го градиме како демократски процес.

(Реакција од страна на пратениците).

Да ве послушам, претпоставувам дека ви се брза, а и мене ми се брза, еве тука би прекинал, се надевам дека никого не навредив за да му дадам можност за реплика. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Флоровски.

Господинот Ристовски бара реплика.

**НЕНАД РИСТОВСКИ:**

Ќе бидам краток, би саскал да на г-динот Флоровски му одговорам на некои работи што веројатно не ги слушнал.

Бидејќи пријатно сум изненаден од самото изјавување по одредени прашања од г-динто Флоровски, веројатно не ме разбрал во тоа што кога ја спомнав уличната борба. Кога ја спомнав уличната борба јас не ја заговарав истата, само реков ако се уништат сите механизми на парламентарната демократија за да може опозицијата да го каже она што го мисли, ако не може да ги користи системите која истата и ги дава на располагање, ако сме блокирани во медиумите, нам не ни останува никаков друг начин на парламентарна борба освен вон Парламентот. Тоа го кажав и јас би сакал целата денешна интерпелација да се сфати во таа насока.

Ние во однос на некои прашања дадовме аргументи, вие може да ги прифатите, може да ги одбиете, а може да ги надгласате. И тоа е демократија. Сепак се сметаме одговорни за состојбите во земјата, имаме право по одредени состојби да ги кажеме нашите мислења. Јас реагирав наместо со аргументи, она што беа факти, тука ни се одговори со дезавулација, со некои сосема други теми и воопшто не добивме одговор на нашите и затоа сметаме дека интерпелацијата за нас е успешна и ние ги докажавме наодите дека не постојат морални и политички основи истиот претседавач да опстане, но бидејќи парламентарната демократија значи бројка, ние тоа ќе го прифатиме ако вие го изгласате. Така што не ми се лутете ако кажуваме нешто што не ви одговара.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам, нема повеќе пријавени.

Го заклучувам претресот.

Молам, повикајте ги пратениците да влезат во салата да преминеме на гласање.

Ве молам да продолжиме.

Ве потсетувам дека за интерпелацијата да биде усвоена Собранието одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Интерпелацијата за работата на претседателот на Собранието на Република Македонија ја ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 87 пратеници, гласале 80, од кои 22 пратеници гласале за, 2 пратеници гласале воздржано, 56 пратеници гласале против.

(Гласањето беше пропратено со аплауз).

Според тоа констатирам дека Собранието не ја прифати интерпелацијата за работата на претседателот на Собранието на Република Македонија.

Предлагам да прекинеме сега со работа, а ќе закажеме продолжување на седницата и тоа во текот на утрешниот ден.

Ве известувам дека утре ќе закажеме кога ќе продолжиме, утре нема седница.

(Седницата прекина со работа во 22,00 часот).